# ШТО ДА СЕ ПРАВИ

## за повторно освојување на слободата

ЗБОРНИК НА ТЕКСТОВИ

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ

за повторно освојување на слободата

## ЗБОРНИК НА ТЕКСТОВИ

Што да се прави / зборник текстови

Уредник: Љубомир Д. Фрчкоски

Издавач: Здружение на граѓани Про Либерти, Портал, Либертас

Лектор: Бобан Карапејовски

Скопје, 2014 година

Тираж: 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323(497.7)"2006/14"(082)

ШТО да се прави за повторно освојување на слободата : [зборник на текстови]. - Скопје : Здружение на граѓани Про Либерти, Портал Либертас. - 150 стр. ; 24 см

ISBN 978-608-65748-0-2

а) Македонија - Внатрешна политика - Демократски аспекти - 2006-2014 - Зборници
COBISS.MK-ID 97116682

# РЕЧ ОДНАПРЕД

Трибината со наслов „ШТО ДА СЕ ПРАВИ – за повторно освојување на слободата“ беше замислена како собир на политичко пријателство за јавно добро (Ричард Рорти). Организаторите на трибината пред неа замислија високо поставени цели: во општествено-политичкиот миг кога Македонија го достигна дното ( sic ) во повеќегодишниот регрес на демократските процеси и на системско суспендирање на уставниот поредок и граѓанските слободи и права, да понуди слободномислечки идеи за изнаоѓање форми на граѓански отпор против исчезнувањето на македонскиот демократски проект.

Како посакувана цел од трибината се очекуваше да понуди и елементи од коишто ќе произлезат стратегии на политичката и граѓанската борба за повторното освојување на слободата, демократијата и цивилноста на нашето општество. На трибината која се одржа на 3-ти јули 2014 година во Скопје јавно говореа повеќе од 30 истакнати интелектуалци, новинари и активисти од невладиниот сектор, а овој Зборник содржи 18 текстуални прилози и есеи во кои се документирани политичките размисли на учесниците , нивните анализи и идеи за формите на политичката борба за повторно востановување на слободата и демократијата.

Скопје, Октомври 2014

# СОДРЖИНА


Љубомир Д. Фрчкоски
КОГА ДРЖАВАТА СТАНУВА ЛОГОР 7

Ѓунер Исмаил
ШТО ДА СЕ ПРАВИ? 17

Мирослав Грчев
ВО БОРБА ЗА ПОВТОРНО ОСВОЈУВАЊЕ
НА СЛОБОДАТА 23

Бранко Тричковски
ДЕВМРОВИЗАЦИЈА 37

Роберт Алаѓозовски
СЕЧЕЊЕ НА ТЕТИВАТА 43

Искра Гешоска
СОЗДАВАЈЌИ ЈА ПРАЗНИНАТА –
ПОЛИТИЧКА КОНФРОНТАЦИЈА
СО УМЕТНИЧКА ИМАГИНАЦИЈА 53

Елена Михајлова
ВИСТИНСКИТЕ
„СЛОБОДНИ ЗОНИ“ 67

Никола Гелевски
ШТО ДА СЕ ПРАВИ?
ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО 75

Ерол Ризаов
НЕМА СЛОБОДА БЕЗ
ОГРАНИЧЕНА ВЛАСТ 85

Бојан Иванов
БЕЛЕШКИ ЗА КУЛТУРАТА, ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗА ДИСЦИПЛИНАРНИТЕ ФОРМИ НА ТВОРЕШТВОТО И НА ЗНАЕЊЕТО... ВО ОВДЕШНОСТА 93

Златко Теодосиевски
НИШТО! 101

Бранко Героски
ШТО ПОДАЛЕКУ ОД КАНЏИТЕ НА ПОПУЛИЗМОТ! 111

Мерсел Биљали
СОСТОЈБИТЕ СО ИНСТИТУЦИИТЕ 121

Дане Талески
СИНЏИРИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ РАСКИНАТ 129

Рамадан Рамадани
ОТПОР СО ОТВОР ЗА ИНКЛУЗИВНОСТА 135

Марјан Забрчанец
КОНСОЛИДАЦИЈА НАМЕСТО СУЕТИ 143

Кочо Андоновски
ТОЧКА НА ТОПЕЊЕ - НАМЕСТО БУРЕ БАРУТ 149

Џељо Хоџиќ
ОПОЗИЦИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ 155

# ШТО ДА СЕ

Слободата
освојување на
за повторно

# ПРАВИ

Љубомир Д. Фрчкоски

# КОГА ДРЖАВАТА СТАНУВА ЛОГОР

*Или за македонската биополитика*

## I

Сутуацијата во која навлезе Македонија во 20-тите години на транзицијата кон демократија е – ДЕВОЛУЦИЈА, остар свиок назад кон диктатура (од видот на авторитарен популизам - диктатура што ја користи изборната фасада за затскривање и операција на системот заснован, во основа, на самовластие на партиската олигархија со укинување на правната држава) .

Зошто и како можеше да се случи тоа? – е секојдневното прашање што си го поставуваме? Како од тој авторитарен свиок ќе одиме натаму во повторно освојување на слободата и уставната демократија? – е потешкото прашање што ни следува?

Оваа ситуација во Македонија се толерира на скандалозен начин од нашите меѓународни пријатели, кои се опседнати со „безбедносната парадигма" – имено, во Македонија има меѓуетничка коалиција на власт, која, како и да е составена и

од кои и да е мотиви да функционира – испорачува површен МИР – другото е прашање од второстепен интерес.

Прашањата на демократијата, човековите слободи и права и владеењето на правото безутешно ни се оставени НАМ, на македонските граѓани (што и да значи тоа), и на нашето искуство во борбата за нив – имено, за нашата уставна демократија. Од меѓународната заедница може да очекуваме реакција само доколку ја ставиме во позиција да мора да реагира поради нашата стратегија на борба. Таа нема да предизвика промени од неа самата. Што сумарно значи дека во Македонија ќе биде ПОЛОШО – пред евентуално да стане ПОДОБРО! Оттаму, и во тие рамки, ќе ги изложам констатациите за карактерот на режимот и основите за борба со него за враќање на слободата и на уставната демократија!

Македонската варијанта на авторитарниот популизам се конституира преку создавање и засилување на партија што има претензија да се претставува како суштествен израз на македонскиот народ, кој е под опсада, под закана однадвор и однатре. Партијата ДПМНЕ се претвора во некаква „одбранбена формација“ на загрозениот народ и бара од него на избори да добие легитимитет, да го дефинира и да го администрира однесувањето во државата надвор и над уставните ограничувања на власта во демократијата според Уставот од 1991. Таа со насилните избори успева во добивање на таков мандат четврти пат.

**Основна алатка на оваа операција за узурпација на власта е постојаната промоција и градењето идеологија околу политички конструкт на ОРГАНСКОТО ЕДИНСТВО на народот, наместо политичкиот и идеолошкиот плурализам во демократијата. Суверенот, во нашиот случај Партијата – ги укинува сите други политички антагонизми, сите политички борби, ја укинува политиката како таква и прогласува само една – метаборба со непријателите на Македонија во органски-хомогено устроен политички простор (кон надвор со соседите, „кои сакаат да нè нема“, внатре со предавниците, кои нè слабеат со либералните идеи за слобода и права) .**

**Узурпаторот** на демократијата, партискиот лидер на ДПМНЕ – не е лидер во вистинската смисла на зборот, кој Лакан и Жижек го нарекуваат „мајстор-означувач“ (master-signifier), оној што ги дефинира работите со свој АКТ. Туку се претставува како СЛУГА на есенцијалниот органски Македонец. Тој му служи на органското единство на народот и него го штити од внатрешните и од надворешните конспирации. Оттаму ја црпи моќта со која ја укинува демократијата и плурализмот, ги гази индивидуалните човекови права и ги укинува независните институции на системот.

Всушност, тој го **укинува политичкото**, неговата автентична антагонистичка плуралност на интересите, и го заменува со една суперборба, метапротивречност, супервојна на Македонецот против непријателите внатре и надвор (таа лакрдија завршува, секако, на судир на Македонецот со себе). Така настанува, всушност, **милитаризација на политичкото**, во кое секое индивидуално право може да биде жртвувано во секој момент на олтарот на татковината, за измисленото органско единство и благосостојба на нацијата. Тотален Господар и тотална политика можни се само во овој простор на метаполитиката, со една единствена метаборба (тоа е онаа, позната од литературата, „естетизација на политичкото“, која ја прави фашизмот: воспоставување на нов органски поредок, кој ја укинува модерната индивидуалност).

Последица е тоа што нашето граѓанство е УКИНАТО – забрането, и ние сме сведени на **хомосакери** (Г.Агамбен) во состојба на водење **гол живот** (bare life). Ние сме луѓе што се лишени од нивните граѓански права и принудени на живот што не е, всушност, човечки, но само изгледа дека е. Ние сме само хумус за нацијата, која е, пак, неисцрпен извор на неограничена моќ на Партијата (всушност, се сведува на лидерот). Таа ни воспоставува шмитовска сувереност – постојана политичка криза и постојана вонредна состојба.

Дефиниција на вонредната состојба што ја утврдува суверенот е во тоа што – **правото е укинато** и сведено на АДМИНИСТРИРАЊЕ со хаосот, простор настанат со неговото исчезнување. Во авторитарниот популизам нема право

(регули засновани на вредносни постулати и принципи што се постојани и неменливи, какви што се: човековите права, слободата, поделената власт, правдата и сл.) – туку сѐ се администрира со волунтаристичко толкување и менување на законите од администрацијата, имено, Партијата што ја запоседнала. **Значи, на парадоксален начин се одржува кулиса на „правен поредок“ преку негова суспензија?!**

Во таквата состојба, која сите ја сведочиме во Македонија преку низа примери (позицијата на Уставниот суд, на целото судство, на Парламентот и на поделената власт, на независноста на медиумите итн.) – сѐ е возможно и сѐ е забрането. Ништо не е предвидливо, освен дека конечно за сѐ ќе одлучи – суверенот, партијата.

Внимавајте на една посебна одлика во хаосот што се администрира од диктатурата, имено, експлозијата на бесмислено н**асилство и омраза**. Тие стануваат присутни во формата што Жижек ја нарекува ИД-ЗЛО: нефункционална суровост, бесмислено насилство за банални спорови, омраза кон „другиот“, која нема причини, ниту е предизвикана со што и да е?! Зло и насилство што е структурирано од најтемелните несублимирани фантазми за уживањето во целоста на нацијата, која е нарушена – тоа е реториката на диктатурата, која, стимулирајќи го да се излезе по улиците и во нашите домови - потоа го администрира и со тоа воспоставува и ја одржува хегемонијата во политиката (Ернесто Лакло).

Тоа е дефиниција на состојба што, теоретски и практично, се нарекува „диктатура базирана на биополитичка поделба во животот на граѓаните и негово сведување на **гол-живот** (bare life), ослободен од сите права што му припаѓаат и од достоинството на граѓаните“. Тоа е македонската држава претворена во ЛОГОР и македонскиот граѓанин како **хомосакер** во неа.

Прашањето за борба со ваквата авторитарна структура е на дневен ред! Како да се борите низ институциите – кои тоа не се? Како да се борите со право и со процедури – кои се за „подигравка“ на власта? Таа борба е осудена на пораз и на молење милост, каква што, впрочем, Узурпаторот деновиве

ни ја понуди: ќе и понудиме пакет-мерки на опозицијата за да ја извлечеме од калта, бидејќи ни е потребна каква-таква опозиција! Ним им е потребна, да, каква-таква опозиција за одржување на провизориумот на бараките на логорот-Македонија, но каква опозиција нам ни е потребна?

## II

Потенцијално, ние сме оставени сами со нашиот народ. Народот не можеме да го менуваме, но инструментите на узурпација и манипулација можеме да се обидеме да ги урнеме.

Почеток на таквата борба (ни нуди Ален Бадиу и Ѓиорго Агамбен со тезата за) е ИНОПЕРАТИВНОСТ кон ПРАВОТО и кон институциите, заедно со (ние би додале) – поврзувањето на островите на автономијата во копно на новоосвоената слобода.

Инооперативноста е начело на акција на оспорување на правото и на институциите на диктатурата и еманципација на отпорот против нејзиниот позитивитет. АКЦИЈА на себеисклучување од меинстримот на комуникацијата, која се препознава како поробувачки – празна. Таа се води од инструкциите на апостол Павле до ранохристијаните околу односот кон римското право, кое ги тормози и ги убива: не кршете го, но игнорирајте го – тоа не е наше право. Бидете рамнодушни кон него.

Инооперативноста е акција што не конструира алтернатива на институции на диктатурата, туку нив ги става во процес на активно негирање, одречување на нивниот позитивитет – вистината. Тоа го прави низ практиката на комуникација „за слобода“ и говорење „како треба да биде“, говорење на вистината. **Да се говори вистината е доволно револуционерно**! Да се практикува комуникација низ вистината е доволна акција на револуционерно оспорување, негативитет. Тоа е уривање на институциите на провизориумот, на лагата на диктатурата. Тоа е основа на

обновата на партиципативната демократија и на слободната делиберација во нејзината основа.

Оваа наша трибина е таков еден остров на делиберација, кој чека да биде поврзан, да биде изречен, да биде вграден во темелот на негативитетот, кој оспорува и гради .

Затоа, кога се зборува за ДИЈАЛОГ со диктатурата, не станува збор за вистински дијалог. Таков не може да постои со основите на кои таа почива и нејзините субјекти. Постои само ПРЕГОВАРАЊЕ со тие ентитети за создавање лостови на притисок однадвор кон диктатурата, за нејзино ограничување, за освојување на помал притисок кон островите на слободниот дијалог за кои зборуваме. За нивно ослободување од заканите и од исчезнувањето што им се подготвува во перманентната политичка криза на диктатурата, нејзината постојана вонредна состојба. (Така, и единствено така може да се разберат разните „преговарачки сеанси" што опозицијата денес воопшто може да ги води со институциите на диктатурата, под надворешен притисок како помош).

Во организација на отпорот мораме да ја избегнеме стапицата што Мишел Фуко ја опиша во Надзор и казна и првиот дел од Историја на сексуалноста уште во 1979, имено, дека отпорот во форма, па и содржина, го одредува и се самоодредува во согласност со моделот на репресијата. Дека моќта и отпорот се во некаква смртоносна прегратка, споени заедно. **Во таа смисла, нема репресија без неа –својствен отпор како негатив!**

**Ние не смееме да станеме таков отпор, кој го креира репресијата на нашата примитивна диктатура како своја негација: некаков контра-Грујо-отпор, определен со груевистичките примитивни матрици на репресија!**

**Тука партиската опозиција е поограничена и просторот ѝ е постеснет, но граѓанскиот радикален фронт на отпорот треба да ги ЗАОБИКОЛИ структурите на репресијата, а не да се формира како отпечаток (негатив) од нив. Внимавајте, Џудит Батлер (The Psychic life of Power, 1997) предупредува дека репресивниот закон не притиска**

**врз либидото на опозицијата однадвор, туку со време тој станува либидална активност на самата опозиција, се „повнатрешнува“! Таа функиционира како идеален негатив на позитивитетот на моќта – власта, и со тоа двоецот станува совршен, несоборлив !**

**Ова го сметам за клучно место во промислување на стратегиите на отпорот.**

**Нашата** борба истовремено не смее да биде составена од „невозможни“ проекти, кои се, всушност, поставени за да бидат отфрлени. Барањата и практиката не смеат да бидат во логиката на: барам да го направите тоа, но, всушност, барам тоа да не го направите, бидејќи тоа не е – ТОА! Ричард Рорти и Валтер Бенџамин за таквите практики велат дека се поставени под **превезот на радикалноста** – тие, всушност, идеално се вклопуваат во секојдневјето на моќта. Толку се апсурдни што ја потврдуваат и ја побаруваат рационалната интервенција на моќта во нивното отфрлање. Играјќи на темпоралните, временски мали провали на невозможна политизација, радикалност, тие акции го содржат семето на неуспехот и конечно се повлекуваат пред поредокот (и него индиректно го засилуваат). Таквото барање е токму погоре опишаната посакувана „негација, негативитет“ на власта. Тие остануваат во рамките на хистеричните апели упатени кон власта-господарот, всушност, да ги отфрли и да воведе ред.

Ние, исто така, нема свесно да прифатиме самомаргинализација на отпорот сведен само на КОНТРАКУЛТУРА (која, инаку, ја обожавам). Врежување со контракултурни практики – секако, ДА – но, ние треба да бидеме подготвени за (она што Лакан го нарекува Pasage a L’acte) прифаќање на консеквенциите на сопствените барања каде и да водат тие. Во рушење на режимот до последен камен – дотаму. Ние треба да имаме безусловна волја за преземање на одговорноста за тој пат на нововтемелување на демократијата (претворање на вистината во битие, Жижек) .

ДебататаштодолгоседводимеѓулевицатавоОкупирајго.... за односите на т.н. **стратегиски политики** со порадикалните **преобразувачки политики (pre-figurative)** треба да се

имаат на ум и кај нас за да не отвораме отворени врати! Имено, стратегиските политики што се карактеризираат со тенденција ДА СЕ МЕНУВА постојното во правец на реформи се посоответни (а, не антагонистички) на партиските актери во политиката (дури и да им се јасни револуционерните потреби од деконструирање на целиот систем, како кај нас). Но, тие треба да се ВМРЕЖАТ со порадикалните политики на менување ОД ТЕМЕЛ на позицијата на граѓанската субјективност во политичкиот систем и политиката како и со развој на алтернативни самоизолирачки радикални практики на алтернативните живеења. Конечната цел, секако, е деконструкција на авторитарниот популизам, кој е пречка на таквата перспектива на освојување на слободата .

**Позицијата на левицата** како универзална е единствено можна со прифаќање на радикално антагонистичкиот карактер на политичкото (дефинитивно откажување од нарациите за метаборбата и метаполитиката) . Прифаќање на нужноста од **заземање страна**, позиција – за која ќе се бори, тоа е единствениот начин да се биде вистински УНИВЕРЗАЛЕН.

Бидејќи се судираме со етнонационалистичка органскост на лидерството – се судираме со неговата „реторика на нацијата и грижата – нејзината одбраната“. Тоа нè става во позиција да ни се чини дека секој напад врз него е напад врз сопствената најсуштествена националност.

Што ја зголемува нервозата и обвинувањата за „предавствата“, како постојани хоризонти на либералните позиции и на левицата! Тоа е цена на судирот со овој режим, имено, не треба да се повлечеме пред таа непријатност. Треба да ги урнеме КУЛИСИТЕ на таа узурпаторска нарација без страв и чувство на вина!

Од аспект на т.н. „стратегиска политика“ веројатно демонтажата на ваквиот систем реално, институционално треба да почне со преторијанско инсталирање на нов начин на создавање ВЛАДИ во Македонија (според ликот на онаа во Швајцарија, како пригодно). Имено, секогаш **Голема коалиција** – како правило, дефинирано во детали со закон – ќе

ја обессили партиската хегемонија и влијанието врз секторите што во правната држава мораат да бидат независни. И која ќе создаде пат за партиципативна, инклузивна демократија, делибертивни линии на влијание: одоздола нагоре во политичкиот сектор .

Тоа, пак, во поширокото општество структурално ќе го отвори просторот за реставрација на граѓанските иницијативи (лишувајќи ги првично од жестокиот притисок на кој се изложени сега) и на автономноста на граѓанственоста и ќе ја поттикне политичката култура на одбрана и чувствување на човековите индивидуални права КАКО СВОИ и вредни .


за повторно
освојување на
слободата

Ѓунер Исмаил

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ?

## Прилог

Ако долго време, а осум години и не се така малку, се соочуваме со вакво прашање, а без видливо ефикасен одговор, можеби најпрво треба да си поставиме една серија нови прашања. На пример: **Како ни се случи сето ова**? **Што сторивме за Злото да почне да ни ги тркала животите по удолницата на чиј крај е бездна**? **Што правевме во меѓувреме за да го забавиме, та дури и да го спречиме пропаѓањето**? **Добро ли правевме, лошо ли правевме, недоволно ли?**

Или, ако билансот на состојбите е таков каков што недвосмислено го утврдуваме и го констатираме со епитетите: авторитарен, тоталитарен, диктатура, криминален, уништувачки, итн., тогаш неопходно е, покрај она што би било непосредна политичка или, поточно, граѓанска акција за ослободување на земјата, и постојано (пре)испитување на минатото, барем до оној момент кога оваа земја стана и

формално независна. Свеста за тоа кои сме не може да се одвои од свеста за тоа кои и какви бевме во кратката временска отсечка од дваесетина години. Вклучително и каде сме биле и на каде одиме.

Најнапред, само како констатација, јасно е дека земјата, а и ние, нејзините граѓани, веќе не сме само заталкани на некој погрешен пат на чиј крај, сепак, има излез, туку тој излез, во нашиов случај, е само бездна, или некаков „Криволак“, раширен на сите дваесет и пет илјади квадратни километри. Притоа, најпогрешно ќе биде ако ги послушаме оние што ќе нѐ советуваат „да го баталиме минатото и да гледаме напред“, затоа што станува збор или за неуки полуинтелигенти, или, пак, за провинциски итромани, кои мислат дека матните ситуации за нив се идеална средина и дека што и да се случува, Тие ќе се „снајдат“. Едноставно, не станува збор, во историјата, а и во современото позната, за состојба во која државите упаѓаат поради вакви-онакви причини и, соодветно, политичките елити, институциите насетуваат, осознаваат дека „нешто не е во ред“, па со помош на корективните механизми на демократијата („...демократијата е моќна да се справи со сите скршнувања на политичките елити...“, велеше еден странски дипломат стациониран во Скопје, токму во моментот кога во Собранието еден пратеник беше фатил за гуша една пратеничка!) исправаат, поправаат.

Овдека, еве еден од нужните одговори: станува збор за спрега во чиј концепт на владеење иднината е смислена како вечно владеење („со раце, со нозе“), бидејќи ќе срушат сѐ и ќе воспостават „ново“ (историја, образование, култура, институции, вредности, „народ“), кое ќе им гарантира вечно седење на власт со помош на „нивниот модел на демократија“. А, ако „не успее планот “, сосема се безгрижни, бидејќи, барем таква е рецептурата на сите диктатури, сите излезни патишта (бегство, и тоа привремено) им се обезбедени, а и враќањето! Дали поради милијардите, дали поради познавањето на идното милје со кое би се тргувало, седно, полусветот размислува така и тоа не треба да се губи од вид при конципирањето на идните патишта на ослободувањето и отворањето на

(болниот) процес на македонската денацификација. Да, токму така, денацификација. И секој оној што мисли да ја ослободува земјата, овој процес мора да го има на ум, затоа што главниот проблем на диктатурата не е само пљачкосувањето, осиромашувањето, рушењето на институциите, бесмислените градби, туку инжинерингот преку кој општеството длабоко се инфицира. **Затоа, тој зафат на дезинфицирање мора да се изведе. Опозицијата, ако нема намера да се зафати со ова, нека биде подготвена многу брзо да си замине од политичката сцена и тоа посрамотена**.

Македонија во водите на независноста влета како резултат на нужноста создадена од околностите на распаѓањето на федералната држава, а вклучително и на распаѓањето на социјалистичкиот модел во светски рамки. Нашиот модел на социјализам, колку и да беше „поинаков“, сепак, новиот амбиент создаден на територијата не само на бившата држава туку и пошироко, налагаше, освен независноста, да биде одбран и новиот модел на уредување, кој подразбираше не само нормативно преуредување туку и редица потези, особено во сферата на располагањето со ресурсите или, поточно, во економскиот модел потпрен врз поинакви постулати, во смисла на сопственоста и на управувањето. А, тоа во почетокот на деведесеттите беше неолибералниот модел, а динамиката на приближување до него наложи тотална либерализација, неправедна доприватизација на она што и во поранешната држава, како резултат на очајничките обиди за „реформи“, беше започнато, а сето тоа покриено со нов уставно-правен амбиент, но и со премало разбирање/свест на институциите (луѓето во нив особено!) за тоа што значат сите оние, дотогаш во голема мера апстрактни категории, какви што се парламентаризам, мултипартизам, светост на приватната сопственост, универзални права и слободи, слобода на медиуми, итн., итн. Вклучително и тоа дека новоиспилените политички елити (партии), како која, се разбира, во нивната колективна свест имаа сосема нејасна претстава за тоа што ќе се случува точно во иднина. Типична „транзиција“, со сите нишани, со тоа што неолибералниот

модел во неговото родно место – „Западот“ – пред нецела деценија крахираше (некои велат дека крахот бил особено изразен на етички план) поради многуте слабости на моделот на либералната економија воопшто, а во случајов и поради лидерството на разно-разни матрапази, во ликот на берзански гуруа, и нивната спрега со корпорациските, но и со политичките лидери. Но, ако неолиберализмот ги роди „копилињата“ на капитализмот (дијагноза со која „тамошниот свет“ секогаш кога општеството запаѓа во неволи си ја мие совеста, персонализирајќи ја вината!), тогаш транзицијата кај поранешните комунистички-социјалистички држави ги роди своите копилиња, т.н. „копилиња на транзицијата“, од кои некои и денес управуваат со државите – или сами или, пак, преку нивни екстензии – што е огромна закана за вредностите на новиот свет, колку и сѐ уште да ги поимаме тие вредности како недофатливи апстракции.

Имено, ако „лошите“ на Западот завршуваат таму каде што им е местото, што е некаков стандард во светот во кој на правдата некои сетила сѐ уште не ѝ се затапени и каде што демократијата сѐ уште ја има апсорпциската моќ да се справи со секакви скршнувања, на „Истокот“ нема ништо од сета таа приказна. Токму спротивното. Западот, при инсталирањето (експанзијата!) на моделот, кон „Исток“ особено, се послужи со секој оној што беше виден како некој што може да испорача некаков, разбирливо, само инстант-резултат, а за последиците секако ќе се размислува „утре“. Та, така, наместо општества што ќе застанат на цврсти темели (уставно-правна заокруженост со институции што се цврсти и што функционираат, амбиент на гарантирана правда, слобода, одговорност при располагањето со јавните ресурси, социјална правда, мир), се создадоа творби за кои оцената „скапани држави“ можеби е груба, ама е најблиска.

Советскиот Сојуз дестилираше една серија „султанистани“, а самото јадро – Русија, што е историско наследство од охранашките времиња, остана во рацете на подземната структура на „службите“, (от)секогаш невидлива, и на нивната појавна форма, какви што се: олигарсите, политичките

елити и како тоа веќе е разработено во рецептурата за „транзитирање“. Во остатокот на комунистичкиот блок на дело се или еклатантни диктатури, како во Белорусија, или, пак, (привидни) демократии, та дури и членки, или, пак, сериозни аспиранти за/на „западните алијанси“. Затоа си имаме Лукашенка, Орбани, но и Груевци!

Тука лежи, приближно, само еден дел од одговорите за тоа како можеше да ни се случи и ние да сме „во тренд“ и да си имаме, безмалку, оригинален модел на тоталитарно општество, со сите нишани. Во (бело)светските надитрувања, делења и цртања карти, клоцања под маса, Македонија (сиракот од разно-разни Букурешти, Версаи, како што милуваат да ја нарекуваат патетичните кафеански мудреци) одлично „не се снајде“, како прво, а, како второ, ниту, пак, креаторите на „новиот еднополарен свет“ не мислеа дека некој што не може да произведе ниту една сериозна внатрешна војна е нешто со кое ќе треба да се занимаваат посуштински. Освен, нели, воспоставувањето структура што ќе може да го контролира подрачјето до ниво на елементарна проодност за „стоки, луѓе и услуги“ и толку. А, внатре? Внатре нека си се препелкаат толку и така колку што ќе им „сече умот“. Што ќе си произведат како Власт, соодветна и доволно квалитетна за исполнување на обврски кон надвор, тоа и ќе си добијат. Слободниот свет во таа смисла не се занимава со квалитетот на нашите животи, бидејќи ние не сме нивни гласачи и најдалеку што можеме да стасаме се нивните предградија од каде што ќе ги сервисираме нивните градови. Грешка, кусогледост, сеедно, бидејќи, ако денес во терористичките ефективи само на Блискиот и Средниот Исток активно се борат повеќе од 2000 поранешни очајници, а денес „терористи“, утре нивниот број може да биде поголем, но, сепак, совладлив, соодветно на претераната самоувереност на моќните. А, всушност, Слободниот свет дури денес еклатантно дознава дека „тероризмот е само појавна форма на очајот“, а производството на очајници е токму специјалност на режимите што, до пред некој ден, „испорачуваа – инстант“! Како нашиот, на пример...

(прилогот е дел од поголем текст)

# ШТО
# ДА СЕ
# АВИ

за повторно
освојување на
слободата

Мирослав Грчев

# ВО БОРБА ЗА ПОВТОРНО ОСВОЈУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА

## Што ни се случува

Опишувајќи го злото што во Македонија се случува последниве осум години, човек сфаќа дека власта на Груевски и ДПМНЕ предизвикала вкупен колапс на цивилизацијата и на културата во земјата. Најзлокобна последица на овој колапс е инверзијата или изопачувањето на вредносните системи во општеството. Токму во областа на вредносните системи, достигнати се митолошките димензии на злото, бидејќи во другите области на животот – што поради апатичноста на опозицијата, а што поради непотребноста на бруталните репресии – злото е покриено со тривијалностите на секојдневието. Нашиот најголем општествен проблем е, значи, инверзијата што ја изврши груевистичкиот режим: се воспостави лага наместо вистина, зло наместо добро, грдо наместо убаво. Дополнителен проблем на оваа дијагноза (первертирањето на сите етички, естетички и политички вредносни системи), е што таа се однесува на

една веќе стабилна и одамна инсталирана „нормалност“. Во таа „нормалност“ сите општествени вредносни селективни матрици се изопачени, т.е. ги фаворизираат криминалот, корупцијата, некомпетентноста, биготизмот, партизацијата, клиентелизмот, корпоративизмот, етноцентризмот, расизмот, шовинизмот, сексизмот и, практично, сите други негативни цивилизациски опачини.

## Што претставува „Скопје 2014“

Во создавањето идејни основи за да се порази злото на груевистичкиот режим, особено место има разбирањето на проблемот на таканаречениот владин проект „Скопје 2014“. Важно е да се сфати широчината и длабочината на неговите последици, зашто тој не ја оштетува само нашата физичка стварност туку ги суспендира и уставноста и правната држава, ги урива вредносните системи во културата, ја кривоколчи националната историја и ги поместува темелните камења на нашиот национален идентитет. Тој проект треба да се разгледува како политички манифест со кој партијата на власт го суспендира досегашниот развој и го воспоставува самовластието на автократот што ги донесува сите политички, но и урбанистички, архитектонски и споменички одлуки. За да го спроведе незаконскиот проект во слава на својата тоталитарна власт, Груевски ги наведе на криминал Владата, Градот Скопје, Општината Центар, државните инспекторати, јавното обвинителство, практично сите извршни органи на централната и на локалната власт, потоа Собранието на РМ, судската власт и, на крајот, Уставниот суд. Сите институции на системот се самопоништија од аспект на нивната уставна улога учествувајќи во реализацијата на „Скопје 2014“, било тоа да е со активно кршење на законите и на Уставот, било да е тоа со нечинење и молк.

Ова самовластие се изведува како вид културно-политички инженеринг, кој сака да ги промени идентитетот на нацијата и нејзината историја, воспоставувајќи неуставна власт, која го држи во потчинетост некогаш слободното

граѓанско општество. „Скопје 2014“ е најочебијниот симптом за досега најсериозната криза на македонското општество.

## Промена на идентитетот и декултурација

Во психолошка смисла, идентитетот е самопрепознавање и самодефинирање, кое е структурен услов за континуитет на личноста и начин на нејзино постоење. Ако колективниот идентитет е некој вид заеднички именител на индивидуалните идентитетски самочувства, тогаш се разбира дека насилното и произволно менување на националниот идентитет неизбежно предизвикува распаѓање или егзистенцијален дисконтинуитет на општеството. Македонската држава и култура се изградени по Втората светска војна преку автентично и модерно национално самоспознавање, врз основа на идеалите на слободата и на еднаквоста, со помош на луѓето што се нашите вистински херои – комитите и партизаните. Негирајќи го тој национален идентитет за пример, режимот на Груевски со преродбенички инженеринг успеа од македонската нација да создаде поделен, шизофренично расцепен и идентитетски конфузен болен. Од млада, здрава и широкоприфатена нација, станавме болно општество, кое го дефинираат заблудата за сопственото потекло, омразата на внатрешните поделби и паранојата со која се оградува од светот.

Најмалигниот аспект на новата антикомакедонска идентификација и нејзината икона Александар III Македонски е факторот што ја „обезбедува“ историската „веродостојност“ за ова лажирано потекло: мистичната врска меѓу крвта и земјата македонска. Оваа мистична поврзаност го сочинува ‘рбетот на темната идеологија, која некои денешни Македонци ги прави фанатично сигурни во нивното антично потекло. Крвта и земјата (Blut und Boden) се идеологија што ја потенцира врската меѓу потеклото на луѓето и територијата што (треба да) ја населуваат, зашто таа им припаѓа по „родовско и божје“ право. Оваа идеологија се појави кон крајот на 19 век како мотив на германскиот националромантизам, а подоцна стана основна супстанција на германскиот расизам, антисемитизам

и нацизам. Национализмите втемелени во концептот на крвта и земјата се најдеструктивните, зашто го форсираат смртоносниот концепт на етнички нации чија врзаност за почвата им дава „старосна предност" над другите народи и им создава илузија на лажна, но уништувачка супериорност.

Авторитарниот режим на Груевски го презема овој контаминиран ментален отпад како митолошка есенција на својата политичка агенда за повторно раѓање на македонскиот народ. За да обезбеди ова радиоактивно расистичко ѓубре да стане фундамент на новата национална идентификација на Македонците, власта првин со пропагандна лоботомија од мозоците на граѓаните се обиде да ја исфрли единствената автентична наследена идентификациска супстанција. Затоа мора да сфатиме дека промената на идентитетот, наметната од власта, не значи само раскинување со сопственото минато и усвојување на деструктивна расистичка идентификација туку и дисконтинуитет на свеста за сопственото постоење. Промената на идентитетот на нацијата, изведена насилно и со измама, всушност ја уништува свеста за каков било идентитет, а „преродбата" ја обезвреднува самата смисла на националната самоидентификација. Со оваа декултурација на населението тоа го губи граѓанскиот интегритет и свеста за вредноста на стекнатите права и волјата за живеење во слобода, претворајќи се во атомизирана маса на покорници.

## Груевизмот е современа форма на фашизмот

За да се обезбедат основните претпоставки за борба против злото што ни се случува, од најголема важност е да го препознаеме и да го именуваме тоа зло. Затоа мора да сфатиме дека владеењето на Груевски е современа форма на фашизам инсталирана како националистички популизам. Овој фашизоиден национализам од Македонија направи первертиран систем со суштински уништена и декоративна парламентарна демократија, со суспендирани институции на правната држава, кои власта ги одржува како маски за прикривање на нејзината тоталитарна природа. Невозможно

е да не се забележи дека во Македонија тивко се укинати човековите права и слободи, чувството на правна и економска безбедност, дека владее страв од последиците на секое јавно појавување, страв поради политичката припадност или поради јавно изречена мисла и убедување, страв од загрозување на егзистенцијата на најблиските.

Меѓутоа, неспособноста да се препознае смртоносниот амалгам на тоталитаризмот, национализмот, расизмот и популизмот како да е историска константа. Сведоците на глобалниот подем на фашизмот од првата половина на дваесеттиот век велат дека се работи за вид колективна психоза, еден вид епидемиски колапс на рационалната мисла. За оваа болест на демократијата, за овој инфаркт на општествената памет, како да не постои природна отпорност. Денешната неподготвеност на општествата на либералната демократија да ги препознаваат своите фашизми е уште понагласена, зашто денешните фашизми се мимикрични: тие ја отфрлија милитантната агресивност, нагласениот антисемитизам и препознатливите реторики и симболи на големите учители од минатото и функционираат (сè уште) во рамките на формалната парламентарна демократија, маскирајќи се со лажни флоскули од либерално-капиталистичката идеологија и со демократска фразеологија.

Препознавањето на македонскиот фашизам е можно со анализа на својствата на владеењето на режимот на Груевски. Овдешниот режим ги има својствата на класичната фашистичка тријада, која означува спрега меѓу економијата на државниот капитализам, владеењето на една партија и ултранационалистичката политичка програма. Што се однесува до првиот елемент од дефиницијата, секој знае дека со криминалното здружување на партијата на власт и државата со корпорациите „лојални“ на партијата и со уништувањето на оние што му се спротивставуваат на „обединувањето“, во Македонија е цврсто инсталиран неформален корпоратизам како политичко-економски систем. Вториот елемент од тријадата, фактичкото владеење на една партија, веќе осма година е неформална политичка реалност во Македонија,

бидејќи ДПМНЕ се однесува како да е единствената партија во парламентот и владее како мнозинството во парламентот да ѝ дава мандат неограничен од Уставот и од законите. ДПМНЕ, всушност, парламентарната демократија ја употребува само како процедурална форма, која ја полни со авторитарна недемократска содржина – диктатура на лажното мнозинство. Поради тоа во Македонија функционира неформален еднопартиски систем во кој парламентот фактички стана извршен орган на партијата на власт, додека сите други партии се присутни формално и декоративно, само како јавна легитимација на лажната демократија.

Но, дури третиот член на тријадата, ултранационализмот, е својството што му ја обезбедува на фашизмот клучната идеолошка дистинктивност. Најсуштинското својство на фашизмот му го дава идеологијата што има (контра)револуционерна форма на ултранационализам. Главното својство на оваа идеологија е што таа ги мобилизира масите со повик за спас од пропаст на нацијата и со ветување за нејзино повторно раѓање; така, она што однатре го разликува вистинскиот фашизам од парафашизмите слични на него, е токму митот за преродбата. Совпаѓањето на јадрото на фашистичката идеологија со идеологијата на портокалова преродбата е поразно: Александар како централна митска личност и херојското време на античките Македонци со кои треба да се идентификуваме, т.е. со нашето директно „органско и генетско" античко македонско потекло и со супериорноста на белата македонска раса. Режимот сугерира дека неправедно е одземен и поделен македонскиот Lebensraum од страна на злите сили, при што параноидната оска на заговорот ги поврзува сите наши соседи со сите глобални велесили. И, конечно, го имаме и ветувањето за повторно раѓање на нацијата – преродбата, втемелена во реафирмацијата на историските права за етничко обединување на Македонците на нивниот историски простор.

## Уставен пуч и партизација на државата

Инсталацијата на една дистинктивно фашистичка идеологија од страна на ДПМНЕ беше можна зашто македонската држава е окупирана и приватизирана од една криминална партија, организирана како патријархална, субординациски устроена банда. ДПМНЕ го замени уставното устројство на државата со еден во суштина реликтен – но, вечно жив – патријархално-семеен модел на организација, во кој на врвот на хиерархијата е таткото, апсолутниот водач, а веднаш до него се семејството, мајката, вујкото, браќата, опкружени со роднините и, на крајот, со пријателите на семејството. Ваквата примитивна патријархална власт лесно го надвладува комплексниот еквилибриум на демократските институции на државата, поништувајќи го во целост системот на правната држава и владеењето на правото. Така, не нарушувајќи ја формалната уставна структура, ДПМНЕ извршува тивок уставен пуч, вселувајќи се во институциите и воспоставувајќи цврста и неформална пирамидална структура на семејство-партија-држава. Наместо динамична нестабилност на демократијата и самокорективна спротивставеност меѓу независните демократски институции, семејно-мафијашката устроеност ги врзува институциите со железна лојалност, „заварена“ во исполнувањето на единствената цел на власта: благосостојба на членовите на семејството. Поради тоа власта на Груевски – како и секоја семејно-партиска власт – е, по дефиниција, клептократија.

На ист начин е окупиран и партизиран и правно-судскиот систем. Тајната на злоупотребите е што на правото и на правдата им се задржува формата – судските згради, обележјата, постапките и целокупната легислатива, но им се празни хуманата содржина – логичноста, значењето на зборовите, духот на законите, здравиот разум, моралноста и човештината. Потоа, испразнетата човечка содржина на правото се исполнува со бездушна партиско-мафијашка агенда, извршувана од инструментализирани службеници подготвени за банализација дури и на најмонструозни

злостори. Затоа, целиот правосуден систем – од законодавниот дом до судовите и судскиот совет, заедно со обвинителството и со органите за прогон – ја изопачува својата уставна функција, која од заштита на владеењето на правото се пресврте во заштита на владеењето на партијата на власт. Мора да сфатиме дека токму партизираните и окупирани институции стануваат орудија за борба против слободата и демократијата и сервис на диктатурата, а не на народот.

## Лажирањето на изборите како стандард

Изборите сами по себе не ја чинат демократијата. Нивната содржина – слободата, вистинитоста и правото на избор – се суштинскиот услов за достигнување демократија. Изборите не само што не се доволни за да се достигне демократијата, туку обратно, во рацете на диктаторите тие се најсилното антидемократско оружје за борба против слободољубивото население и за одржување на авторитарната диктатура. Во услови на внатрешна окупација на демократските институции, лажираните избори се најефикасниот инструмент за одржување на режимот преку обновување на привидот на неговиот легитимитет.

Сите избори од 2008 до 2014 година во организација на ДПМНЕ се неслободни и нелегални, зашто режимот ги уништи неопходните претпоставки за одржување фер и демократски избори: рамноправните услови за политички натпревар, индивидуалната слобода на изразувањето, слободата на медиумите, независното судство, неутралните и непартизирани државни институции, итн. Режимот на ДПМНЕ изврши целосна партизација на државната администрација, на судската власт, на јавните институции и на јавните претпријатија и ги стави во изборна функција сите вработени и сите ресурси на државата. Ги обедини државната и корпоративната моќ и овој изворно фашистички систем го употреби за економска уцена на фирмите и на вработените во реалниот сектор во изборна функција. Воведе партиска и сопственичка контрола над целиот медиумски простор

и владее со пропаганда финансирана со буџетски пари. Со сите средства на еднопартиска авторитарна држава, со списоци, притисоци, егзистенцијални уцени, храна и пари, го корумпираше и го застраши населението. Конечно, ја задолжи земјата со стотици милиони евра, во предизборието употребени за партиски цели, за изборна корупција.

Суштинската разлика меѓу стабилните демократии и озлогласените диктатури не е во еднодневниот перформанс на мирни избори, туку во општествените состојби во долгото време меѓу изборите; не е во самиот тек на изборите, туку во изборните услови – во слободите и правата на граѓаните и во владеењето на правото и на правдината. Затоа, најнерегуларни избори се случуваат во земјите каде што партијата на власт се поистоветува со државата, како што е тоа случајот со ДПМНЕ.

Поради сето ова, би требало на сите да им е јасно дека режимот на ДПМНЕ веќе не е способен да организира демократски избори. Бесмислено е да се претпостави дека диктатурата што за осум години владеење направи сè за да ги уништи сите претпоставки за одржување слободни избори, самата ќе обезбеди нивно чудесно „воскреснување“. Тоа значи дека првите следни вистински демократски избори ќе можеме да ги доживееме кога повторно ќе ги оствариме условите за слободно и демократско општество; значи, само по ослободувањето на Македонија од власта на ДПМНЕ и по возобновувањето на демократските институции. Во меѓувреме, на недемократскиот режим не треба повеќе да му се дозволува да лажира „регуларни“ избори.Таквите избори не е доволно да се бојкотираат, тие треба да се спречат.

## Основни претпоставки за соборување на режимот

Апсолутно е неопходно да ја смениме мисловната рамка во која се обидуваме да му се спротивставиме на авторитарниот режим. Тоа значи дека, доколку сакаме да ја согледаме сопствената стварност, мораме да сфатиме дека државата веќе одамна не е демократска; ќе мораме да

ја замениме дефиницијата за политичкото уредување на земјата: од „проблематична парламентарна демократија“ во „авторитарна псевдодемократија со елементи на тоталитаризам“. За жал, природата на проблемот на „авторитарните псевдодемократии“ очигледно ја надминува вообичаената демократска институционална логика, зашто се работи за автоимуна генетска болест на капиталистичката либерална демократија. Таа нема системски лек за ниту една внатрешна фашистичка окупација во која институциите на системот самите го рушат уставниот поредок и го суспендираат владеењето на правото, притоа не менувајќи ја, формално, ниту уставната, ниту либерално капиталистичката рамка, туку задржувајќи ги како маска. Токму поради оваа „замка 22“ и терминолошкиот и идеолошки хаос предизвикан од системската измама, воспоставувањето идеологија и фронт за борба против внатрешната окупација се покажа како тешка и матна работа.

Излезе како да е најтешко да се сфати дека еднаш окупираните институции на државата стануваат спротивни на својата намена, та наместо да служат за одбрана и остварување на правата на граѓаните, тие стануваат ефикасни оружја за репресија. Затоа – колку и да е тешко да се прифати – вистинската борба за повторно ослободување на Македонија ќе започне кога ќе сфатиме дека во услови на внатрешна окупација на државата (исто како и во случајот на надворешната окупација), секоја граѓанска послушност, секоја конструктивна соработка и секоја институционална колаборација со институциите на системот, станува колаборација со окупаторот, а со тоа и соучесништво во сопственото поробување. Единствената стратегија во борбата за ослободување од внатрешната окупација на ДПМНЕ е рушењето од темели на окупаторската партиска држава, не штедејќи ги институционалните зданија во кои со измама беа уништени вистинските уставни институции и системи на вредности. Мора да се сфати дека борбата за ослободување од внатрешната окупација не само што е невозможна и бесмислена преку институциите на системот туку е

единствено остварлива по пат на нивно рушење. Првиот чин на ослободувањето е делегитимација на окупаторот, а тоа е можно само со непризнавање на неговите институции.

## Делегитимација на власта на ДПМНЕ

Сè додека партиско-полициската држава на ДПМНЕ ги обединува извршната, законодавната, судската и локалната власт во една хомогена субординирана структура, која ја одржува општествената атмосфера на државна уцена, закана и страв, во Македонија нема да биде можна демократијата запишана во Уставот. Поточно, нема да биде можна ниту една демократија, освен лажната, која ја „уживаме“. Демократијата во Македонија ќе можеме во целост да ја обновиме дури откако ќе изведеме сеопфатна делегитимација на неуставниот и криминален режим. Тогаш институциите на партиската држава ќе треба прво да се рушат, а потоа повторно долгорочно да се градат, со јасна и остра идеолошка, културна и правна осуда на злосторите на режимот и со цврста решеност за системска, долготрајна и бескомпромисна дегруевизација на Македонија.

Што е делегитимација на власта? Делегитимација е јавно одземање на легитимитетот на криминалната власт да владее, при што на јавноста ѝ се обнародуваат сите аргументи и докази дека таа (власта на ДПМНЕ) дошла на неуставен начин на власт, дека се одржува на власт спротивно на Уставот и на законите и дека ја практикува власта на неуставен и на незаконски начин. Делегитимација на власта значи и непризнавање на легалноста на институциите на власта и на сите окупирани/партизирани институции на системот. Тоа значи и непризнавање на законите, а, секако, и на уставните промени што ги донесува нелегалниот парламент. Основните аргументи на делегитимацијата имаат фундаментално етичка и морална природа, зашто зад сите криминални акти со кои власта на ДПМНЕ ги суспендираше демократијата и граѓанските права и слободи стојат зли, нечесни, измамнички и клептократски мотиви и цели. Процесот на делегитимација

треба да го направи видливо злото што власта на ДПМНЕ му го нанесува на општеството во целина.

Делегитимацијата на власта треба да има и своја меѓународна димензија. Овој процес треба да биде бескомпромисен, бидејќи фашистичкиот идеолошки супстрат на режимот на Груевски, втемелен во спееноста на партијата и државата, критиките кон власта ги прогласува за предавнички и непатриотски акти против татковината. Активната делегитимација на ДПМНЕ пред субјектите на меѓународната заедница ќе ги придобие надворешните сојузници за борба против недемократскиот режим, а ќе им ја направи потешка и компромитирачка поддршката на оние што го помагаат режимот однадвор. Надворешната делегитимација особено треба да го разобличи надворешното финансирање на режимот и самоубиственото задолжување на Македонија, не само од аспект на неговата економска и финансиска неодржливост туку и од аспект на неговата криминогеност и неморалност.

Секако, процесот на делегитимација мора да има и своја домашна перформативна димензија. Тој мора да се отелотвори во политичка акција, во граѓанско движење и во начин на живеење низ борба за повторно освојување на демократијата. Делегитимацијата на власта треба да биде детонатор за создавање широк фронт за борба против тоталитарниот режим; таа треба да биде „маја“ за новиот граѓански, сенароден, натпартиски, надетнички, антифашистички и демократски обединувачки македонски фронт за борба против внатрешниот окупатор и за повторно ослободување на Македонија.

# ШТО

за повторно освојување на слободата

# ДА

Бранко Тричковски

# ДЕВМРОВИЗАЦИЈА

1901 или 1902 година Ленин го пишува и го објавува својот најпознат памфлет „Што да се прави"! Тоа го прави во едно предреволуционерно време во Русија и во цела Европа, набиено со атмосфера што ќе ги навести скорешните драматични промени на континентот. По петнаесет години лидерот на болшевиците доаѓа до одговорот на ова клучно прашање: револуција!

Јас не знам дали насловот на трибината значи дека некој очекува револуција во Македонија и не знам дали ќе ни бидат потребни 15 години за да си одговориме на ова прашање, но знам дека ситуацијата во Македонија е зрела за радикални промени.

Нивото на културните, моралните, естетските, на институционалните и на другите деформации што секојдневно ги продуцира режимот на чипираните идиоти е неподнослив, просто не е нормална толкавата продукција на ненормална ненормалност, на форсираната стварност, која не може да

ја процесуира нормалниот мозок, па или ѝ се предава или се дистанцира во очај!

Антонио Магрис би рекол дека преродбата почна кога ВМРО направи дупка во македонскиот идентитет и интегритет, во македонскиот културен профил, а ќе заврши кога дупката ќе се претвори во идентитет.

Ние сме во напредната фаза на преродбата од историски субјект во историска дупка, во нула, во големо ништо!

Настрана од овие историски реминисценции, насловот на трибината ми изгледа така лево, мислам на таа запрашаност пред предизвиците на времето и на таа тенденција да се чуе паметта, разумот, интелектот, критичката мисла. Десницата никогаш не си поставува вакви и слични прашања, а особено бега од какви и да е контакти со паметта и со критичката мисла! Мислата тие ја надоместуваат со хиперактивност, често пати сосема бесмислена надвор од оваа идеја да се ликвидира мислата. Тие две работи, хиперактивноста и отсуството на мисла, односно хиперактивноста како платформа против мислата, се два битни елементи на Ур фашизмот кај Умберто Еко!

Парадоксот се состои во тоа што левицата на чело со СДСМ во поголемиот дел од овие 25 години демонстрираше десничарски прогон на паметта и на критичката мисла, утврдувајќи ја и на тој начин основата на која ќе дојде и ќе се устоличи монструозниот режим на чипираните идиоти!

Од друга страна, ме изненади, на еден начин, поканата за оваа трибина, затоа што организаторите знаеле, или би требало да знаат, дека мојот основен став е дека ние мораме да ја смениме не само власта туку и системот во кој СДСМ е важна вертикала! Имам впечаток дека СДСМ ги пропушта последните моменти во кои може да ја одигра улогата на субјект на промените и дека ако итно не преземе нешто ќе се претвори во објект, во предмет на промените, што надоаѓачката општествена олуја ќе го однесе од јавната сцена заедно со вемерето и комплетната елита!

Пред да се обидеме да скицираме некои можни одговори на прашањето: Што да се прави?, треба да одговориме на

прашањето што се прави, што е тоа што се случува и зошто е тоа така?!

Се осмелувам да тврдам дека ние сме жртва на политичката концептуализација на митот за ВМРО! Политичките концептуализации на митовите се времиња на декаденциите, на растрошноста, времиња во кои цивилизациите, народите и другите историски субјекти на големи весели гозби и баханалии си ги јадат последните остатоци од сопствените супстанции пред да умрат! Времињата на просперитетот се времиња во кои политичките концепти по линијата на своите перформанси се лансираат себеси во митови.

Така вели Сјоран! Логично, нели! Кај нас проблемот е дополнително отежнат, затоа што низ политичкиот концепт нам ни се открива вистината за митот, а не нашата слика за него што сме ја воспримиле низ образованието или низ домашното воспитување! Тој политички концепт открива еден добар пласт од лагите на кои сме се конституирале и постоиме и кои во услови на демократија или, уште полошо, на квазидемократија го проблематизираат тоа постоење до крајни граници!

Значи, која е таа вистина за ВМРО што доаѓа од митологијата и од историјата и самата се обликува и нас нѐ обликува во својата стварност!

Наспроти општото уверување, ВМРО никогаш не се занимавал со националното и со државно субјективизирање и историско реализирање на македонскиот народ. Обратно, неговата мисија била нешто што е сосема спротивно на ова! Кога, по толку години, демократската платформа му овозможи да се јави како политички фактор во остварените реализации на македонскиот народ, тој се труди по природата своја, да ги уништи, плус доаѓа во форма на експедициски корпус што ќе му се одмазди на македонскиот народ за најголемиот грев што можел да го стори: државно и национално да се конституира, па уште и под водството на комунистите!

Можеме да кажеме, значи, дека ВМРО е антимакедонска организација, ако под македонизам ја подразбираме идејата и реализацијата на посебен национален и државен субјект!

Второ, организацијата е тоталитарна, дури во една библиска интонација: имај една организација и немој да имаш други организации освен мене! Интенцијата е да се биде единствен артикулатор на интересите на народот! Тесто што ќе ја опфати комплетната македонска тава и ќе задуши сѐ под себе.

Институциите се дебел кондом во љубовната врска со народот и затоа се дупчат, се кинат, се деформираат! И државата со својата минимална строгост го нарушува спонтанитетот на кој инсистира организацијата. А, плуралитетот – тоа може да постои само како декор и како тактичка и привремена отстапка!

Третата карактеристика е насилноста. Насилност кон сѐ што ги нарушува горните две клучни точки во дефиницијата на организацијата. Насилство без пардон во сите форми и по секоја цена!

Заклучокот е дека на една територија не можете да имате и ВМРО, и држава, и нација, а ако се случи да се сретнат, некој ќе мора да замине!

Мојата основна теза е дека ослободувањето од оваа власт не може да биде партиски проект на ниту една партија, туку општествен проект, и не може да се изведе како чисто политичко дело, туку мора да почива на широк културен замав и преиспитување.

Јас се залагам за радикална критика на македонското саморазбирање, на македонската филозофија, во насока на минимизирање на историските хендикепи и во насока на вообличување во еден модерен субјект. Тотално спротивно од ова што ни се случува. Таа критика мора да ги опфати сите области: историјата, културата, политиката!

Една од клучните работи мора да биде отворање на широка акција за темелна девмровизација по сите основи за кои говорев!

СДСМ мора, крајно време е, да влезе во преиспитување на сопствените одговорности за оваа калварија, оти тие се огромни! Мораме да се ослободуваме од лажните вредности што сме ги прогласувале за вредности само затоа што биле

македонски, мора да престанеме со парадата на кичот и со кичерајските паради што го циркузираат народот, со темелна промена во образованието...

Наспроти општите уверувања, јас мислам дека економските теми не се клучни, затоа што сите решенија луѓето ги доживуваат како лаги. Освен тоа, економијата е сектор на реалноста, а тука системот е секогаш посилен. Треба да се оди кон симболичното! Можеби кон нешто од што опозицијата, врзувајќи се за курентната стока на национализмот, се беше оддалечила.

Нови форми на егалитаризам, зошто да не, социјализам, зошто не, афирмација на југословенското искуство како единствен и неповторлив подвиг на овој народ, од кој, за жал, во политичката практика опозицијата се срамеше, замислете, критика на обесмислениот парламентаризам, критика на разорениот академизам...

„Никогаш не напаѓај го системот врз основа на односот на силите. Системот преживува, имено, така што непрекинато ги тера оние што го напаѓаат да се борат на теренот на реалноста, која е отсекогаш и засекогаш негова! Треба да се премести борбата во сферата на симболичното, кај што важат законите на предизвикот, на реверзијата и на ескалацијата. Треба да му се пркоси на системот со предност на која тој може да одговори единствено со сопствената смрт и уништување! Треба да се предизвика вишок реалност и, преку тој вишок, кршење на системот што е преоптоварен со реалност. Сета таа поруга на ситуацијата и иницираното насилство на власта ќе се свртат против неа!“ (Бодријар).

АВИ **ШТО** ДА С

за повторно
освојување на
слободата

Роберт Алаѓозовски

# СЕЧЕЊЕ НА ТЕТИВАТА

Веднаш да нагласам дека во следните размисли ќе се занимавам со политичката природа на режимот со кој се соочуваме. На културата ќе се осврнам само парцијално, или трансверзално, размислувајќи што културата може да направи за да придонесе повторно да се освои слободата во политичка смисла. Не дека слободата во смисла на уметноста и на културата во овој режим постои. Како и секоја диктатура, и нашата ја сака уметноста и културата како слугинка. Затоа безбројните уметници и директори беа понижувачки впрегнати да протестираат против опозицијата во предвечерието на срамниот 24 декември. Затоа слава, и пари, и јавен простор добиваат само оние што се подготвени да се вклучат во владиниот пакет-аранжман на славење на гордото минато преку трансисторискиот стиропор-барок. Од друга страна, почитувајќи ги дострелите на историските авангарди и ларпурлартизми, сметам дека Македонија не е до толку политички поразена и прегазена, дека сѐ уште има надеж за повторно освојување на слободата во политичка,

а со тоа и во културна, и во уметничка смисла. Имено, прашањето на авангардниот отпор го сметам за последен бастион на уметничката етика, која одбива да се приклучи во цивилизациското бесчестие, кое нема сили да го запре. Кај нас, за среќа, сè уште постои граѓанско-политички ескадрон, кој има шанси да го собори режимот, и во таа смисла и уметничката активистичка акција треба да биде во координација. Секое автономистичко – или: „третиот пат“ – дејствување го сметам за кусогледо, дури и штетно, зашто ги слабее и онака не толку сјајните позиции на споменатиот ескадрон.

Значи, културата и уметноста може многу да придонесат кон отпорот. Тие, впрочем, тоа и го прават. Но, треба и понатаму да се охрабруваат и да се подржуваат. Политичките сили не треба да се плашат од ослободувачката сила на уметноста. Не треба да стравуваат дека слободарскиот фантом ќе ги проголта и нив во едно проголтувачко цунами, сосе нивните притаени слабости. Слободарскиот, критичкиот, преиспитувачкиот капацитет на уметноста е насушно потребен во смрзнувачките, прекројувачките, дисциплинирачки услови на диктатурата. Радикалната уметност ја враќа надежта, смеата, го отстранува стравот и премреноста на луѓето уплашени за сопствените животи или за благосостојбата. Граѓанско-политичкиот ескадрон знае дека по авторитарното застранување демократијата мора да се рестартира од почеток, а ослободувачката и критичка уметност ќе ни помогне да стигнеме дотаму, со својата раблеовска испревртеност, безбедно ќе нè донесе до креативниот хаос на примордијата.

Затоа, креативните акции, културниот активизам треба да се поттикнува, да не речам да се нарачува во сите протестни опозициски акции. Постојат илјадници тактички облици на културен активизам со кои на многу места на сличен отпор низ светот граѓаните се охрабрувале, се интегрирале, движењата стекнувале видливост и симпатии од слободарската интернационала.

Се разбира, постои и друг облик на култура, која опозициската номенклатура треба да ја негува. Тоа е, да ја наречеме, меинстрим, односно нормалната култура. Под тоа подразбирам една релативно автономна, високо квалитетна култура, каква што постоела и пред авторитарното подјармување. Треба да се освојат или да се создадат паралелни културни институции, кои ќе ја чуваат институционалната меморија и ќе упатуваат на добрите времиња, на добрите програми, на добрите проекти од пред диктатурата. Тие сериозни институции треба да зрачат и да сведочат за инаквото, за подоброто друго што стои наспроти диктаторското подјармување. Во специфичниот македонски контекст таа задача и не е толку тешка, затоа што нашиот режим не создаде висока уметност, туку само евтин, авторитарен кич. Стиропор-барокот, патетичната драмска или прозна книжевност, неинвентивните филмови и здодевните документарци не ја пленат ниту домашната, ниту странската публика. Очајните режимлии се крстат времето да им даде патина на нивните бездарни творби по неколку векови или се молат естетскиот вкус да се превоспита за да се постигне некаков катарзичен или хедонистички ефект. Но, иако лесна, оваа задача треба да се исполни со целосна вдахновеност. Секое повторување на кичот, или создавање бофл-уметност од опозицискиот систем, може да ги обескуражи граѓаните, преку досега фаталниот недостиг на доверба изразен преку синтагмата „сите се исти“. Опозицијата не смее да се надева на евтина солидарност од кич-масите, кои би требало да се придобијат со сознанието дека и демократските опозиционери ќе им ги дозволат истите авторитарни и етно-наци фантазми, само што ќе владеат помалку насилно и сурово. Да не заборавиме дека кич-масите уживаат садо-мазохистички во потрагата по „цврста рака“. Затоа секој што е макар и малку заразен со омлитавувачкиот демократски порив не може доволно добро да го задоволи нивниот нагон за цврстина.

Толку за културата во демократскиот отпор. Трансверзално и радијално до ултимативната цел. Освојувањето на политичката слобода значи и ослободување на уметноста. Како

премин има уште една функција од граѓанската, невладина култура, која политичкиот отпор треба да ја искористи. Тоа е знаењето и капацитетите на секторот да планира стратегиски. Во услови на лимитирани финансиски средства, на лимитиран човечки потенцијал, на ограничувања од најразличен тип, треба да се применат методите на здравиот стратегиски менаџмент, кои треба најефективно и најефикасно да нè доведе до саканата цел.

Затоа сметам дека треба да постои еден стратегиски план. Внатре можат да постои уште некое сценарио и уште неколку комплементарни стратегии, но дијагнозата на противникот, големата визија и големата цел, начините како да се стигне дотаму, мора да се едни и единствени, дури и во постструктуралистичкиот интелектуален амбиент. Во таа смисла, моите понатамошни размисли ќе бидат насочени кон скицирање на таков стратегиски план.

Во однос на дијагнозата на актуелната ситуација, би рекол дека во Македонија владее постмодерна аеробна автократија. Суспендирана е демократијата, авторитарниот режим е заокружен. Идеологијата е постмодерна. Нема вкоренетост и строг концепт во она што го сочинува авторитарниот апсолут. Но, без оглед на менливоста, она што е „авторитарна убавица на денот", тоа се брани и се препорачува со авторитарна догматичност. Кога велам аеробна, пред себе ја имам сликата на чоколадите со воздушни меурчиња. Односно, диктатурата дозволува во општеството да се јавуваат мали воздушни меурчиња на отпор. Онаму каде што ќе се процени дека демократскиот отпор нема да создаде сериозна штета, тој се дозволува. Тие создаваат ефект на крцкавост и задоволство од реализираноста, макар и делумна, на отпорашите. Во таа смисла, во земјата, прво, постои опозиција, потоа, постојат критички медиуми, и многу интелектуалци не се затвораат за своите ставови, иако извесни шиканирања и колатерална штета им се сочинува. Токму поради таа аеробност на режимот сметам дека една постмодерна стратегија на отпор, која епистемиолошки ја милувам, на цветањето на илјада протестни цветови, на постоењето на илјадници

микростратегии, на добредојденоста на секој што ќе откорне тула од авторитарниот ѕид, би била неефикасна. Точна е Фукоовата аксиома дека моќта е капиларна, но авторитарната моќ е затворена, строго хиерархична, колосална. Главната одлика на секоја автократија, или диктатура, е дека таа владее со сила. Нашата диктатура со торпеда ги гаѓаше неколкуте личности и институции што таа процени дека може да ја загрозат на кој било начин. Затоа, капиларниот отпор, како илјадниците стрелички во телото на Гуливер, не може да го легне авторитарниот џин. Може само да го заскокотка. Посоодветно е борбата со авторитарната власт да се види во митските слики на пресметките на Давид со Голијат, на спартанскиот крал Леонид со персиската армада, убивањето на ламјата од св. Ѓорѓија, на Париз со Ахил и слично.

Значи на авторитарниот џин мора да му се исправи воин. Мал, несоодветен, недоволно опремен, недоволно подготвен, но воин. Ако џинот се расфрла со својата застрашувачка сила и тоа го покажува секојдневно, над сите и во секое време, макар и мал микроб на сила мора да му се спротивстави на другата страна. Тој мал микроб на сила е граѓанскиот отпор. Ист онаков каков што започнавме по срамниот 24 декември. Прост, обединувачки, општонароден отпор. Без комплицирани сценарија, без тешко усогласливи мотиви, без сложени координации. Секој што е незадоволен од режимот, што сака да му покаже среден прст, треба да се собира на плоштад, на сретсело, секој ден или секоја вечер во определно време. Да го искаже револтот и несогласувањето. И тоа треба да трае. Да трае. Само така простиот отпор најефикасно ќе се претвори во манифестација на сила, на волја, на подготвеност овој режим да се нападне. Отпорот ќе биде стечиште, но и еманација на охрабрувањето. Тој ќе има силна интегративна улога. Таму, на барикадите, ќе се замислува и повторно ќе се открива демократскиот проект и ќе се раѓаат нови љубови. Појавувањето на новиот воин ќе го обеспокојува авторитарниот џин и ќе создава нервоза. Бидејќи, според авторитарниот канон, кога партијата ќе ја освои државата, таа не е партија, ами прераснува во, беневолентно кажано,

движење, народна волја, супердржава, тогаш се разбира дека воинот не треба, а и не може да биде креација на една партија, или политичка опозиција. Тоа мора да биде општ граѓански, сенароден отпор. Се разбира, не треба да се прават глупави тактички грешки на дистанцирање од партиите и од политичките играчи. Напротив, политичките играчи треба во контрареторика да инсистираат дека отпорот ги надминува нивните редови.

Значи, воинот треба да биде граѓански амалгам. Таму, во тој амалгам, ќе се родат и новите демократски институции. Како и обично при демократските револуции, тој советски принцип на базично демократско уредување треба да опстои за целото време на отпорот, и извесно преодно време по соборувањето на автократијата, сѐ дури не се создадат зрели услови за нормализација и политичко-партиска институционализација. Затоа, сметам дека секое дистанцирање на политичките и на граѓанските фактори едни од други, или прераното враќање во категориите на либералната демократија, може да биде погубно. Дури и да се силни политичките фактори, тие не треба да се откажуваат од сенародноста или да се замајуваат дека можат самите да ја изборат битката против авторитарниот колос.

Граѓанскиот воин мора да се кочопери. Тоа особено го дестабилизира колосот, удира на неговата гордост и надменост. Тој сака брзо да ја покаже својата сила и да го смачка противникот „како шлепер жаба“.

Затоа граѓанскиот отпор мора да има радикална, но кратка платформа. Не повеќе од десет божји заповеди, се разбира изваjани во камен. Тоа е, впрочем, и визијата за иднината на земјата. Божјите заповеди мора да бидат и имплицитна пресуда на режимот. Која е визијата за Македонија, односно пресудата? Македонија – демократска држава, со поделена власт, интегрирана во ЕУ. Земја им што припаѓа, по дух и по достигнувања, на земјите со западна демократија. Односно, претворање на Македонија од земја од третиот свет во земја од првиот свет. Бидејќи режимот ги измести стратешките цели, па денес Македонија е поблиска

до евроазиските отколку до евроатланските интеграции, реално посткомунистичка диктатура, бидејќи го направи примордијалниот антидемократски злостор, ги спои властите што како демократско табу мора да стојат раздвоени (парламентот, владата, судството, медиумите), тој треба да одговара. Визијата треба да содржи заложба за враќање на Македонија на вистинскиот пат и отстранување на причините што доведоа до тоа. Со ветување механизми никогаш такво авторитарно зло да не се повтори. Заради дразнење на колосот, не е лошо во визијата да се содржат дури и персонализирани пунитивни клаузули. Да се набројат по име политичарите, министрите и други влијателни луѓе или слуги на режимот што се сметаат за одговорни и на кои ќе им се суди. Може дури да се предложи забрана за користењето на името на владејачката партија и нејзина понатамошна злоупотреба за генерирање на авторитарна реакција.

Откако воинот го исправивме пред ламјата, треба да ги пресметаме шансите за негова победа. Анализата на митовите на нерамноправните дуели главно укажува на единствена борбена тактика. Народните воини користат неколку напади со кои го замајуваат џинот, а потоа му го задаваат клучниот удар, откриената најслаба страна, како тетивата на Ахил, или окото на киклопот, или симболичките слабости, како близината на сонцето, односно далечината на земјата. Во некои случаи тоа е неочекуван директен удар во срџта на неговата моќ, кој го парализира или веднаш го дезинтегрира. Кои се замајувачките напади што му стојат на располагање на нашиот граѓански Давид? Тоа се потенцирањата на слабите страни на режимот, односно разобличувањето, претворањето на неговите моќи во негови слабости.

Најлесно и најпрво, режимот владее преку корупција и клиентелизам. Граѓаните се капиларно врзани во синџир што треба да ги доведе на ред за „омрсување“. Треба да се разобличи дека се работи не за синџир на привилегии и социјална мобилност, или за некои и голо преживување, ами за пирамидална измама, во која само првите во играта добиваат, а сите други, кои се на дното на пирамидата, не добиваат

ништо, односно дека пирамидата се одржува благодарение на нивните влогови, кои никогаш нема да им донесат добивка, односно дека пирамидата ќе се распадне во оној момент кога тие ќе престанат да ја хранат. Значи, на граѓаните треба да им стане јасно дека поддршката за авторитарната власт е избор дали магарето да им го шибне или змија да ги касне. Се разбира, отпорот мора да покаже дека граѓаните ќе просперираат со остварувањето на демократската визија на Македонија. Дека припадноста на првиот свет е привилегија што носи многу мед и млеко и на кратки и на долги патеки. Многу повеќе од отровната мобилност на диктатурата. Доволно е само да се нагласи корista на нашите најголеми непријатели, добрососедите Бугарија и Грција. Нешто што им е очигледно и што ги полни со завист нашите граѓани, а режимот ја претвора таа завист во одржлив инает. Подудар во рамките на овој напад е да се докаже дека нивната борба за инвестиции и слободни економски зони е, всушност, едно ново подјармување на народот, претворање на сите во лумпенпролетери, кои треба да работат во нечовечки и експлоататорски услови за надница околу минималната плата без никакви синдикални права и привилегии.

Втора, поголемата моќ на режимот е токму инаетливата национална гордост. Среќата на вековниот роб што може да си биде свој газда макар и од Табановце до Гевгелија. Треба да се докаже дека подобрувањето на односите со соседите не мора да се случи преку губење на националното достоинство и гордост. Тоа е Баба Рогата на режимот. И за тоа мора да се најдат помали позитивни примери (проблемите со Србија и Бугарија) пред да се прејде на најкрупното решение. И второ, треба да се разобличи дека актуелниот режим не е националистички, во смисла на патриотски, туку дека се една банда криминалци и ѕверени клептократи од кои земјата треба што побрзо да се ослободи. За навек.

Може да се откријат уште слабости, но мислам дека овие две се најважните. Во интерес на просторот кратко би се осврнал на завршниот удар. Искуството од Таксим, Сирија, Украина, покажува дека откривањето на клучните слаби страни

може да биде фатално. Ако клучниот удар не го дезинтегрира чудовиштето, тоа може сите да ги повлече во продолжителна агонија. Затоа сметам дека слабите страни треба само тактички да го замаат, а дека главниот удар во македонското чудовиште треба да се случи во неговата најсилна моќ. Ако македонската ламја владее со сила, таа треба да се надбори со сила. Би сакал да е тоа силата да се победи на избори. Но, разните искуства на (повторно) воспоставување на демократијата, знаат најчесто за разни варијанти под митската закрила на ноќта. Се разбира, постои голема непредвидливост на историјата. Некогаш тоа е кадифена, пролетна, понекогаш валпургиска, мошне често и бартоломејска, а сосема реално и ноќ на долгите ножеви. Циничната вистина е дека победниците ја пишуваат историјата. А, во демократиите тоа им се дозволува и на постструктуралистите. Но, едно е неодминливо, а тоа е најголема болка на македонскиот активизам. Секоја историска врвица почнува со првиот чекор.

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ

## за повторно освојување на слободата

Искра Гешоска

# СОЗДАВАЈЌИ ЈА ПРАЗНИНАТА – ПОЛИТИЧКА КОНФРОНТАЦИЈА СО УМЕТНИЧКА ИМАГИНАЦИЈА

*„Наспрема овој свет стои една флејта на уметноста. Таа, недвојбено, го претставува принципот на храброст во самиот потфат на мислењето. Ние мораме да бидеме длабоко вкопани во течението на своето време, а, сепак, да дејствуваме надвор од него“.*
Осип Мандељштам

Осип Мандељштам ни говори дека суштината на поезијата е во трпението, во трпеливото исчекување. Тоа го говори со вперен поглед во насилството на 20 век, на столетието што го живее, без да знае дека тоа насилство ќе се прелее во 21 век, и тоа на еден многу поперфиден, биополитички, катадневно еугенички, концепт на одземањето на животот уреден со легислативи, на правото на живот, на автономноста, на индивидуалноста, на слободата – пред сѐ на затскриено симболичко, но и на фактичко рамниште. Одредувајќи ја поезијата како парадигма на трепнието и на исчекувањето, всушност, во еден елиотовски манир можеме

да укажеме на тоа дека таа не им припаѓа ниту на ветувањата, ниту на иднината, ниту на сеќавањата, ниту на носталгијата, ниту на меланхолијата. Поезијата ја конституира и се конституира од субјективноста на мигот во кој настанува, креирајќи го „времето сегашно, кое ги содржи времето идно и времето минато“, едновремено (Т. С. Елиот). И, токму, во нејзиното кредо на исчекување е склопчен неразбудениот отпор кон човековото страдање. Поезијата е јадрото во кое се артикулира вриежот на отпорот, преку кој се согледува поетиката на ова време како поетика на трпеливоста кон феномените на варваризмот и на насилието.

## ПРОТИВ МУЗЕОЛОШКИОТ КОНЦЕПТ

Поетиката на ова време е поетика на скаменето чекање и поданичко прифаќање. Никој ништо не презема и покрај привидот на доминантната нарација на непрекинато создавање (хипер)текстови, на постојана делотворност, проектност, активност. Секој копнее по комфорот, па, така, копнеејќи по она што нема реален објект во стварноста, го оприсутнува симулакрумот на неговото постоење.

И, така, заробени во исчекувањето на оприсутнетоста на копнежот, се соочуваме со една нова поетика – поетика на прагот. Како во некоја слика на Рене Магрит, во која луѓето се, главно, без лица, огледално скаменети и мултиплицирани, без моторика и движење, стоиме пред скршениот, трошен камен праг на политичкото, на социокултурното, структурирано општествено дејствување и артикулирање на нашите животи.

Низ тоа исчекување, низ таа скаменетост на политички наметнатиот музеолошки концепт, потребно е да создадеме антимузеј на отпорот, во кој, освен што ќе се архивираат и ќе се паметат настаните, оперативно, живо ќе се процесуираат нашите мислечки и дејствителни крици. Антимузеј на мислечкиот отпор во рамките на музеолошкиот политички проект, кој ги заробува и ги врамува процесите на мислењето. Антимузеј во кој наместо восочни фигури, кои ќе ја прикажуваат лажната историска дисциплинираност

на колективитетот и на толпата, ќе создаваме територии на слободата, на мислењето и на трансгресијата, во обид да ја пречекориме и да ја надминеме скаменетата, меморијална, споменична сегашност, која ни е сервирана како доминантна политичка нарација.

## ШТО СО ИСЧЕЗНАТА ПРИСТОЈНОСТ, ИЛИ: ЗА УТОПИЈАТА НА ПОЕТСКОТО

Но, кога веќе толку долго чекаме, требаше, во тој празен простор, едно нешто да согледаме и да осознаеме. Ова не е време на поетика на преговори. Потребни се акција и конфронтација, во која политичкото ќе добие естетски зрела автономија, креативност и бескомпромисност, својствени за уметничката пенетрација и обликување во/на светот. И, затоа, теориски, речиси епифаниски, но и апликативно, мора да се врати „утопијата на поетското“, кое ќе претставува ревоспоставување, конзервирање и реставрација на трошниот праг помеѓу пречекорувањето и непречекорувањето на исчезнатата пристојност.

Ние, насред вулгарноста на социокултурниот контекст, мораме со сите расположливи средства да се бориме не само за новите политики туку и за пристојноста. Бидејќи многу е непристојно. А, за таквата непристојност сите сме одговорни. И, на крајот од краиштата, не можеме да говориме за слобода доколку сите немо/пасивно исчекуваме да исчезне неугодното во културата.

## И НЕЗАМИСЛИВОТО МУ ПРИПАЃА НА МИСЛЕЊЕТО

Го потценивме варваризмот, прогласувајќи го за немислечки, презирајќи го, игнорирајќи ја неговата моќ. Со тоа, не сакајќи, го прогласивме за неполитички. Секој варваризам е мислење. Во историјата постои ‘рвање околу оваа парадигма. Многумина на варваризмот му ја одземаат мислечката вредност. Ако имаме каков-таков консензус дека

ова што ни се случува е некаков кадифен варваризам, кој своите популистичко-фашистички атрибути ги сокрива во некоја прифатлива демократска дискурзивност, тогаш нашата грешка е во тоа што го потценивме мислењето, варварското мислење на владејачката актуелна гарнитура.

Тоа ни се врати, најочебијно, преку сите нивни културни практики и злоупотреби на идејата за културата. Да се мисли дека варваризмот не мисли, всушност, претставува една подмолна процедура на ослободување од вината. Политиката е мислење, варваризмот не е. Тоа значи дека ниту една политика не е варварска, ниту фашизмот на национал-социјалистичката партија во Германија, ниту гулаците на Сталин, ниту културната револуција во Кина, ниту колонијалните и постколонијалните акции на велесилите. Овој силогизам служи да се затскрие очигледниот варварски парламентаризам, кој, всушност, претставува капитал на кој ние денес сме му потчинети. Значи, на мислењето треба со мислење, концентрирано критичко промислување, да му се возврати. Но, и со дејствителност.

Да се соочиме: повлекувајќи се во резигнација или ароганција, млако дејствувајќи, им го (пре)дадовме ним, на варварите, просторот на слободното мислење и дејствување.

## ЗБОР-ДВА ЗА ПРИВИДОТ

Искуството на реалното е искуство на ужасот, кој често се прифаќа како невидлив и како нормалност. Ужасот е само еден од видовите на привидот на реалното и ништо повеќе. А привидот на реалното е она што највешто се воспоставува во искуството на паноптикумската моќ. Клучните прашање, за жал, никогаш не се наоѓаат во доменот на имагинарното, ниту му се обраќаат нему. Тие се насочени кон залудниот обид да се открие што е тоа што во радикалниот експеримент, наречен живот, има улога на реално. Ниту во еден пример тоа, секако, не е вербата во ветувањето за подобро утре. Субјективните, индивидуалните способности за дејствување,

како и храброста, кукавичлакот, акцијата, резигнацијата секогаш се наоѓаат во сегашност.

На сцената е поставена острастеност по реалното, кое се воспоставува со монтажата на привидот. Нам ни е потребно да ја вратиме киднапираната сегашност и да го реартикулираме привидот на реалното. Потребно ни е да создадеме автономна зона на доверба, која во мноштвото различни концепти и мислења нема оперативно да се блокира, која ќе ги надмине паланечките, минорни и лични егзистенцијални стравови и ќе зачекори без страв кон хоризонтот, кој постојано ќе се поместува.

## КОНФРОНТАЦИЈА И ПОЛИТИЧКА ИМАГИНАЦИЈА

Време е за едно металакановско засолниште на реалното, кое нема да го монтира привидот. Кое ќе создава постојани стратегии на/за конструктивни конфронтации и политички утопии. Заедницата што се заснова врз политичката култура на критичко дејствување и соочување преку конфронтација е заедница на слободата, на заемноста, на храбрата пловидба кон новите хоризонти на општеството, предавајќи им се на искушенијата на креативната конфронтација и на политичката имагинација.

Оти ова е време кога сакаме да го избегнеме секое непосредно искушение, секое автентично и длабоко искуство на другоста. Сакаме да бидеме безбедни, конфорни. Ако не ни одговара ќе го напуштиме другиот. Ако другиот страда, тоа е негова работа. Треба одново да се измислат ризикот и авантурата против сигурноста и конфорот. Вистинскиот активист, треба да биде посветен љубовник, а тоа значи да влегува во ризик, да експериментира, да нуди нови светови, да се грижи за другиот!

Овие неколку години имаме обиди за конфронтација со опозитот, со лагата, со измамата, со оние што произведуваат огромни количества насилие врз секојдневјето, со крадците на нашето тивко и достоинствено деноноќие. Но, сето тоа е

расплинато, нефокусирано, разлеано, аморфно, конфузно. Ќе имаме ли храброст и одважност да создадеме основа за радикална конфронтација и јасно структурирано поставување во однос на контекстот, кој нужно бара радикалност, инсистира на систематизирана политичка култура, која ќе има своја поетика (како што нè учеше Жак Рансиер), и која ќе биде доведена до некои уметнички, ете, нека бидат брехтијански димензии.

**Време е за конфронтација, а не за преговори. Перманентна конфронтација што ќе дестабилизира за да предизвика стабилизација. Бидејќи конфронтацијата, секако, е облик на преговарање.**

Да не се лажеме, ние живееме под опсада, во фингирана реалност. Во таквиот пејзаж софистицираните преговори, договори, разговори, т.н. соработки се само еден бесконечен процес од кафкијански размери. Затоа се залагам за силна, жестока конфронтација, тактички добро осмислена, која прво јасно ќе нè постави наспрема, а потоа ќе го отвори патот за нашите фокуси и потреби. Не е време за меки отстапувања во име на добивање трошки. Време е за офанзивно заземање на политичкиот и на социокултурниот простор. Нашите досегашни културни практики треба да се претворат во нешто што ќе има значење за пошироката општествена битка и треба да водат кон прекин на секаква комуникација со „оние што го создаваат пустошот, со цел создавање на државата одново“, како што заговараше Роберто Беличанец.

**Носиме премногу ад хок одлуки во дејствувањето и како муви без глави се обидуваме да го следиме ритамот што тиранинот ни го поставува. Ни претстои мудро реформулирање на она што значи заедница што ќе биде подготвена да ги ревоспостави украдените референтни вредности, да најде една тема, една цел што ќе биде поголема од мноштвото бедни и банални теми кои го креираат уште побаналното злосторство во кое живееме.**

## УЛОГАТА НА СВЕДОКОТ

Дојдени сме во точка на дискурзивност и на дејствителност во кои преовладува чувството дека сè е празно и дека сè е само дел од општеството на спектаклот – и прифаќањето и протестот. Сега, она што ни преостана е да бидеме добри, посветени и внимателни сведоци, да следиме, да согледуваме, да не игнорираме залегнати во апатичниот конфор, да паметиме и да донесеме заклучоци за некое идно политичко, стратегиско манифестно дејствување. Џорџо Агамбен, опишувајќи го искуството на преживеаните во Аушвиц, вели дека единствениот мотив да се преживее холокаустот е преземањето на улогата на активен сведок, што е мисија која ја редефинира силната потреба да се замине во смрт, да се опстои непокорно со кренатата глава пред искуството на болката и стравот. **Да се биде одговорен сведок на понижувањето, на насилието, на голиот живот, не е чекор кон злопамтење и реваншизам, туку чекор кон градење конструктивна битка со она што Вирџинија Вулф го нарекува „тиранија на заплетот“. Бидејќи ние се наоѓаме токму во таквата тиранија, која има предвидлив заплет, но непредвидлив расплет.**

Затоа наша задача е да бидеме автори, уметници, создавачи не само на расплети туку и на заплети. Да не дозволиме некој друг да ни ја создава тиранијата на заплетот. Да бидеме творечки, авторски, концептуален чекор понапред од тиранинот.

## УМЕТНИЧКА АВАНТУРА – ПОЛИТИЧКА СИГНАТУРА

Политичката конфронтација треба да има уметничка вредност, да биде техне, вештина. Еди Рама еднаш изјавува: „Да се биде градоначалник на Тирана е највисока форма на концептуална уметност. Тоа е уметност во најчиста форма“. Дали ние имаме капацитет за такво визионерско проникнување на политичкото и уметничкото, тоа е друго прашање.

За да може да се осветли преплетувањето на уметноста и на политичкото низ историјата, сè до сегашноста, треба да се артикулира едно современо поимање на она што значи револуција, имајќи на ум дека главната релација на уметноста со политичкото се воспоставува преку револуционерните парадигми. Но, токму затоа, врската меѓу уметноста и политичкото би требало да се еманципира од големите револуционерни нарации во историските референтни шеми, пред сè од Францускатa и од Октомвриската револуција, кои се надоврзуваат едновремено на многу конститутивни и револуционерни практики од 19 и од 20 век.

**Карл Маркс во 1871 година забележува дека „сите револуции само ги усовршуваат државните машинерии, наместо да ги отфрлат како смртоносна ноќна мора“.** Што значи ова? Зар Маркс е против борба? Против борбата за правда, за солидарност, за заедница што ќе обезбеди ненасилен концепт и контекст во една поширока смисла? **Маркс, всушност, сака да направи разликување на она што го носи со себе како политичка вредност револуцијата и она што го носи како политичка вредност отпорот.** Во видното поле стигнуваат оние активистички линии што ја поимаат револуцијата како незавршен, молекуларен процес, кој не се доведува нужно во врска со државниот апаратус, туку настанува пред државата и речиси надвор од неа.

**Оттаму, акцентот се става не на револуцијата, туку на побуната, на отпорот, кој не руши едно поле на моќ за да воспостави ново поле на моќ, туку јасно се поставува наспрема лажната стабилност што ја проектира моќта. Отпор базиран врз идејата за која говори Јулија Кристева во своето дело *Револт*, а тоа е идејата за привременоста и за привидот на стабилноста.** Уметникот, граѓанинот, политичарот ќе мораат да прифатат – стабилност не постои. „Стабилноста е привремена, конфликтите се вечни, ако ништо друго, затоа што постои задоволство во конфликтноста“, вели Кристева. Конфликтноста и нестабилноста на состојбите, во овој контекст, никако не се сфатени како трепетен деструктивен немир, туку како непрекинато создавање на

критички перспективи, кои се единствениот начин да се артикулира слободата во концентрични кругови на единството на различностите.

Оттаму ја гледам врската меѓу политичкото и уметничкото. Отсекогаш најважната страна на уметноста е да изнајде „нестабилни ситуации“. Уметноста има задача да создава „конфликтни ситуации“ во една аристотеловска смисла. Конфликтност што води до ослободување, до катарза. Уметникот е одговорен да нѐ води по еден таков макадам, инаку не е уметник.

Мораме да развиеме наша сопствена естетика, политичка естетика и политички систем. Мораме да бидеме преведувачи на една во друга стварност, кројачи што ќе исцртуваат шнитови за постојана мобилност на вредностите, кои ќе создадаваат идеолошко критичко опкружување што ќе биде наспрема владејачкиот вредносен систем, па кој и да е.

Политичкиот отпор, сличен на уметничкиот, мора да подразбира љубов, лудило, храброст, бескомпромисност, метод, знаење, структура, копнеж по праведен, подобар свет. Страст по различните опачини на вистината.

Нам ни се случува нешто што е спротивно на суштината на уметноста – имено, владејачката, државна, партиска идеологија насилно ни се наметнува во облик на уметност (се разбира лоша, но, сепак, е вештина и уметност). Тоа наликува на политичките поредоци во 30-тите години во фашистичка Италија, во нацистичка Германија и во комунистичкиот Советски Сојуз. Никогаш и никаде модерната уметност не била толку подложена на репресија како тогаш. Но, токму наспрема таквата репресија се развиваат силни слободократски и еманципаторски потенцијали. Загрозена во своето опстојување, уметноста во таквите пригоди запловува во оазите на слободното изразување, создавајќи јадро/практика/поетика, која ги ревитализира загубените критички и субверзивни потенцијали на она што ни е наметнато како преовладувачка, доминантна културна и политичка нарација. Само на тој начин и политичкото ќе добие нова уметничка вредност.

# МИСТЕРИЈАТА НА ОТПОРОТ

Се занимавме со темата „отпор“ веќе подолго време. Би сакала да дадам една малку поинаква перспектива на оваа тема. Според Мишел Фуко отпор има онаму каде што има моќ. А, сепак, токму заради ова, отпорот не лежи никогаш надвор од моќта. Фуко, анализирајќи ги односите на моќ, ни вели дека отпорот не е само последично дејство и негација на форматот на моќта, а со тоа секогаш на некој начин пасивна позиција што е подредена на една доминантна страна. Хетерогеното разбирање на отпорот е одговор на веќе нееднинствената претстава за моќта како вкупност на институции што го организираат и што го дисциплинираат граѓанското општество и против кои треба да се бориме, туку како мноштвеност односи на сили што организираат една иста територија. Нашата територија на отпор е истата онаа што ѝ припаѓа и на моќта. Затоа треба да бидеме внимателни. Нашата потреба да се поставиме наспрема, артикулирајќи ги елементите и алатките на отпорот, е многу комплексна – таа, едновремено, ја верификува негативната сфера на моќта, но, воедно, е на пат да конституира и нова моќ. Затоа често постои неспособност да се пречекори линијата, да се премине на другата страна, да се навлезе во сферата на утописко-еманципаторскиот концепт за отпор и протест. Стравот од тоа каква моќ треба да се ревоспостави е блокирачки и голем.

**Отпорот не смее да се третира во неговото површно значење на зборот, едноставно како противпозиција, опозиција. Тој мора да претставува не само реактивна туку и проактивна парадигма.**

Еден од најинтересните формати на отпорот, како тактичка стратегија, е оној за кој говори Антонио Негри, а тоа е **ефективноста на ширењето на празнината**. Мораме да ја шириме структурната политичка празнина, радикално да одрекуваме, да се опираме да дадеме легитимитет на постојните содржински политички симулакруми, кои ги создава тиранинот, за да создадеме нов простор за редефинирана политичка содржина. Мораме да покажеме и да

докажеме дека станува збор за огромен празен простор во кој нема содржина, туку има само привид на нормалност. Како во концентрационите логори кога има културно-уметнички содржини што симулираат живот пред да се влезе во коморите на смртта.

Повеќемина од нас сонуваат за антагонистичка и агонистичка форма на креативната моќ. За еманципација на креативната моќ, за радикална антимоќ, за која говори Антонио Негри. „Доаѓа време да се запрашаме: не постои ли, како теориски така и во практиката, една позиција што овозможува отпор во однос на тоа да се западне во мрачното и терористичко битие на државата. Со други зборови, станува збор за тоа да се побара некое стојалиште што овозможува дистанција од зададената и маѓепсничка моќ, која е доведена до ниво на уставна ултимативност. Тоа стојалиште се конституира како постојан, секојдневен креативен и истраен отпор, како органска, генеричка моќ, која стои наспрема наметнатата псевдозаконодавна моќ, која сакаат да ни ја востоличат како единствена оние што во мигот имаат шанса да ја практикуваат институционално“, вели филозофот, парламентарец и, веројатно, мастермајнд на Црвените бригади, Антонио Негри.

## МЕЃУ ОБЕЗНАДЕЖЕНОСТА, МОЛИТВАТА И ДЕЈСТВИТЕЛНОСТА

Многумина од моите пријатели ми велат дека се истоштени, изморени. Велат, истоштени се од обезнадеженоста, од големото ништо, од залудноста на своите акции, од јаловоста, од вртењето во круг. Ме замислија и се запрашав што да се прави во миг на обезнадеженост, на целосно испразнет простор во кој ништовноста на спектаклот е најуспешната алатка на владеењето? Што да се прави врз руините на едно општество, на една историска сегашност? Па, речиси како само молитва да преостанува, некој ми рече. Но, Жак Дерида вели дека молитвата не ја подразбира надежта. Консеквентно

на тоа, би рекла дека не треба да нè плаши отсуството на надеж. Треба да нè плаши отсуството на дејствителност.

## ЗА КРАЈ УШТЕ ДА ПРАШАМ – ШТО БЕА ТОА МУЗИ?

Вака, скаменети, ќе мораме да се потсетиме какво е значењето на Музата. Музите во своето име кријат корен што означува жар, жива напнатост, која расне од нестрпливост, копнеж или гнев, напнатост што гори од желбата за спознание или за дејствување. Музата оживува, поттикнува, буди, подигнува. Но, таа поттикнувачка сила се раѓа во множината, во мноштвеноста. Во повеќеслојноста на секоја индивидуалност, која станува интегрален дел од заедницата, која има капацитет да создава, да антиципира, да менува. Да не се плашиме да ја именуваме нашата Муза. Нашата муза е Музата на радикалната конфронтација, пред сè со себе и со своето отсуство на дејствување, а потоа и со привидот на дејствителност на другиот. Тоа е таа, десеттата муза.

Слободата
војување на
за повторно

ДА СЕ

ПРАВИ

Елена Михајлова

# ВИСТИНСКИТЕ „СЛОБОДНИ ЗОНИ“

Соочени со апсолутна партиско-државна контрола и едно брзо и жестоко искоренување на политичкото општество и на слободата, постои потреба од *промислување што би ни овозможило акција*. Да го составиме заедничкото искуствено значење на слободата што бараме да ја освоиме.

Мора да се направат видливи оние аспекти од колективното искуство што обично останувaат зад индивидуалните хоризонти или под прагот на индивидуалната свест.

И оваа трибина ја разбирам како една таква можност за реинвенција на нашиот видокруг на слободата. Не толку превртување на односите на моќта, колку избивање на една слобода што никаква моќ не ја расипала, иако секоја моќ ја прикрива.

Секако, дијалогот не може да ја спречи катастрофата, која е, во суштина, тука. Ние можеме докрај да ги разбираме проблемите, да водиме разговори, но тоа не ја спречува катастрофата. Она што го имам на ум тука не е некое „безбедно“ теоретизирање, туку е повеќе одбивање да го направиме

знаењето одделено од остатокот на борбата. Тоа е централно за борбата, централно за таа да не заврши во некакво неодредено приспособување на реалноста.

Основната теза од која поаѓам овде е дека авторитарните тенденции дома во еден дел идеално се затскриваат зад глобалните тенденции на исчезнување на политиката пред медиумите и пред финансиите, заедно со слабеењето на демократските установи. И дека домашните регресивни процеси, иронично, можат (до недоглед) да се одржуваат на овој начин.

И ова е важно да се има на ум, особено кога се обмислува политичка борба – која, соочувајќи се со еден авторитарен режим, во исто време ќе мора да препознае и да избегне и некои од глобалните стапици.

Останатото зависи од стратегиската интелигенција и, секако, од волјата и од храброста да се посегне по слободата.

Глобалните стапици што ги имам на ум можат да се идентификуваат најпрво преку една *политика што се откажува од трагање по или идентификување на причините и се занимава само со менаџирање на последиците* (тоа се денешните „држави на контрола“), што сериозно го ограничува просторот за јавна расправа, интелектуалците ги заменува со стручњаци или експерти што решаваат мали конкретни проблеми. И така, потпирајќи се на нормите на владејачката експертократија, јавното мислење веќе не игра улога на противтежа на власта, туку само ѝ изразува и ѝ дава поддршка на идеологијата на власта.

Политичката борба што го презема овој резон на справување со ефектите, а не со причините, преку некакви експертски расправи, за нас би била фатална. Тоа би нè ставило во ситуација да се занимаваме со тоа колку добро/лошо власта управува со „логорот“, како ја администрира/менаџира празнината што настана откако таа го елиминира правото (она за што говореше Искра Гешоска), а не со фактот дека оваа власт го елиминира правото.

Ние можеме до недоглед да расправаме околу поединечни законски решенија, деловници, правилници итн., но под нив не стои устав, Уставот е згазен. Или да се консултираме за тоа дали медиумите имаат право да ги следат седниците на Уставниот суд и што тоа значи за демократијата, а во нашиот случај нема Уставен суд, како што и генерално немаме институции, итн. Не смееме да влеземе во оваа стапица на правење фасада, додека власта ги јаде темелите.

Стеснувањето на просторот за вистинско политичко дејствување станува уште појасно кога ќе ја погледнеме улогата на медиумите во ова време на *спектакл*, како што често се нарекува екстремната фаза на капитализмот во која живееме, кој ги претвора сериозните граѓански расправи во дебатни спектакли, кои им ги нуди на потрошувачите.

Кога сериозните прашања на злоупотреби, репресии и криминал на власта ќе бидат пуштени низ механизмот на медиумски спектакл, тие ја доживуваат истата судбина како „хитовите“ од топ-листите, дури имаат и многу пократка судбина од нив. Информациите за милионските криминали, за корупциите и за злоупотребите одат во неповрат, се разложуваат во ништо. Штом првичната еуфорија ќе помине, новината исчезнува и циклусот вести оди понатаму. Тие ја шокираат јавноста само за следниот ден таа да бара нова посилна доза (нова вест). И, за жал, тоа е така, спектаклот е поврзан со губењето на меморијата. И нашата борба против моќта треба да биде и борба на меморијата против заборавањето.

Преминот од овој авторитарен систем кон слободата ќе мора да биде иницирана и посредуван од сегашност во која може да се одвива автентична дискусија. Автономните зони на отпор, зоните на политичка борба, ќе мора да бидат: зони (простор) на вистинска расправа, а не експертократија; зони што не се хранети од спектаклот, и со тоа впрегнати во одржување на статус кво и, конечно, зони што се способни да ја претставуваат целината.

И, би сакала поименично да ги повторам:

1. Ќе мора да се создаваат *слободни зони на вистинска дискусија/промислување*. Не смееме да заборавиме дека опасноста ѝ се заканува не само на слободата на јавното мислење туку и на слободата на мислењето. Треба истовремено да се брани слободата на сознавање и слободата на пристап на знаењето.

За силната демократија е секогаш важно клучните избори и толкувања да не се препуштени на неодговорна каста стручњаци, полунаучници што преку медиумските труби стануваат господари на јавното мислење.

2. Овие зони (автономни зони на отпорот, зони на борбата) ќе мора да одат *преку чисто спектакуларната бунтовност.*

Ова совршено опишува дел од „активизмот“ што го гледаме денес. Активизам на егото, кој ги презема своите знакови од спектаклот. Тој го репродуцира ликот на несогласувањето (како маичка со ликот на Че Гевара), но е неспособен него да го направи релевантен за комплетно друг терен.

Општествените мрежи/платформи, какви што се Твитер и Фејсбук, се сметаат за корисни за ширење на вести, „форвардирање“ слики и коментари. Но, без оглед колку можат да бидат интензивни тие споделувања и вмрежувања, тие често не одат подалеку од „кратките врски“. Како привремени автономни центри, тие се еден вид карневалски раскини на секојдневниот живот и можеби се најдобро разбрани како *револти без последици*.

Значи, не е доволно да се развијат средства за изразување преку новите медиуми и комуникациски мрежи. Исто така, императив е тие да не бидат хранети од истиот нервозен систем како спектаклот. Или, ако имаме намера да го вклучиме, да ги разбереме неговите ограничувања и да го користиме на начин што одговара.

3. И, конечно, овие зони на отпор/политичка борба ќе мора да бидат способни *да ја претставуваат или да ја конструираат целината.*

Тоа значи дека ќе мора да ја избегнат опасноста на солидарноста на микрогрупите, која е повеќе израз на нарцизмот или на колективниот нарцизам, отколку на една општа солидарност и која значи инвестирање во субјективни проблеми (некакво релациско воодушевување), а не одржување на res publica.

Во оваа смисла, и тоа е посебно важно за новите медиуми (како порталите) што се вклучуваат во борбата – тие не смеат да функционираат како приватни зони за дружење, во кои солидарноста се меша со личното познанство, а општите проблеми се индивидуализираат. Темите и просторот не смеат да бидат узурпирани и оштетени на таков начин. Тие зони мора да служат како носители на минимумот солидарност што ќе ја дефинира новата општествена врска во вистинската смисла, за разлика од, на пример, тесното дружење или колаборацијата како стратегија на голо преживување.

И сето ова е можно. Типичен пример кај медиумите е телевизија Телма, која без какви било ребрендирања, редизајнирања, шоуа, дебатни емисии и спектакуларни наслови, исклучиво со половина час вести дневно – дава слика за тоа што се случува и со својот јазик, кој не е млак или неутрален, туку е критички, кој успева да не биде личен – нѐ обединува во критичко согледување и подеднакво засегнува повеќе од кој било медиум кој во името на жестоката критика клучните прашања ги претвора во хроники на лични борби и суети.

Да заклучам, се работи за надминување на простата свест за постоењето закана, и преку создавање на вакվите простори на политичко дејствување може да се одговори на клучното прашање денес, а тоа е како да се дојде до критична маса, која оди преку славење на привремена еуфорија.

Ние сме во период меѓу мали осила на акција, каде што има многу прегорување и продавање. Следното заедничко туркање треба допрва да се материјализира.
И нѐ чека макотрпна и трпелива работа.
Ние сме на почетокот, не на крајот.

за повторно
освојување на
слободата

# ШТО

# ДА СЕ
# РАВИ

Никола Гелевски

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ? ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО

## Живееме во мека деспотија

Република Македонија е сосема промашен проект. По 23 години самостојност тој факт боде очи речиси на сите рамништа: економски сме под нивото од пред 30-40 години (реалниот бруто-општествен производ бил повисок во седумдесеттите години на минатиот век отколку денес); популациската слика е речиси катастрофална – повеќе стотици илјади граѓани иселени се од земјава само во последниве 15 години; внатре во земјата, пак, царуваат безнадежноста, стравот и сѐ побескрупулозната борба за сѐ поскудните ресурси.

Најстрашно е, се чини, што ние не сакаме да се соочиме со обемот на нашето пропаѓање. Оти не се само економски штетите предизвикани со упропастувањето на институциите, со партизирањето на општеството, со огромната корупција, клиентелизам и грабеж... Штетите се во неповратноста на некои процеси и во долгорочно нарушените можности да бидеме нормално општество.

***

Денес, под тиранијата на груевизмот, засилено и сè побескрупулозно трае политичкиот и културниот ревизионизам и агресивниот културен инженеринг, кој води кон радикална промена на македонскиот идентитет и кон поништување на асномска Македонија. Антиквизацијата што ја спроведува режимот е дело на најрадикалните националистички структури. Дел од нив се од дијаспората и се сосема отсечени од реалноста на нашето општество; тие луѓе живеат во митови и фантазии и се хранат со борбата со Грците околу античкото наследство, која за нас е самоуништувачката. Најрадикалниот дел од таа дијаспора (кој може да се спореди со српските четници и хрватските усташи) денес има своја продолжена рака во владата во Скопје. Со Македонија владее еден радикален дијаспорски национализам, чија суштина е симболичката борба со Грција и сонот за голема Македонија. И двете цели се апсолутно губитнички и ја водат Македонија во амбис.

## Културата е политика!

Денешните општествени судири и политички борби веќе не познаваат некаков носечки антагонизам на кој можат да се сведат сите други општествени судири. Дури и самиот терен на политичката борба стана неодреден. Веќе никој просторот на политичкото не може да го одвои од сферата на културата (која порано ја сметавме за автономна), ниту обете сфери можат да се држат на дистанција од сферата на економијата. Една радикална слика за промените во релациите меѓу културата, политиката и економијата дава Славој Жижек кога тврди дека популарната култура е политиката за 21 век. Оваа теза наоѓа упориште во процесот што често се опишува како културализација на политиката, каде што политичката интервенција се преместува кон уметноста, разновидните социјални движења (феминизам, екологија, итн.), додека јавната сфера се мери низ аршините на културата.

И низ еден друг, демократски ракурс, важна е забелешката на Жижек. Се чини дека и низ културата новите граѓански иницијативи треба да ја враќаат политиката кон демократијата. Оти, политиката и демократијата се синоними. Деполитизацијата е основната цел на антидемократската политика, некогаш и денес. Деполитизацијата, т.е. безусловното барање „работите да се вратат во нормала“, при што секоја индивидуа си ја работи својата работа, ги умртвува човечките енергии и ги намалува слободата и учеството. Ако почнеме политиката одново да ја разбираме како демократија, поголема е можноста ненадејната провала (изблликот) на политиката да го поткопа она што Рансиер го нарекува полициски (или „редарствен“) поредок, установениот општествен поредок во кој секој дел е вклучен на начин соодветен за него. Наш впечаток е дека културата може да го помогне, да го засили изблликот на демократската политика. Според нас тоа е една од нејзините најважни општествени функции.

## Борба за автономија на сопственото сеќавање

Со сеопфатното бришење на искуството на комунизмот од нашата лична и колективна меморија, низ еден пропишувачки процес на историска амнезија, од историското искуство на нацијата, всушност, се брише и вистината што тој комунизам општествено го предизвикало. Со тоа се брише и општествената вистина на комплексната и противречна национална историја. Таа историска амнезија има сосема актуелни последици. Не само што нацијата сега е неспособна на своето комунистичко минато да му даде општествена смисла, да го објасни како идеолошки и политички производ на конкретни општествени судири, туку сега ни општествената вистина на актуелната стварност за неа нема никаква смисла.

Меѓу другото, за да добиеме право да ја креираме сопствената сегашност ние одново ќе треба да се бориме за автономија на сопственото сеќавање. Одново ќе треба да го промислуваме сопственото социјалистичко искуство

и од него, меѓу другото, да црпиме нови еманципаторски и ослободувачки енергии. Притоа, не велиме дека треба да ја реставрираме Југославија како политичка заедница, туку да ја промислуваме како заштита на личното и на колективното сеќавање, како борба за повторно враќање на автономијата и на достоинството, но и како идејна алтернатива за овој сè побезнадежен свет.

***

Македонскиот модернизам е највисоката точка во развојот на националната, т.е. на културно-политичката свест на Македонецот во 20 век. Речиси сите овдешни институции се изградени, и буквално и симболички, во духот на модернизмот. Да ги отстраниш клучните симболи на македонското себеразбирање и градење значи да ампутираш мозок или ‘рбет од организам СО СКЕЛЕТ И СО МОЗОК. А, нас тоа сега ни се случува: за да изгради еден „поубав и постар Македонец", груевизмот му ги ампутира ‘рбетот и мозокот на досегашниот Македонец. Не велиме дека тоа не е можно; на тој начин ќе добиеме Македонец од пластелин, од желатинозна маса што личи на пивтија (се прави од свински ножиња, не?!). Македонскиот мозок да се претвори во копито, а ‘рбетот во гума – тоа е мисијата на груевизмот.

Македонскиот модернизам, кој во моментов се наоѓа под талибански удар, да повториме, е симбол на ослободувањето и отвореноста, симбол на рамноправното вклучување на Македонија во западната цивилизација.

## Дејствувањето е единствената активност што нè сочинува

Живееме во маѓепсан круг на немоќта: апатијата на граѓаните ја зголемува неодговорната моќ на власта, со што се засилува беспомошноста и одново се произведува апатија. Таквата власт, која почива врз апатични граѓани, Токвил ја нарекува мека деспотија.

Слаба утеха е што чувството на апатија и на резигнација има глобални димензии. Она што обесхрабрува е дека проблемот сме ние; но, и она што охрабрува е – решението сме ние. Ние и како учесници во локалниот живот на една квазидржава, но и ние како учесници во глобалните процеси каде што се случува истото: превреднување на старите политички модели и создавањето поинакви географски и политички парадигми.

Луѓето се моќ без да ја имаат. А дури и „моќните“, чии одлуки влијаат врз стотици илјади луѓе, се неспособни да го променат инертниот тек, сè додека секој од нас продолжува да работи онака како што работи сега.

Затоа Хана Арент беше во право кога инсистираше дека она што ни е потребно е политизација, придвижување на оние што сега се потчинети, повлечени, или немаат одговорност, според нивните сопствени можности, потреби и одговорности. Политизацијата овде не го подразбира ниту растечкото управувачко навлегување во приватните животи на луѓето, ниту должната потчинетост спрема официјалните авторитети, туку, напротив, таа подразбира одговорно и делотворно учествување во самовладата (себевладеењето), која им се обраќа на стварните проблеми и потреби.

Задачата пред нас, и како граѓани на Република Македонија и како граѓани на светот, е повторно да се воспоставиме себеси: да ги реорганизираме институциите, да го преобликуваме карактерот, да ја предизвикаме борбата на идеи. Тоа можеби не е лесно, но никогаш не треба да стане невозможно.

Таму каде што некој ќе направи чекор напред, другите можат да го следат. Таму каде што некој ја зборува вистината, другите тоа можат да го препознаат и да соберат храброст да го направат истото. Единственото место од кое можеме да почнеме е токму она на кое се наоѓаме, а постојат илјада начини да се почне, како што вели Хана Арент, „речиси сегде и секогаш“, бидејќи дејствувањето е „единствената активност што нè сочинува“, што го сочинува нашиот заеднички јавен свет.

## Какви вредности треба да застапува добриот политичар?

Какви вредности треба да застапува добриот политичар? Пред сѐ, не смее да шири омраза и страв и не смее да ги брани интересите исклучиво на тесни тајфи, сеедно дали станува збор за неговото семејство, партија или за општествена група. Добриот политичар подеднакво и принципиелно треба да се грижи за интересите на сите граѓани во општеството. Доколку личниот ќар носи општествена штета – моралниот политичар го отфрла. Освен моралност и одговорност, за некој да биде во состојба успешно да управува мора да има толерантност, мора да биде ментално стабилен, да има широка култура, мора да ги познава начините на кои функционира неговата држава, но и светот пошироко. Со своето знаење политичарот треба да го менува животот кон подобро, да ги унапредува меѓучовечките односи и да решава конфликти. Треба да научи да ги слуша разумните луѓе и јавноста, да ги почитува законите и одлуките на демократските институции.

Злоупотребата на емоциите на народот за политички цели и заради остварување себични цели е израз на најголема можна управувачка неспособност, нецивилизираност и неморалност.

Во спроведувањето на власта одговорниот политичар не смее да ги злоупотребува медиумите, судството, војската или полицијата. Одговорните политичари не смеат да се служат со лажни ветувања за да ги придобијат масите и за да стекнат популарност на сметка на општествената стабилност. Злоупотребата на емоциите на народот за политички цели и заради остварување себични цели е израз на најголема можна управувачка неспособност, нецивилизираност и неморалност.

Сегашната македонска власт застапува целосно обратни вредности од погореспоменатите. Груевистичкото разбирање и практикување на политичката моќ преку лаги, манипулации, насилство и злоупотреба на сите општествени лостови, токму е во знакот на неспособноста, нецивилизираноста и неморалноста.

## Против рефеудализмот!

Растко Мочник во рефеудализирањето на општествениот живот пред сè гледа триумф на малограѓанската свест и култура. Бидејќи новите господари, поради својата културна јаловост, не се способни да го поттикнат настанувањето и развојот на своја сопствена (владејачка) култура, тие нови владетели, всушност, ја блокираат самостојноста на која било култура, смета Мочник. Бидејќи не се способни да воспостават сопствени естетски норми и етички установи што би ги интегрирале, новите господари им се препуштаат на малограѓанските и на популистичките матрици, кои, всушност, ја уништуваат можноста за критичка и сериозна културна продукција. Антиинтелектуализмот е парола на денот. Како што вели Мочник, комунистите ја тероризираа културата поради сопствениот интелектуализам; сегашнава нова класа ја уништува културата поради сопствената малограѓанштина (две важни особини на малограѓанскиот менталитет: постојано демнење да се начека шансата за самопромовирање; постојан страв од деградација).

Малограѓанскиот културен пресврт во новофеудализираната Македонија е посериозен и поопасен од стандардно анестетичката улога на културата во новото феудализирање на масите. Овдешниот режим, со помош на еден длабински културен инженеринг, ја користи културата за ново читање на историјата и на националниот идентитет, а сè во рекламна функција на режимот. Власта ја претвори културата во билборд за популистички и националистички илустрации и манипулации. Таквото разбирање на културата е штетно по најмалку три основи: создава лажен и нестабилен идентитет подложен на маркетиншки игри, а не на покомплексно промислување на светот и на сопствената улога во него; културата сфатена како „илустрација“ е штетна и од финансиски аспект: таа не е развојна, туку е за дневнополитичка употреба; најпосле, таквата култура (затворена во себе, без можност да се споредува, надвор од современите текови, анахрона и провинцијална) само ги оддалечува од себе навистина

талентираните и посветени уметници и културни работници, пред сѐ меѓу помладите.

## Значи, што да се прави?

Да бидам сосема прагматичен и практичен, на крајот; по осум години државен терор издвојувам еден недвосмислен одговор: треба да се прави цивилно општество, т.е. систем паралелен со државниот, систем што го бојкотира режимот и кој знае да ги сочува вредностите и смислата на оние луѓе што го избираат цивилното општество, наместо хиперкорумпираната држава.

Се разбира, поедноставен, можеби дури и полесен одговор на прашањето: „Што да се прави?" е: Треба да се уништи окупаторот, узурпаторот на државата, спроведувачот на теророт. За жал, во овие осум години се покажа дека таа цел (веројатно приоритетна, веројатно најлогична) е најнереална. Се покажа дека општеството до тој степен е корумпирано, што се умртвени енергиите на граѓаните. Дури примарно можеби не се работи толку ни за страв од режимот (иако го има, обемно), колку за умор, резигнираност, изгубеност, опортунизам...

Затоа, во меѓувреме, ми се чини, потребата од градење граѓанско (цивилно) општество стана поостварлива, а можеби и поприоритетна цел. Зошто? Бидејќи под осумгодишниот партиско-државен терор сфативме дека општеството е во многу поголема криза од кризата на власта. Општеството е заболено во самите дамари: во вредностите и во ориентациите. Бескрупулозноста и себичноста станаа основни начела на функционирањето. Да се преживее денот - стана општо начело на преживување. Се изгубија солидарноста, грижата, одговорноста, желбата да се согледа поголемата слика (регионалниот контекст, глобалниот контекст, иднината на нашите деца)...

Но, има и многу други причини зошто, наместо поправка на старото, е потребно ново општество, нов концепт, нова

заедница, макар на микро ниво или на ниво на експеримент. Бидејќи собиров го организира најголемата опозициска партија во Македонија, ќе издвојам еден одговор: Ако не знаеме добро да се организираме во опозицијата, зошто некој би ни дал доверба да ја организираме државата? Значи, создавањето цивилно општество и паралелни институции (како во војна или окупација, или диктатура, или терор) е голем предизвик за сите оние што не сакаат да живеат како робови со испрани мозоци, некаков вид современи манкурти. (Постои стара казашка легенда, која ја споменува Чингиз Ајматов во романот „И подолго од векот трае денот“: Постоело племе на сурови воини, кои безмилосно ги мачеле заробениците со каиш од камилска кожа и ги претворале во манкурти – весели робови, луѓе без сеќавање.)

Нов полет на општите демократски процеси, смета важниот современ француски филозоф Етјен Балибар, не можат да дадат побожните говори за „граѓанската свест“, за „постнационалноста“ или за „европскиот проект“, туку автономните мисловни и акциски иницијативи. Европа не може да биде создадена исклучиво одозгора, ниту може да биде препуштена на новите популизми, кои божем конечно ја откриваат новата победничка формула: „Ни левица, ни десница“. Според Балибар, во мислите, во инвенцијата, во борбите треба да отвориме цела низа градилишта на граѓанскоста. А, смислата на денешната борба за заедницата (и за потесната, и за пошироката заедница) е во тоа на тие градилишта на граѓанскоста да им се понуди максимум јасност и интензитет, за одново да се отворат можностите што ги даваат историјата и политиката.


за повторно
освојување на
слободата

Ерол Ризаов

# НЕМА СЛОБОДА БЕЗ ОГРАНИЧЕНА ВЛАСТ

Без демократија владеењето на правото се трансформира во присила, репресија и диктатура

Нема демократија без ограничување на политичката власт.

Само со владеење на правото може да се обезбеди контрола на власта и ефикасна заштита на граѓанинот и на неговите права.

Без вистински парламентарен систем, без независни инстутиции на системот и слободни медиуми – нема демократија.

Во Македонија стана неприменлив овој основен темел, научен и теоретски применет повеќе векови за градење демократски општества. Кај нас сѐ уште недоизграден – целосно е разурнат, иако постоеше институционален механизам и уставно гарантирани принципи за обезбедување на владеењето на правото.

Се покажа во практиката дека многу полесно се остварливи тенденциите за апсолутно преземање на власта,

отколку на одговорноста за непречено функционирање на демократските процеси. Веќе има еден куп цврсти докази, со кои се соочуваме секој ден, дека без демократијата принципот на владеење на правото се трансформира во инструмент на присила, репресија и диктатура. Почнувајќи од политички селективните драконски казни на незаштитените граѓани и компании, до партиското функционирање на судството во сите инстанции, па до контролата на медиумите, за конечно, на крајот, инсталирање парламент без опозиција. Три демократски фундаменти во моментот се најзагрозени. Тоа е парламентаризмот, судството и медиумите. Не сум убеден дека во македонската јавност преовладува мислењето дека без нивното ослободување и независност не е можно ни слободно општество, ниту, пак, економски и културен развој на државата.

И годинава со протоколарна здодевност и прилично пригушено ја одбележвме 70-годишнината од основањето на првото Антифашистичко собрание на Република Македонија. Најголемата победа во историјата и овојпат ја потиснавме зад поразот од 1903 година, кој, за жал, е редовна алиби практика на сите транзициски влади. Власта отворено покажува дека не ги сака многу јубилеите меѓу нејзиното доаѓање на престолот и на Александар Македонски. Има неколку историски периоди што последниве години селективно се меморираат во новото колективно паметење на граѓаните, сè друго е изложено на амнезија. Значи, златното време во потрага по пославно минато е неколку века пред Христа, тоа е времето на Перикле, на Филип Втори и на Александар Македонски, потоа се скокаат едно 20 века и доаѓаме во периодот што го обележува крајот на 19 век и првите децении на 20 век, кога е уништен првиот цвет на македонската интелигенција во идеолошките пресметки на тајните македонски револуционерни организации по кои сè уште нè паметат Европа и светот. И, на крајот, новото пресметување на времето од 2006 година наваму со ерата на груевизмот. Тоа е времето кога се обновува задоцнетиот кич-барок, како политичка поддршка во потрагата по нов идентитет и по пославно минато.

Граѓаните на Македонија во изминатите 70 години не ја почуствуваа парламентарната демократија во вистинска смисла, како што би требало логично да произлезе од оваа седумдецениска традиција. Првиот парламент на државата цели 47 години (1944-1991 година) беше еднопартиски. Иако ги имаше сите институционални обележја на највисок законодавен дом, хендикепот од еднопартизмот беше донекаде успешно надоместуван со бурни расправи за различните политички и економски интереси, кои излегуваа од рамките на едноумието. За време на последените години на еднопартизмот ни оддалеку тоа не беше едноумен дом на Комунистичката партија. Напротив, пратениците во Собранието отворија жестоки расправи за економските и за политичките реформи. Не случајно последната социјалистичка влада на премиерот Глигорие Гоговски ги предложи сите закони за воспоставување на новиот повеќепартиски плурален општествено-економски и политички систем по мирен пат, а Собранието ги усвои со аплаузи. За тоа имаше силен сојузник во врвот на Комунистичката партија на Македонија, која во жестоките југословенски расправи за иднината на државата го заседе курсот на независна македонска држава. Таа доктрина на мирно примопредавање на власта и историската промена на системот овозможи да се заземе правилен курс при трагичниот распад на Југославија.

Со сите слабости и притисоци со кои беше соочуван парламентаризмот во Македонија во период од 2 август 1944 година до 24 декември 2012 година, може да се даде оцената дека процесите на демократизација на земјата, и покрај тоа што течеа бавно, одеа напред и во правилна насока. Собраниските расправи и амандмани, одбиени одлуки и вратените закони на владата и во социјализмот и во првите години на повеќепартизмот на независна Македонија имаа свои историски проблесоци и главни јунаци.

На 24 декември – црн понеделник по 68-годишната историја на Собранието на Република Македонија – се случи трагичната последица на едно лошо и авторитарно владеење. Тој настан го обиколи светот и ја вброи Македонија во режимските

системи и диктатури, што никогаш досега не се случило без оглед на општествено-економскиот и на политичкиот систем. Професорот по уставно право Светомир Шкариќ вели дека тоа е вратоломејска ноќ за македонската кревка демократија и дека по Оливер Кромвел таква работа во европските парламенти се нема случено.

Не смееме никогаш да заборавиме дека на тој ден власта од позиција на сила и моќ ја повика полицијата, која испрати агенти во цивил, кои влегоа во Собранието на Македонија и насилно, противуставно и противзаконски, ги отстранија пратениците на опозицијата и новинарите од своите работни места. Со невидена бруталност и со ќотек, полицијата ги исфрли од дебатната сала пратениците на најголемата опозициска парија. Таа драма на насилие е овековечена со снимките на една пратеничка на мобилен телефон. Светот дозна за големиот срам во македонскиот парламент да се донесе буџет со насилие.

Тепањето пратеници и новинари немаше праведна и правна разврска, ниту, пак, некој понесе морална или политичка одговорност. Обратно, опозицијата беше арогантно нападната дека подготвувала државен удар со тоа што го спречувала донесувањето на буџетот и организирала протести пред Собранието. Арбитражите на Европската комисија и ветувањата на домашните политички лидери дека ќе се расчисти случајот со иницирање одговорност, по повеќемесечни расправи заврши со тоа што власта го прогласи за тоалетна хартија заеднички прифатениот документ. Тука и почна оформувањето на новиот едноумен систем полош од претходниот.

Судството во сите инстанции е уште една трагична приказна за владеењето на правото и селективната партиска правда. Пресудите од 112 години затвор за ликвидирање на најгледаната телевизија и повеќе дневни весници, затворањето на партиски лидери, новинари, свештени лица, политичари на опозицијата, е само горниот видлив дел од сантата мраз. Поголемиот дел е сè уште невидлив и многу поопасен.

Јавниот обвинител Марко Зврлевски јавно ги прикажа состојбите во македонското судство такви какви што се со

спречувањето на судската постапка по тужба на опозицијата дека премиерот е лично замешан во голем коруптивен скандал при продажбата на Македонска банка. Кога сите граѓани во Македонија кога се тужени би имале ист третман како премиерот Груевски во случајот со Македонска банка, веројатно обвинителот Зврлевски би можел да смета на поголема доверба во јавноста. Но, со арогантното игнорирање на судот и со отфрлањето на сите обвинувања како неосновани, незаконски и застарен, и јавниот обвинител ја отслика правната држава и владеењето на правото на најкарикатурален начин.

Неколку дена пред пресудата на судот на новинарот Томислав Кежаровски, јавниот обвинител Зврлевски ја соопшти висината на затворската казна во дневниот весник Вест. Човекот спокојно од позиција на јавен обвинител рече дека Кежаровски треба да биде осуден на најмалку четири години. Ваквото настапување на јавен обвинител во која било земја на Европската Унија би било скандал без преседан, но кај нас помина глуво и во стручната, и во пошироката јавност. Делото на Кежаровски не застарува, бидејќи пред пет години напишал дека следи монтиран судски процес со обработен заштитен сведок. Неговиот грев, според многу индиции, се крие на друго место, бидејќи по загинувањето на новинарот Никола Младенов открил докази на местото на несреќата што се многу непријатни за лошата истрага на полицијата и на судот.

И, конечно, слободата на медиумите. Во Македонија и официјално за владата и за премиерот единица мерка за слободни медиуми стана популистичката примитивна оцена на неколку аплогетски новинарски шарлатани и измамници, која гласи: Па, што им фали на тие што пишуваат критички за власта. Слободни се, не се во затвор. Според нив, затворањето на десетина-петнаесет луѓе што јавно ги соопштуваат своите ставови би било доказ дека во Македонија нема демократија. Истите тие луѓе што наутро ја експлоатираат оваа доктрина, попладне повикуваат на јавен линч и ја прозиваат власта да преземе остри мерки во одбрана на државните интереси од предавниците и непријателите на татковината.

Веќе е познат во јавноста еден од најбизарните случаи во македонското новинарство и судство. По петгодишен судски процес, кои го иницираа 15 новинари и јавни личности, затоа што без ниту еден доказ беа жигосани во весникот „Вечер" дека се грчки платеници, падна пресуда невидена и неучена во судската практика. Главниот уредник, кој го објави текстот без потпис, по неколку одложувања на судењето го посочи директорот на издавачката куќа дека е тој автор на текстот во кој се наклеветени новинарите. Директорот потврди пред судот дека е тој автор на текстот. По отворањето ново обвинување против директорот и по пет години судење, на кое се изредија тројца судии, директорот, сега како обвинет, изјави дека тој не е автор, туку новинарка што веќе не е во работен однос во „Вечер". И, конечно падна пресудата што, народски кажано, гласи вака: Клевета има, навреда има, текст има, весник има, главен и одговорен уредник има, директор има.... Нема автор. Штом нема автор, нема ни пресуда. Ете така цели пет години овие луѓе изложени на столбот на срамот се третираат како предавници, непријатели на татковината и странски платеници. Тие немаат тешки душевни болки како македонските високи функционери, кои судот ги ублажува со казни во десетици илјади евра, или, мерено во новинарски плати, за да плати една душевна болка на премиер или на министер, еден новинар треба да работи од три до пет години. Во оваа пригода нема потреба да зборувам за коруптивните и за селективните донации на власта кон своите медиуми. Само ќе кажам дека за таа намена владата троши околу 50 милиони евра пари на граѓаните. Тоа и не е толку скапо за да се направи лажна слика дека тече мед и млеко во државата од сите страни.

Ова е само дел од големата слика на последиците од апсолутната власт на Никола Груевски. Дали во вакви услови може да се врати слободата? Да, со напомена дека по мирен еволутивен пат за тоа треба децении.... Толкави се штетите од режимското владеење.


за повторно
освојување на
слободата

Бојан Иванов

# БЕЛЕШКИ ЗА КУЛТУРАТА, ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗА ДИСЦИПЛИНАРНИТЕ ФОРМИ НА ТВОРЕШТВОТО И НА ЗНАЕЊЕТО… ВО ОВДЕШНОСТА

## 1. За вистинските прашања

Што да се прави? Најнапред треба да се разбере дека во својот изворен контекст ова прашање е поставено врз веќе развиена теорија на класно определената политичка акција. Денес главната пречка што треба да се надмине веќе не е поставена од осуетената волја за промени, туку од пребришаните сеќавања за утописките поттици, задушени во безизлезот на бесконечната сегашност. Прашањето, тогаш, ќе треба да се постави на следниов начин: Како да се мисли? Како да се мисли она што е незамисливо, она што се измолкнува пред секој обид за преточување во рационален концепт или, барем, во делотворна претстава на пожелните односи и состојби?

### 1.1. За тешкотиите на претставувањето

Стварноста, која треба да се дофати и прифати како единствена достапна суровина на мислењето и дејствувањето, претставува, едновремено, и средство и цел. Од достапноста на начините и можностите за нејзино уверливо претставување зависи и самото определување кон содржините и формите на јавниот интерес, односно кон појавите на практично-политичкото. Меѓутоа, таа стварност е несогледлива за единката што е истоштена од дневната задачата да ги опредмети структурно неопходните фикции на животот: среќа, пари, имот, власт, правда, народ, достоинство, битие... слобода. Притоа, изгледа дека стварноста се повлекува и пред обидите за нејзина тотализација како нешто несомерливо со амбициите на просветителската замисла за универзалното, јавно и слободно знаење и творештво. Всушност, самиот обид за научен и уметнички увид во јадрото на историскиот систем на човековото секојдневје се наоѓа во завршната фаза од процесот на делегитимација и деконструкција – процес што е заснован и насочуван од идеолошки маневри затскриени под наметката на културата.

## 2. За овдешноста

Мислењето на македонскиот современ општествено-политички миг го носи белегот токму на таквата осуетеност. Имено, од поројот на експертизи, новински колумни, научноистражувачки проекти и политиколошки анализи, кои во изминативе децении го имаат преплавено македонскиот јавен простор, се гледа дека домашните состојби се толкуваат како локална аномалија на еден, инаку успешен, крајно делотворен економски модел и на неговите соодветни социополитички односи.

Тие разбирања ја покажуваат својата недоветност на неколку рамништа: пред сѐ, тука е неснаодливоста при разликувањето на настаните и опитот од цикличната историчност во светогледот на единката (локално!) од оние

закономерности на еднонасочната општествено-економска, политичка и културна родова историја (глобално!); натаму, следува невешто сроченото барање за реставрација на „нормалноста“, за враќање назад кон (по)едноставните односи и облици на производство и размена во општеството; конечно, сѐ се доршува во несвесното прифаќање на честопати молкум искажаната согласност дека не може да се замисли локално одзглобување, територијална сецесија од детериторијализираниот светски економски, правно-политички, технолошки, комуникациски и вредносен систем.

### 2.1. За овдешното пресметување на времето

Следствено, би се рекло дека единствената терапија за закрепнување на заболениот македонски општествен организам, која ја пропишуваат домашните врачеви, се состои во некаква темпорална сецесија, поточно, во нерешителното, млако одречување на сегашноста, во црпењето поуки од знаењето за просветителското минато (образование?!) и во планирањето дејства насочени кон пристојната граѓанска иднина (култура?!). Понудена во разни варијанти на вкусови и ароми, ваквата препорака за реконструкција на општествената смисла, на значењето на единката и на историската целисходност, ја лоцира слепата точка во тековниот израз на некогашната носечка либерална реторика.

## 3. За рекурзивните историски равенки

Оваа штура мисла на запуштеното либерално класно знаење-идеологија, нема повеќе сили за проценка на историските претпоставки и разрешување на практично-политичките исходишта на сопствените барања за „повторно“ освојување на слободата од македонските зандани на глобалната стварност. Прво, бидејќи враќањето кон состојбите на слободата претполага обнова на еден комплекс историски нужности од кои, впрочем, (секогаш, нужно и повторно) произлегува и дијалектиката на актуелните противречности;

второ, затоа што потрагата по нов политички дискурс на масовна мобилизација во образованието и во културатата, како традиционални бастиони на општествената и на индивидуалната слобода, претполага овие простори на самосвојноста сѐ уште да не се контаминирани од лошата стварност на упорното секојдневје и на напорната судбина.

## 3.1. За окупацијата и колонизацијата

Последната реченица налага дополнителни појаснувања, особено поради тоа што во неа неодложно се поставува и прашањето на некаква политичка акција – што да се прави? Барем за почеток, би требало храбро да се исчекори од улогата на „лојална опозиција“ и од практиките на безволно соучесништво; а, потоа, ќе треба и јасно да се согледаат состојбите од непосреден интерес: имено, дека просторите на образованието и на културата се веќе зафатени од доминантниот идеолошки дискурс и тоа во обратно поставена, длабоко иновативна структура на темпорализација на вечната сегашност.

Накусо, денес преку културата се колонизира минатото, а преку образованието – иднината.

## 3.2. За просторите на насилството

Симптомите на темпорализација во македонскиот тековен општествено-политички амбиент се најуочливи во остварувањето на ресорните интереси за ликовното творење и знаење, односно за уметноста и за нејзината историја. Но, тука треба веднаш да се истакне дека видливо е само тоа што му се нуди на погледот. Политичката дебата е вешто пренасочена (исклучиво!?) кон живото творештво и кон јавната критичка реч, разбрани како симптоми на акутните состојби, коишто навидум ги предизвикуваат отуѓената политичката моќ и голото институционално насилство. Вистинското, пак, хронично жариште на акутната болката е уште повешто затскриено под систематичната, длабока

и тивка преобразба на установите на дисциплинарното знаење (како и на воспитно-образовниот процес, во целина) во казнено-поправни логори за социјален инженеринг и за психолошко кондиционирање.

### 3.3. За субјектите, носителите и функционерите на јавниот интерес

На планот на обуката и подуката, уметничкиот и критичкиот чин се преведени во оперативен збир на техники и приоди од областа на заштитата на културното наследство – на она наследство што не постои и што ќе треба „творечки“ да се реконституира и „научно“ да се легитимира. Со други зборови кажано, од учењето (на и за културата), воопшто, докрај е искоренета етиката на знаењето.

Така опредметеното знаење го пребришува субјектот на јавната, културна, политичка и општествена иницијатива, нудејќи ги позициите на носителот на јавниот сервис и функционерот на културниот капитал – како награди во општествената (државната?!) лотарија на идеолошката корупција.

## 4. За културните извориштa на политичкото самоволие

Дотука веќе треба да е сосема јасно дека претходните белешки и забелешки не содржат намера за сведување на македонската стварност до некаков општествен еквивалент на разбрани историски нужности (производни сили и односи). Обидот, всушност, е насочен кон скицирањето на еден психолошки еквивалент на стварноста, односно кон разбирањето на границите и условеноста на конкретното перцептивно искуство на апстрактниот човек... во овдешноста.

Врската со содржините на политичката акција е непосредна – културата е симптом, образованието е жариште на заболувањето, а, од неодамна, семејството е метастаза на фактичноста во која единката не може (не смее?!) да погледне.

Оваа позитивна повратна врска, ова циклично претворање на животот во тотализиран предмет на узурпираниот јавен интерес, мора да се раскине.

Искажано во термините на практично-политичкото, целта е разбивање на механизмите на отуѓената темпорализација, односно именување на сегашноста на културата и на образованието како нови лиценцирани дејности на моралнополитичката подобност и на идеолошката хомогенизација на македонското општество.

## 4.1. Како да се мисли?

Именувањето на нештата и појавите – чинот на давање идентитет – претполага дека идентитетот веќе се поседува, дека се располага со сопственото име. На носителите на политичката реакција, на колективниот отпор и на личните незадоволства им е наложен (доделен) идентитетот на опозиција; тие не се субјекти на политичката акција што од новолибералниот универзум ќе ја разлачи и ќе ја издигне новопролетерската класа до свеста за себе, до идеологијата како класно знаење за светот и за сопствената состојба во него. Така е бидејќи отпорот е само тоа што е – маса единки со ограничени желби и неограничена омраза и страв, толпа што е несвесно обединета околу срамот и неизвесноста на сопствениот наемен труд.

Денес македонската (политичка) опозиција нема основа да го постави прашањето – што да се прави? Но, секако, таа треба да добие одговори што ќе помогнат при омеѓувањето, при обновената тематизација на утрините на јавниот интерес и наопштествениот живот, веќе со децении необработени, запуштени.

Значи, еве за што би било полезно да се рамислува: за процесите на класната диференцијација, наспроти социјалното раслојување како период на природното полураспаѓање на модерноста; за општествената интеграција, наспроти фиксацијата со државата и со апаратите на моќта и господарењето; за вклучувањето на работниот ден и слободното

време во мантрата за слободниот пазар на пари, стоки и идеи; за ослободувањето како точка на пресврт, наместо за содржините на недостижната слобода... Сето ова, како неопходна подлога на политичката акција, се разрешува во мигот кога ќе се добие одговорот на едно сѐ уште актуелно барање, поставено во рамките на класниот и генерациски мотивиран активизам од минатиот век. Барањето гласи – именувај го системот!

## 5. За културата и образованието... повторно во овдешноста

Културата, очигледно, се распаѓа под товарот на новите налози и намени; таа е неделотворна како рецепт за залечување, за рехабилитација или за реинтеграција во некоја изгубена (замислена, измислена!?) златна доба на општественото единство и рамнотежа. Од своја страна, пак, ниту образованието ќе може своето вградено доцнење зад денешницата да го надомести со проекции од работилницата за поправки и исправки на лошата судбина и на историските грешки.

Времето за реформи веќе истекува, а деновите на промени се отаде хоризонтот на очекувањата. Сепак, нештата што се невидливи не се секогаш и непредвидливи; тоа ќе рече дека секоја половично смислена интервенција, секое изнудено дотерување и разубавување на општествената надградба е обично одлагање на ослободувањето – на целосната негација на тековната, крајно корумпирана политика на трудот и на нејзината идеолошка подлога.

за повторно освојување на слободата

Златко Теодосиевски

# НИШТО!

По една сосема случајна неодамнешна средба со Гелевски и по разменетите неколку реченици со заеднички заклучок за бесмисленоста на секој вид активност во нашево современие, се присилував да седнам и да напишам нешто за идниот зборник на собирот „Што да се прави – за повторно освојување на слободата?“. Но, добро, бесмислен текст за бесмислено секојдневие, кое глуми дека се обидува нешто да промени! Па, оттука, во слава на бесмисленоста, а на провокацијата од типот: „Што да се прави – за повторно освојување на слободата?“, еден подеднакво можен (бесмислен) одговор во сличен стил би бил: Ништо! Значи, уште еднаш: „Што да се прави – за повторно освојување на слободата?“. Ништо!

Но, кога човек би излегол на говорница и на една таква зададена тема би одговорил со еден збор – „ништо“ – претпоставувам дека би бил експресно избркан од собирот. Или, би бил, со право, исвиркан. Или, пак, ако овој текст за претпоставениот зборник го завршам веќе на почетокот и на поставеното прашање повторно одговорам со истата негација

– „ништо“ – веројатно „текстот“ не би го објавиле. Би рекле дека тоа не е – текст. Иако тоа е и повеќе од – текст. Тоа е објава! Можеби бесмислена, но објава пар екселанс!

Но, добро, веројатно се неопходни прецизирања на еден таков, на прв поглед, но само на прв поглед, бесмислен, дефетистички, песимистички, нихилистички, демотивирачки... став искажан преку силината на само еден збор. Неопходни се одредени дообјаснувања, иако во принцип останувам на првиот и единствен избор, оној со „ништо“, како изразување на суштината на нашата ситуација. И кога велам „нашата ситуација“, апсолутно не ја мислам само опозицијата како таква, зашто веќе и тука имаме проблеми со нејзиното препознавање, туку мислам на целата *македонска ситуација* (не само) во културата!

Ќе се обидам разложно да го образложам она „ништо“, толку колку што можам, односно толку колку што е доволно да бидам разбран.

## I.

## Зошто „ништо“?

Во зависност од аголот на гледање, ова „ништо“, треснато само така, повеќе сокрива отколку што открива, повеќе збунува, одошто разјаснува... На пример, ова „ништо“ може да биде знак на извесен оптимизам, односно дека ама баш ништо не ни фали и можеме уште долго вака да тераме. Ама, не е тоа. Понатаму, ова „ништо“ може да посочува на мигот во кој се отвора прашањето, па следствено на тоа да значи дека *сега* не е миг за правење „нешто“. Уште понатаму, ова „ништо“ може да укажува и на пројави на благ дефетизам во поглед на конкретизирањето на потребните акции нешто да се направи, итн., итн. Ама, не е ни тоа.

## Значи, уште еднаш, зошто – „ништо“?

Ништо, затоа што: ние денес го достигнавме самиот врв на самобендисаност, затвореност, незнаење, нестручност, несакање да се научи, самодеструкција... Ништо, затоа што: ние, особено денес, се искачивме на Олимпот на омразата, на лагата, на подметнувањето, лицемерството, јанусовштината, хипокризијата... Ништо, зашто: ние последниве години станавме шампиони во измамата, себичноста, примитивизмот, дилетантизмот, манипулацијата, лоповлукот... Дојдовме до бесмисленоста на постоењето! Ако, пак, ова е само дел од нашата објективна стварност – или, ако сакате, дел од објективната стварност на *само дел* од граѓанството, зашто другиот дел изгледа ужива во ваквите состојби – тогаш кој паметен би се занимавал со некакви стратегии и тактики за оправање на состојбите? Во културата, се разбира. Кој е тој што во вакви услови може да смисли „абракадабра“ потези за подобрување на состојбите? И што значи кај нас денес тоа - подобро? И, што е тоа што може да се подобри? И, може ли, воопшто? Зашто она што јас го согледувам и го посочувам погоре како дел од нашата објективна стварност се само *последици* на одделни наши состојби во континуитет. И ние, не само денес, едноставно ги воочуваме (и се обидуваме да ги проценуваме) само последиците, и тоа од последниве неколку години. Зашто тоа е најлесно. Се гледа со голо око.

Ние станавме игноранти и неранимајковци, слепци и подлизурковци, зашто ништо не ни остана свето, па ни сопственото потомство. Правиме сè за да го уништиме и него. Во другото успеавме – уништивме и држава, и култура, и уметност... Во слепилото забораваме дека сето ова не е баш само од вчера, дека овие последици се (из)ѕидани со „трудот“ на многу генерации, и оние од претходните десет, петнаесет, дваесет години... Или повеќе! Можеме ли еднаш да се обидеме да ги идентификуваме *причините* за ваквите состојби, општите и поединечните (ако ги има, а ги има!) причини што нè доведоа до ова дно? Или повторно живееме во систем на општа (не)одговорност, на реанимирана групна

(партиска?) вина, на безимени виновници? Или веќе немаме сили дури ни тоа да го направиме, да посочиме на сите оние креатури од најразличен тип и нивните – и не само нивните – отворени злосторства против македонската култура? Сите оние „министри“ и „министерки“ за култура, сите оние „советници“ и „советнички“, „пратеници“ и „пратенички“... што буквално ги преспиваа мандатите, па покрај нивниот зимски сон поминуваше сѐ и сешто во името на македонската култура? Затоа сме ние на дното, апсолутно и дефинитивно. Каде и да одиме подолу, ако воопшто има подолу, ќе биде приближно исто. Зашто – веќе отрпнавме. Не реагираме на ништо. Сѐ ни е рамно во рамнодушноста! И бесмисленоста!

Или, ако баш сакате, кој ни е денес виновен што веќе петнаесетина години го имаме најступидниот на свет закон во културата? Некој друг ли ни го донесе, или самата култура го фалеше и го креваше не една, туку две раце за таков „закон“?! И плачеа дека е подобро *некаков* отколку никаков закон. И кој денес ни е виновен што имавме онаква смешна, типично болшевичка Национална програма за културата 2004–2008 година, од која посмешна е само сегашната Национална стратегија за развој на културата 2013–2017 година? И во која друга земја, освен нашава, државниот орган надлежен за културата со години по ред не поднесува јавен извештај, а годишна програма му е – програмата на институциите? Бесмислено „до зла бога“! И кој ни е виновен што културата, на чело со своите „елитни“ директори, низ улици и со таламбаси ни протестира против опозицијата? Или што по партиски директиви прогласуваме национални уметници, што го „булаиќевизиравме“ филмот, а од лавоносци направивме државни глувци, што ја „рембрантивизиравме“ уметноста, а уметниците ги престоривме занаетчии, што секоја шуша станува „објавуван“ писател, а вистинските писатели стануваат политички приврзоци, што од глумиците правиме „градоначалнички“ и „пратенички“, што од уличари и полуписмени пискарала направивме „културни“ новинари...? Кој ни е крив што македонската култура, по дефиниција, во странство е претставувана по секакви периферии и

подруми, низ локални музеи и никогаш чуени галерии? Кој ни е виновен што запустивме сè што можеше да се нарече културно наследство, малку со динамит, како Имарет, малку со незнаење и негрижа, како Курбиново, ама многогу со лоповлак, како во Музејот на Македонија. Културата ја престоривме прибежиште на глуперди и „преваранти“, храм на неписмените и на уличарите, на полусветот со полустручно познавање на осмоодделенци. Носиме директори од свирипичино и гологузица, небаре во Скопје нема соодветен стручен кадар, вадиме од пензија „креативни“ домаќинки и заспани баби да ни ги водат националните институции. Која мајка изгубила дете, го бара во културата. А, сега и дедовците си ги бараат бабите!

И кој, и како, сето тоа ќе го поправи, денес, утре – некогаш?

## II.

Вториот аспект на она „ништо“ би бил следниов:

Сè додека се прашуваме што да правиме, нема да (на)правиме ништо. И тоа е факт. Зашто правењето „нешто“ не се иницира со прашања, туку со неподносливоста на постоењето во дадените состојби. Што ќе рече, „није још дош'о нож до коску“, можеме ние уште да издржиме, на многумина ваквите бесмислени состојби им одговараат зашто само така се чувствуваат важни, во ваков мрак повеќето ќаруваат… Ако ние треба да се прашаме дали и што да правиме, состојбите не се зрели. А, ако овие македонски состојби не се зрели, тогаш не знам кои се. Ако ние во *овие* состојби треба да се прашаме – односно, некој треба да нè праша, па со тоа да не поттурне да размислуваме – тогаш, повторно, подобро да не правиме ништо. Поставувањето на ваквото прашање ја означува нашата премолчена подготвеност и понатаму врз грбот да ги носиме ваквите состојби (не само) во македонската култура. Или, како што некои милуваат да кажат: сè уште нема критична маса. Ма, ајде богати! А, кога ќе има? Не се знае.

Е, па тогаш, зошто поставуваме вакви божем реторички, а во суштина бесмислени прашања во вид на (работни) тези?

Но, да не се разбереме погрешно, јас исто така мислам дека не е зрело времето. И нема да биде, во догледно време. Ќе потрае оваа дооолга ладна зима. Дооолга ладна зима сè додека професорите на Архитектонскиот факултет како „онакви“ се кријат низ ходниците, а нивните студенти протестираат против урбанистичкото уништување на градот – времето не е стасано. Студ и мраз сè додека грото од уметниците мизеруваат, а пет-шест фахмани штанцаат и „дела“ и пари буквално упропастувајќи ја македонската уметност – не е време за кревање глава. Циклони и антициклони сè додека сликарите гледаат како им увезуваат „дела“ од Украина и од Русија, како домашни дилетанти им ги земаат парите за изложби, како маалскиве калливи „пасковци“ во сите можни облици им перат мозок со антиквизации и антиквестации – сè дотогаш времето не е дојдено. Вејавици и ветришта ќе нѐ дуваат сè додека на ФЛУ според разни клучеви им инсталираат неписмени асистенти и професори, а оние во кои Македонија инвестираше и полагаше големи надежи на истиве преку ноќ им ѕидаат биографии – времето за нас ќе стои во место.

Дали, на пример, модернистите или постмодернистите се собирале на конгреси или друг тип собири за да одлучат „што да прават“? Дали Сезан, трагајќи по апсолутната слобода на сликата, застанал на говорница прашувајќи ги колегите каде, во која насока, да (се) тргне? Или, ако сакате, да се концентрираме локално: дали Мартиноски и Личеноски се мислеле што и како да направат на планот на осовременувањето на македонската ликовна уметност во дваесеттите години на минатиот век или, онака „голи и боси“, запукаа право во Париз, во градот на светлината и уметноста, да учат што е тоа сликарство? Прашувал ли некого Петар Мазев што и како да прави кога се осамувал во конаците на Св. Јован Бигорски, кога втренчено гледал во манастирските распаднати порти и решил нејзини парчиња да вгради во сликите? И потоа оттаму се враќал со – нова уметност!

Оттука, за слободата не се прашува, слободата се освојува. Ама како? Ако не знаеме, не заслужуваме ни да ја имаме. Нам (и денес) ни требаат луѓе, умни глави, посветени поединци, кои не прашуваат туку – знаат! И работат.

## III.

И за да не остане она „ништо“ од почетокот како празен збор, дупло голо, можеме барем да п(р)омислиме нешто „за однапред“.

Па така, можеме ли ние, умееме ли сериозно да ја промислуваме културата без политички, партиски, роднинско-пријателски и други племенски врски и релации? Можеме ли еднаш за културата да размислуваме надвор од сите шаблони и локални клишеа, надвор од влијанието на партиските моќници од различна провениенција? Способни ли сме да направиме хируршки резови при што курбан ќе отидат многу умислени величини, маалски профитери, празноглави „филозофи“...? Она што навистина можеме е, веќе утре, симболично да тргнеме по Лениновиот пат посочен токму во референтниот памфлет „Что делать?“. А, тоа е фактот дека „слободата“ (во културата) не може да ја изведат културни лиферанти и профитери, преоблечени гаулајтери или лумпен-пролетери, безидејни мрсулковци и „идејни“ плачковци... туку, како што бара Ленин – *революционер по профессии*, што во случајов значи: *професионалци во културата*. Ако успееме да ги заборавиме сите братучеди и братучетки, поблиски и подалечни роднини (наши и ваши), пријатели и пријателки, заслужни и помалку заслужни партиски, штапски, којзнае какви други „борци“ и „војници“... лепачи на плакати и носачи на сендвичи... деца на овој или на оној... само тогаш на македонската култура може да ѝ тргне. И, пак да го парафразирам Ленин, не е точно дека дузина мудри може полесно да бидат збришани отколку стотина будали. Не, на таквата будалаштина ѝ аплаудираат само тие стотина будали. А, колку пати по стотини и стотини такви будали поминаа годиниве низ македонската култура? Бројот не им се знае,

ама им се знаат „делата“. И затоа сме на ова дереџе, зашто културата кај нас речиси никогаш не ја водеа професионалци – културњаци *по професии* – туку секакви будали и партиски „пришипетљи“, оние „интелектуални“ крлежи што се лепат за секоја власт. Ама, колку такви крлежи има токму во редовите на овие што сега се прашуваат: Што и како понатаму?

Ако сега не започнеме со таков процес на безусловна, беспоговорна „послушност“ кон знаењето и вештините на тие малку професионалци што ги имаме, можеме дефинитивно да ѝ пишеме крст на македонската култура. Отсега, па за натаму. Ренесансата на македонската култура мора да започне токму од таа точка, па понатаму полека да гради нови мостови во сите правци. Зашто ние (ќе) мораме да *започнеме*, повторно, по којзнае кој пат, еден процес на (културно) описменување на нацијата, на справувањето со кичот и со квазивредностите наметнати од улични бараби маскирани во уметници, на демаркирање на просторите во културата каде што државата нема пристап, па нека е и олицетворение на свети Климент лично, на повторно, но овојпат и целосно и аргументирано, устоличување на културата и на уметноста како еден од малкуте автохтони македонски вредности. Зашто, апсолутно држи констатацијата на Фрчкоски дека македонската левица, а јас би додал и македонската интелигенција, „наместо прифаќање одговорност... и барање на причините, ние се вдадовме во критика на узурпаторите“. Е, наместо „критика на узрупаторите“, можеме ли да дојдеме до форма на самокритика, на катарзично прочистување од сета онаа багра што се таложеше, и сѐ уште се таложи, во македонската култура, без оглед на нејзината партиска, родова, национална... провениенција? Можеме ли да им овозможиме поле за работа на културните професионалци без плеткање на кратките или на долгите државни прсти во кадровската, програмската, институционалната... „политика“? Дури книгата навистина и да спадне на дузина страници, на дванаесетина „мудри“ професионални глави, ќе ги оставите ли да работат според честа и совеста, онаа професионалната? Зашто, овој културен жабарник во кој помпезно пливаат полноглавци

и по некоја крастава „жаба-крекетуша“ не може поинаку да биде прочистен. Нам ни треба сериозна културна служба за дезинфекција, за дезинсекција, а богами и за дератизација. Инаку, на ова културно лудило ќе му нема крај!

Оттука, дефинитивно е дојдено времето на воскликот на Гелевски: „Што правите, бе, вие? Журки?“. Зашто македонската уметност и култура (с)паднаа токму на забава на „мала група педера“, на нерелевантен за денешнината и апсурден за утрешнината самодоволен фрик-шоу како мизансцен на македонската политика. И секое наше учество во тоа само го дополнува нејзиното портфолио. Зошто ние учествуваме, нели, по ѓаволите? И се правдаме дека треба нешто да работиме? А, оние на кои не им дозволуваат да работат? Е, па тие, кој ги ебе, така? И токму затоа она „одјебете“ на Гелевски, она „ако немате што да кажете, макните се!“ може, а можеби и треба, да биде појдовната точка на некои нови промислувања во македонската култура.

Некому ова можеби ќе му прозвучи грубо, ама, белки, не се надева(в)те на некаква нова „каранфил-party“ на која истите бараби ќе ни ги продаваат истите усмрдени „мудрости“?

# ШТ

слободата
освојувањето на
за повторно

# ДА С

# РАВИ

Бранко Героски

# ШТО ПОДАЛЕКУ ОД КАНЏИТЕ НА ПОПУЛИЗМОТ!

Поканата да учествувам со текст во книга во која група автори и пријатели ќе ги изнесат своите погледи за тоа што да се прави сега и како понатаму, по сознанието дека режимот на Никола Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ нема намера да отстапи од својата практика да се самообновува на фалсификувани избори и со корупција на избирачите, ми претставува чест, но и обврска строго да го насочам својот прилог на две прашања за кои сметам дека се значајни и можеби недоволно присутни во јавната дебата. Притоа, со нетрпение ја очекувам книгата, со извонредните анализи и инспиративни идеи, толку неопходни во ова време на постизборна апатија и чувство на немоќ да се променат нештата.

Првата теза што сакам да ја изложам зборува за потребата СДСМ и здружената опозиција час поскоро да се ослободат од заблудата дека спасот лежи во креирање богата понуда, со која треба да се одговори на растечката побарувачката на

популистички проекти, што денес неодговорно се нарекуваат „политики“. За таа цел е најавена амбициоизна акција на СДСМ за истражување на пазарот, всушност средби на пет илјади тимови со народот. Ако добро разбрав, најавено е дека најголемата опозициска партија ќе се труди да разбере што сака народот, за да му се понуди бараното.

Дружењето со народот, се разбира, секогаш е полезна и пријатна работа. Но, ако идејата е да се прибира „материјал“ за политичко програмирање, тогаш тоа е целосно погрешен пристап. Стратезите на здружената опозиција мора да научат дека во последните десетина години, практично од појавата на феноменот „Груевски“ на политичката сцена, на пазарот на политички идеи има драматични промени во побарувачката. Во Македонија денес изборната корупција се доживува како неизбежна состојба, а не како зло. Дури и многу луѓе од опозицијата се убедени дека е „нормално“ власта да ги привлекува избирачите со „конкретни проекти“, што ќе рече со директен поткуп, особено на т.н. ранливи категории население – невработени, пензионери, социјални случаи. Денес се смета за „нормално“ луѓето на избори да се определуваат за списоци на желби и ветувања, наместо за политики, а најмалку, пак, за апстрактните вредности, какви што се слободата, демократијата, недискриминацијата, човековите права и другите нешта, кои, како што обично се вели, „не се јадат“.

Донекаде имам разбирање, иако не и оправдување, за фактот што постојат мислења дека и опозицијата треба да се приклони кон популизмот на Груевски, да го бие со неговото оружје, да ветува сè и сешто, да се обидува да ги корумпира избирачите и да одговори на нивните клиентилистички пориви. Своевремено, далеку пред последните парламентарни избори, на многумина им се чинеше дека тоа е сосема добра идеја. Иако програмата на СДСМ на Зоран Заев и на Радмила Шеќеринска, што тогаш се промовираше низ Македонија, во својата основа имаше идеолошка димензија (нејзина предлошка беше проектот „Средна класа“), во неа препознавме и силни елементи на популизам.

Како што знаеме, таа програма помина лошо на изборите. Лошо помина и програмата „скоцкана“ во времето на Бранко Црвенковски. Би се осмелил да кажам дека неславно ќе помине која било програма создадена како одговор на популизмот индуциран „од долу“, од народот. Таква програма на опозицискиот блок нема да успее дури и на едни совршено фер и демократски избори, какви што денес е тешко дури и да се замислат. Зошто? Затоа што народот, едноставно, не паѓа на ветувања, ако не се од Груевски. Зошто, на пример, народот на последните парламентарни избори гласаше за ветувањата на ВМРО-ДПМНЕ, а не за оние 100.000 вработувања што ги вети партијата на најбогатиот Македонец, Минчо Јорданов? Затоа што луѓето знаат дека никој освен Груевски нема пари за фрлање (нивни пари!) и моќ (од нив подарена!) за да ги „оствари“ своите спектакуларни ветувања.

Парадоксално, но вистинито, луѓето му веруваат на тој што ги корумпира со нивните пари и со власта дадена од нив. Тоа, се разбира, не значи дека народот е глупав или лош. Не, тоа само покажува дека режимот на Груевски успеал земјава да ја врати во периодот пред појавата на политичкиот плурализам. Демократските институции и процедури денес се лишени од својата суштина, општеството е во т.н. претполитичка состојба, а авторитарната свест и политичката незрелост повторно доминираат во масата. Во такви околности никој не може да му се спротивстави на Груевски со популистичка понуда, одејќи од избори на избори како на кланица. Затоа упорно тврдам дека понудата на опозицијата, нејзината идеолошка и политичка платформа, денес мора да содржи јасна еманципаторска идеја за борба против изборната корупција, а не за приклонување кон неа. Ако СДСМ не го стори тоа, Македонија нема шанса да се ослободи од овој режим. А, не сум сигурен дека ова што денес се обидува да го изнедри најмоќната опозициска партија како нова стратегија и маркетиншки пристап (детектирање на побарувачката – креирање политики) е вистинскиот и продуктивен методолошки пристап во таа насока.

Притоа, да биде сосема јасно, не спорам дека опозицијата треба да се труди да го „разбере“ народот, ако веќе досега не

го разбрала. Партијата мора постојано да биде меѓу своите избирачи, тука нема дилеми. Но, смислата на тоа катадневно истражување на пазарот и на побарувачката не смее да биде креирање на понуда (политики) како директен и автоматски одговор на „барањата на народот“, како што тоа го прави ВМРО-ДПМНЕ. Ако е од опозицијата, тој трик, реков веќе, не пали. Народот знае дека сите лостови на моќта и на управувањето со јавните фондови се во рацете на еден човек, Груевски. Погледнете, во општините кои се под власт на опозицијата, на пример, јавните фондови се толку скромни, а пречките и ограничувањата од централната власт толку силни, што дури и скромните обиди на локалните власти да одговорат на „барањата на народот“ и да ги „остварат“ своите ветувања, наидуваат повеќе на критики одошто на одобрување и пофалби (тоа е суштината на критиките на сметка на градоначалникот на Центар – каде е Андреј Жерновски, зошто ништо не прави, каде му се проектите, зошто го избравме, итн.).

Освен тоа, засилената побарувачка на предизборно мито во најразлични облици – зголемени социјални трансфери, повисоки субвенции, бесплатен превоз, бесплатни бањи, нови згради, нови фасади, нови споменици, палми, врби и што ли уште не – станува незаситна ламја. Македонија денес практично има „воен“ буџет во мирнодопски услови и огромни непродуктивни трошења среде сиромаштија и мизерија. Сетете се, Груевски не беше популист на почетоците на својата политичка кариера. Да не заборавиме дека тој ја спроведе даночната реформа во Македонија, што беше крупен реформски потег. Но, кога популизмот почна да му носи последователни изборни победи, тој стана негов заробеник. Сега Груевски не смее ниту да помисли на каква било реформа. Кога вели „реформа на судството“, на пример, Груевски мисли на нови згради, нови шалтери, нови компјутери и слично, а не на владеење на правото и на независно судство. Денес е незамисливо ВМРО-ДПМНЕ да помисли да се обиде да ја намали јавната администрација, иако знаеме дека тоа е неопходен реформски потег. Едноставно, не постои такво „барање од народот“. Сосема обратно, партиските фаланги

бараат нови столчиња во јавната администрација. Да се биде чиновник денес е најпосакуваната професија во Македонија – не е многу тешка, безбедна е и солидно е платена. Па, така, тој што сега во својата програма ќе предвиди кастрење на чиновништвото, подобро воопшто нека не се појавува на избори. Ете, дотаму сме дотуркале...

Што ќе покаже истражувањето на политичкиот пазар, што ќе откријат оние пет илјади тимови на СДСМ, кои треба да разговараат со народот и да ги слушнат неговите желби? Долго време мислевме дека најголемата мака на народот е стравот и дека неговата клучна потреба е да се ослободи од него. Тоа беше една од главните пораки на кампањата на СДСМ на изборите во 2011 година (најуспешните во овие осум години изборни порази). Стравот и потребата за ослободување од него несомнено постојат. Како дел од групата иницијатори на Граѓани за европска Македонија (ГЕМ) во тоа можев и лично да се уверам на многубројните трибини што ги одржавме низ земјава. Но, мислам дека денес постои еден поголем проблем од стравот – микротаргетирањето, притисоците, од една страна, но и ветувањата и „остварувањето на ветеното“, од друга страна, си ја постигнаа целта. Јас сум речиси убеден дека „крстариците“ на СДСМ ќе дојдат до фрапантниот заклучок дека народот од опозицијата денес го бара истото што го добива од Груевски, само побрзо и повеќе. Ако Груевски вети 10.000 вработувања во администрација за своите партиски војници, верувам дека од Заев ќе се бараат 20.000. Ако Груевски вети еден автопат, народот ќе бара Заев да вети три. Ако пензионерите се возат бесплатно три дена во неделата, побарувачката дефинитивно е тоа да биде секој ден.

Така доаѓаме до една многу крупна дилема. Пресудна. Иако сум сигурен дека е невозможно на тој начин да се победи Груевски, еве, да замислиме дека може, дека опозицијата ќе ги исполни „барањата на народот“, ќе вети сѐ што треба да се вети и ќе победи на изборите. Што потоа? Ќе го оствари ли новата власт ветеното? Ако го оствари, што ќе значи тоа за Македонија? Колкав ќе биде тогаш државниот буџет? Колкави ќе бидат непродуктивните трошоци? Уште колку ќе мора да

се задолжиме? Што ќе биде со неопходните реформи? И што, воопшто, добиваме ако овој погубен популизам на режимот на Груевски, чии жртви сме денес, го замениме со еден друг, ист таков, ако не и пострашен? За тоа ли се бориме?

Легитимно е и прашањето каква е тогаш смислата на „разбирањето" на народот и дали моето инсистирање на погубноста на индуцираниот популизам не значи дека заговарам елитистички, наспроти популистичкиот пристап во политиката, кој, ете, на Груевски му носи резултати и успеси. Јас мислам дека пристапот што го заговарам не е елитистички, туку напротив, тој е реалистички. И тврдам дека опозицијата не треба да се труди да ги запознае „барањата на народот" за амбициозно да седне и да напише популистички проекти, туку да се обиде да ја менува побарувачката. Тоа е втората теза што сакам темелно да ја образложам.

Возможно ли е да се влијае врз побарувачката, врз начинот на кој народот денес ја сфаќа политиката? Иако ни се чини дека оваа „алхемија" што го одржува режимот на Груевски на власт, ова безглаво трошење народни пари за масовна изборна корупција, едноставно нема крај, јас мислам дека не е така. Не се знае уште колку долго, со странски кредити и со странска финансиска поддршка, Груевски ќе може да ги купува гласовите на избирачите и да ја одржува базичната стабилност на земјата, но не верувам дека тоа може да биде предолго. Како и да е, опозицијата има историска обврска да му ја каже вистината на народот – дека оваа, но и идните генерации граѓани на Република Македонија, ќе платат висока цена за оваа фасцинација од методите на Груевски. Токму како што платија Србите поради својата опседнатост со Милошевиќ.

Можеби некој страхува дека со еден ваков став СДСМ и другите опозициски партии ќе изгубат многу во очите на избирачите, но имам впечаток дека народот веќе ја знае непријатната вест. Зошто, инаку, околу половина милион Македонци во последните неколку години ја напуштиле земјата? Ако веруваат дека Македонија има иднина со Груевски на кормилото, зошто го напуштаат бродот? Нема кој

друг, освен опозицијата, на народот отворено да му каже дека ако популизмот, како суштина на односот меѓу понудата и побарувачката на пазарот на политички идеи, продолжи да се обновува и да се засилува, Македонија еден ден ќе стане земја на партиски војници, чиновници, пензионери и млади луѓе што се образуваат и се обучуваат за професијата иселеник.

Режимот на Груевски е ранлив, затоа што не произведува реформи и одржливи политики и затоа што тоа, порано или подоцна, мора да доведе до општа криза во сите сектори. СДСМ тоа мора да му го каже на народот, јасно и уверливо, особено сега, кога не партиципира во Парламентот и кога решително одбива да легитимира какви било идни избори во чија организација нема да учествува. Кризата е почната и ќе се продлабочи. Груевски веќе добива остри пораки од Европа дека проблемот на оваа земја не е само спорот за името туку и демократијата, судството, медиумите... Во периодот пред нас слабостите на режимот ќе станат видливи повеќе од кога било досега. Тоа ќе биде извонредна шанса СДСМ да се обиде да го промени јавниот дискурс кон политиката воопшто и да се потруди да се оттргне и себеси, но и народот, од канџите на популизмот.

Но, ако не програма во согласност со „барањата на народот", што би требало тогаш да понуди опозицијата? Мојот одговор на ова прашање е радикално спротивен на она што досега, во разни форми, под разни притисоци (од членството, од јавноста, од странските дипломати), СДСМ го формулираше како политичка понуда. Имено, тврдам дека опозиција од народот треба да побара глас за да ги реши најтешките проблеми со кои денес се соочува Македонија – од спорот за името, чие нерешавање ја држи земјата надвор од НАТО и надвор од преговарачкиот процес за членство во ЕУ, преку политичките промени што се неопходни да престанеме да бидеме темен вилает, до длабоките и болни економски и социјални реформи, чија цел треба да биде засилување на македонското стопанство и отворање нови перспективи за економијата. Наспроти ВМРО-ДПМНЕ, партија што одамна не произведува политики, туку само пропагандистички

шашми, здружената опозицијата, со значајна поддршка на граѓанскиот сектор, мора да се промовира како политички фактор што му се спротивставува на популизмот на Груевски и кој демонстрира знаење, капацитет и јасна политичка волја за продуктивно политичко програмирање.

Ако сè уште веруваме дека перспективите на Македонија битно зависат од темпото со кое напредуваме кон НАТО и кон ЕУ – а јас верувам во тоа – тогаш нема сомнение дека првата работа со која треба да се зафати човек што претендира да го преземе кормилото е да ги реши прашањата од кои непосредно зависи нашата евроатлантска перспектива. Можеби тоа некому не му се чини доволно „конкретен проект", нешто што се јаде и се пие, нели, но искуствата на сите земји во регионот (на оние што веќе се членки на НАТО и на ЕУ, но и на претендентите, кои полека, но сигурно ја претркуваат Македонија) покажуваат дека не е така. Обратно е. Статусот носи пари и перспектива. Ако Македонија стане членка на НАТО и ги почне преговорите за членство во ЕУ, тоа и конкретно ќе значи финансиска поддршка, директни странски инвестиции, отворени пазари. Тоа се многу конкретни нешта.

Затоа, упорно велам дека СДСМ мора да собере смелост, без комплекси на македонската јавност да ѝ каже дека има и волја, и капацитет да го реши спорот со Грција и, притоа, да не ги загрози идентитетските одлики на македонската нација (Груевски ги загрози, а ништо не реши). Ме чуди зошто опозицијата похрабро не се изјасни дека споровите со Албанците во Македонија, кои сега тлеат, може да ги реши, ако работите се поставаат на принципиелни основи. Зарем СДСМ, како лева партија со космополитска боја, која по дефиниција е покапацитетна од десничарската ВМРО-ДПМНЕ, во чии редови сè уште главен збор водат луѓе што во деведесеттите години настапуваа од отворени шовинистички позиции кон Албанците, треба за ова прашање да говори со комплекси и со половина уста? Не, напротив, СДСМ и здружената опозиција кон Албанците можат да настапат искрено и отворено, а нивниот политички проект ќе биде препознаен како охрабрувачки за стабилноста и за иднината на Македонија.

Ќе запрам тука со набројувањето на клучните теми, бидејќи целта на оваа анализа не е политичко програмирање, туку разговор за методологијата на политичкото дејствување на опозицијата. Сакам да кажам дека и за неа и за Македонија ќе биде многу покорисно ако народот во опозициските лидери види луѓе што имаат знаење и волја да се зафатат со најкрупните прашања. Оптимист сум и верувам дека во периодот што доаѓа ќе се покаже дека луѓето навистина сакаат политичари што ветуваат, но уште повеќе сакаат политичари што ги решаваат проблемите, наместо да ги туркаат под тепих. Замислете, во првата година на мандатот на новата влада на СДСМ Македонија да го реши спорот со Грција, да ги подобри односите со Бугарија, да ги релаксира односите со Албанците, да ги врати демократските практики, да стане членка на НАТО, да ги почне преговорите со ЕУ, да почне да ги намалува буџетските намети, да ги охрабри вистинските инвеститори, домашни и странски... Што ќе рече народот тогаш? Камо ви го автопатот од Удово до Ново Село? Зошто нема нови споменици? Зошто ви свенале палмите крај Вардар?

Да заклучам. Пресвртот е можен само со радикално нов пристап кон политичкото програмирање и со една сосема поинаква „филозофија" од онаа со која досега победуваше Груевски. Наспроти политичката импотенција на режимот, кој навистина покажа дека е способен да се самообновува со помош на изборна корупција и со сериозна компромитација на изборниот процес, но не и да произведува одржливи политики, здружената опозиција мора да демонстрира потенцијал за вистински и длабоки реформи и за решавање на најтешките проблеми со кои се соочува Македонија. Само така може да се урне митот за непобедивоста на Груевски. Никако поинаку.

за повторно
освојување на
слободата

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ

Мерсел Биљали

# СОСТОЈБИТЕ СО ИНСТИТУЦИИТЕ И СО ДЕМОКРАТИЈАТА

Со години се соочуваме со тешките деформации кај институциите на власта и на системот како целина. Тие се плод на докрај ретардирана политика што со години ја води постојната власт, која не избира средства за засилува на тоталитаризмот, со цел непречено да продолжи со историскиот грабеж на јавните добра. Инцидентите се само логичен исход на една зла политика, која ги има суспендирано сите институции, која гази по основните вредности на демократијата, и која тотално го има демонизирано плуралополитичкиот амбиент. Тие не се во служба на граѓаните и на државата, туку повеќе личат на сервис на организираниот криминал и на нелегитимното одржување на власт.

Немањето демократија, ред и закон во државата има создадено голема антагонистичка поделба во целото општество. Луѓето се поделени и искарани по сите основи. Веќе етничкото и верското стана второстепени во споредба со поделбата на наши партијци и сите други. Едни не знаат што со парите, а други не знаат што со животот. Едни ништо не

работат, а сѐ имаат, а други сешто работат, а ништо немаат. Едни се плашат од смртта, а други се плашат од животот. Едни се на слобода, а треба да бидат во затвор, а други се во затвор, а треба да се на слобода. Едни високо летат, други длабоко тонат. Што полуксузно горе, толку помизерно долу. Што побогато горе, толку победно долу. Станавме општество на омразени слоеви, општество без комуникација, без дијалог. Освен ако тепачката ја сметаме за некаков дијалог со други средства. Ние самите дозволуваме да се давиме во плитките води на власта.

Парламентот не успева да ги врши ниту најосновните функции. Уставните механизми за контрола врз власта речиси и формално не функционираат. Слободно може да се каже дека Парламентот личи на арена на гладијатори каде што потчинетите треба да се борат за живот или смрт за да ја задоволат страста на владејачката класа и на нивните претпоставени. Имено, тоа што се случува надвор од Парламентот неминовно се отсликува и внатре. Тој е претворен во сервис на владата. Бројни интелектуалци се понижуваат да фатат некој проект. Бројни писатели клекнуваат за да им се финансира некоја книга. Бројни бизнисмени молат,ползат и лижат, уплашени за да не ги докрајчи власта. Многумина поаѓаат од (не)логиката дека раката што не можеш да ја собориш треба да ја бакнеш. Власта поткупува новинари, професори, наставници, лекари, банкари, пекари, земјоделци, занаетчии и кого уште не! И тоа со нивни пари! Од државата последниве седум години надвор се префрлени над 4,6 милијарди евра. Државата има двојно поголем буџет во споредба со периодот пред осум години. Двојно е зголемен јавниот долг на државата, а луѓето се двојно посиромашн. А парламентот молчи. Личи на собир на улични трубачи со кој диригираат умоболни клептократи.

Судството, не само што го допре дното туку и продолжува да тоне многу длабоко во подземјето, каде што изгледа најприродно припаѓа. Тоа стана виртуелна институција и тие постапуваат според виртуелни закони. Нашиот правосуден систем има повеќе лица – едно за власта, друго за нејзините

поддржувачи, трето за неутралните, четврто за независните криминалци, петто за опозицијата. Услугите на нашето правосудство добија и пазарна цена (и тоа не само на црниот пазар). Ако понудите пристојна цена, ќе можете да добиете пристојна правда. Истото важи ако наместо пари имате власт. Тешко вас ако немате ниту едно од нив.

Судската власт се однесува како сервис на владата и на организираниот криминал. Не најдоа криминал или елементи за отворање постапка за „Македонска банка“, за „Загорац“, а премолчува или не дејствуваа ефикасно за „Актор“, „Милионче“, „Улично осветлување“, „Станови на Бонева“, зграда на ДПМНЕ, итн. Дури и да има застареност кај некои предмети, моралот никогаш не застарува.

На нашето правосудство ќе му треба сериозен ремонт, како што правеле повеќе држави. Најпрвин да се отпуштат и кривично да одговарат тие што ги прекршиле законите (непостапување, прикривање кривични дела, итн.). Потоа професионална селекција на другите (со присуство на меѓународни експерти). Непрофесионалците – дома. Не држи констатацијата дека обвинителите и судиите биле изложени на притисоци и биле принудени на тоа. Никој не може да биде ослободен од кривично гонење, оти други му наложиле да стори кривично дело. Од каде нивниот страв може да биде поважен од нечии животи или од правната сигурност на два милиона луѓе?! Па сите ние сме подложени на разни притисоци. Бројни луѓе што во континуитет се судруваат со постојниот режим можеле многу поквалитетно да живеат кога не би им се спротивставиле на злоупотребите, на криминалот, на газењето по човековото достоинство, но тие ја избрале полошата варијанта за себе, ама водени од важниот инстинкт – чесност, праведност и одговорност, кои бараат саможртвување. Потребно е да се укаже дека владателите што се огрешиле пред законите, освен за криминал и за корупција ќе треба да одговараат и за уривање на уставниот поредок на државата. Оти ова многу личи на тивок државен удар. Ним и на нивните блиски врски треба да им се одземе сè она

материјално што го стекнале на незаконски начин (директно или индиректно). Тогаш многумина ќе сфатат дека подобро ќе им било да плачеле со чесните, отколку што пееле и славеле со арамии.

Посебен проблем е и неимплементрањето на Рамковниот договор. Тој договор успешно го изгасна огнот од 2001 година, но тој ни по толку години не успеа да создаде ниту микрон од она што се нарекува – толеранција, соживот, етничка и граѓанска рамноправност, еднакви можности, демократска власт, владеење на правото и општ развој. Напротив, во комбинација со политиката на груевистичка демонизација, состојбата е доведена до самиот пекол. Сега наместо трајно помирување, имаме гола омраза; наместо толеранција, имаме тепачки по автобусите и по улиците; наместо кохезија, имаме демолирања на куќи и локали; наместо владеење на правото, имаме владеење на неправдата; наместо општ развој, имаме врвна сиромаштија. Сѐ е тука во слободен пад, освен организираниот криминал, кој е во слободен раст. И, конечно, си направивме општество без закони, без морал и без срам, каде што поопасно е да си чесен, отколку криминалец. И сега само низ една солза од обичниот човек многу појасно ја гледаме вистинската слика, отколку низ екраните на сите провладини телевизии.

# КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ ЗА СОЗДАВАЊЕ

## КРИТИЧНА МАСА ЗА ПРОМЕНИ

- Ослободувањето од стравот – е првиот чекор за натамошно дејствување. Не е можно да се создаде критична маса за промени во услови на страв. Тоа претпоставува бројни постапки и однесувања, со цел луѓето да можат да му се спротивстават на режимот. Потребно е здружување на сите партии што не се дел од власта, граѓански здруженија, интелектуалци, итн. (опозициски блок за спас на граѓаните и на државата). Потенцирам „граѓаните“, оти луѓето му даваат предност на индивидуалното пред општото. Сликата мора да асоцира на колективна сила, сигурност, надеж, која ги охрабрува луѓето. Настапот не мора да биде поврзан со некаков протест, туку најпрвин како сериозна загриженост за состојбите во државата. Потребни се конкретни бројки и проценти за споредба (временски и регионално, односно позитивните промени во соседството). Тука, искажаните зборови, начинот, тонот, акцентот, итн., треба докрај да бидат професионално изведени, без импровизации.

- Експертите и политичарите да објаснат каква ни е состојбата со државните институции, вклучувајќи го и судството. Моето мислење е дека опозицискиот блок треба силно да ја развие тезата дека во РМ е извршен тивок државен удар, објаснувајќи го тоа со суспендирањето на институциите (партизација, беззаконие, злоупотреби). Тоа, освен на внатрешната и на надворешната јавност, треба агрументирано да се образложи и во Вашингтон, Брисел и Бон. Добро е потребно да се образложи спрегата меѓу институциите и организираниот криминал.

- Треба во континуитет да се повтори на сите нивоа дека ваквата власт лесно може да доведе до внатрешна и

регионална дестабилизација (меѓуетничката затегнатост, инструираните инциденти, целосната партизација, граѓанската дискриминација – најдискиминиран е обичниот граѓанин што не членува во ниедна политичка партија – оваа теза треба да се форсира).

- Медиумите се многу голем проблем. Мислам дека силно треба да се развие тезата дека сопственици на медиуми, уредници и некои новинари се директни помагачи на државниот удар и на организираниот криминал во државата и дека со промените ќе треба да одговарат за своите постапки. Со тоа барем делумно ќе можеме да ја парализираме пропагандната машинерија на власта. Исто така, потребни се чести тркалезни маси, каде што ќе биде добро да учествуваат и странци. Тука е потребна изразена мултиетничност, идентификувајќи ги проблемите како заеднички. Треба да се направи екипа што ќе ги снима гебелсовските содржини, ќе ги преведе и ќе им ги испрати на соодветните странски институции.

- За името, добро што се развива тезата дека Груевски со својата лоша политика го отвори и проблемот со идентитетот. Треба да се објаснат последиците. Но, некако слабо се експлоатира тоа дека Груевски носи вина што името стана проблем. А, никој не нè спречуваше пред тоа да се интегрираме со временото име. Не смее и понатаму тој да се доживува како спасител на името, туку како губитник во таа битка. Дека името му било само маска за да биде подалеку од интеграциите и да се опљачка државата.

- Треба да се форсираат сегментите што луѓето лично финансиски ги засегаат, на пр. дека ние имаме нај-скапи патарини на светот и дека ние ќе ги средиме соодветно нашите состојби. Тоа треба да се образложи компаративно.

- Потребно е да се објасни, со конкретни бројки, колку сме загубиле што по вина на Груевски сме блокирани во евроатлантските интеграции. До колкава просечна плата ќе бевме сега ако веќе бевме членка на ЕУ. Колку финасии ќе добиевме за време на преговорите и, како нова членка, колкав степен на развој сега ќе имавме, за колку ќе беше намалена невработеноста, итн.

- При јавните настапи треба да се прави разлика меѓу чесните вмровци, слободните гласачи и тие што вршиле злоупотреби, за да не се создаде страв кај обичниот гласач.


слободата

Дане Талески

# СИНЏИРИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ РАСКИНАТ

Добар ден на сите присутни!

Ќе зборувам за тоа што да се прави за да се добие поддршката на мнозинството за една слободарска агенда. Помалку ќе зборувам за моменталната ситуација, а повеќе за суштината и за формата на идните активности.

Со Македонија владее режим чија главна цел е да се одржи на власт. Режимот ги контролира сите јавни институции, најголем дел од демократските институции и ја первертира нивната функција. Режимските медиуми шират пропаганда, судството создава неправда, а пратениците се послушници на премиерот. За жал, голем дел од јавните и формални институции, кои треба да ја штитат демократијата, денес се користат за одбрана и зацврстување на авторитарниот режим. Ова не е ништо ново и непознато. Тоа, за жал, е нашата реалност. Голем дел од присутните ја имаат анализирано оваа ситуација во нивните јавни настапи и написи.

Она на што сакам да предупредам е дека режимските институции спроведуваат политички практики за контрола

врз поединците и врз пошироката граѓанска заедница. Тоа се практики на наметнување на автоцензура, морална дисциплина и навлегување во приватноста. Ваквите практики Исаја Берлин ги дефинира како „дресура на поединците“, кои создаваат „животни навики и начин на мислење со цел да се заштити поредокот од ненадејни удари, или од постепено распаѓање“.

Во една ваква ситуација политичките сили и активностите треба да бидат насочени кон одбрана на индивидуалната слобода и засилување на граѓанското здружување. Од суштинско значење е да се создаде мнозинство што ќе бара и ќе поддржува слободарска агенда. Како да се направи тоа? Во моето размислување јас тргнувам од Ален Бадиу и неговото сфаќање на политиката. Тој предлага политика што ќе произведува вистина и што ќе ја промовира еднаквоста. Бадиу предлага политика што ќе биде независна и дистанцирана од формалните институции. Политика што ќе произлегува од народот. Затоа сметам дека неговите идеи се инспиративни за нашата ситуација.

Ако го прифатиме ваквиот пристап, тогаш слободарската политичка агенда треба да произведува вистина и да ја промовира еднаквоста. Од друга страна, нужно е алтернативните политички практики да бидат вонинституционални. Слободарската агенда мора да се изгради, односно да произлезе од народот. Денес народот во Македонија не е под ропство на странски окупатори. Народот не е експлоатиран од капиталисти. Денес душата и мислата на граѓаните се во синџири. Тие синџири треба да се раскинат. Оттука треба да почне борбата за слобода.

Овде сакам да направам една методолошка забелешка во однос на приоритетите. Слободарската агенда има два приоритети. Првиот е прагматичен, и тоа е како да се обезбеди мнозинство и здружување на луѓето што сакаат нивните души и мисли да се слободни. Тоа е краткорочен приоритет. Вториот приоритет е долгорочен и тој е еманципаторски. Тој се однесува на тоа како да се шири слободата, како да се зголеми инклузивноста, како да се почитуваат разликите и да се негува

толеранцијата? Приоритетите не треба да се мешаат, но не треба ни едниот да се жртвува за сметка на другиот. Некои тврдат дека овој режим може да го сруши само политичка сила што ќе биде подеднакво популитистичка и нахална. Јас тоа не можам да го прифатам. Верувам дека овој режим ќе биде совладан од политичка сила што ќе биде подобра и што ќе ја обезбеди мнозинската поддршка на граѓаните.

На крајот сакам накратко да ги посочам главните поенти, што според мене, би требало да ја скицираат суштината и формата на слободарската агенда.

Истражувањата покажуваат дека најголем дел од граѓаните во Македонија се социјално конзервативни. Тоа значи дека имаат очекувања од државата во однос на нивните социјални проблеми и егзистенцијални прашања, почитуваат семејни вредности и се религиозни. Авторитарниот режим го користи ова за да се прикаже сроден по вредности, додека ги уценува луѓето со нивната социјална стабилност.

Но, истражувањата покажуваат и дека најголем дел од граѓаните ја поддржуваат демократијата, односно дека бараат слобода на одлучување. Слободарската агенда мора да им понуди на граѓаните социјална сигурност, која ќе биде без уцени. Граѓаните во Македонија треба да имаат економска иднина без да бидат зависни од партијата што е на власт. Оттука, добри се предлозите за враќање на средната класа, фер даночен систем, минимален приход за пристоен живот, кои треба да се надополнуваат.

Слободарската агенда најпрво треба да им понуди на граѓаните фер услови за пристоен живот без уцени. Граѓаните треба да се убедат дека ако ги прифатат уцените од режимот и ја трампаат нивната поддршка за основна социјална сигурност, тогаш тие влегуваат во „доброволно ропство“. Нивната економска ситуација нема да се подобри, само ќе ја изгубат слободата.

Граѓаните заслужуваат фер услови за пристоен живот без да ги ставаат своите души и мисли во синџири. Тоа е вистината

што нашата слободарска агенда треба да ја произведе. И таа се однесува подеднакво на секој од нас.

Слободарската агенда мора да ја потенцира еднаквоста без разлика на верата, нацијата, полот, етничката припадност или животниот стил. За да имаме ефикасно граѓанско здружување, мораме да ги надминеме разликите меѓу нас. За да имаме ефективна политичка сила, мораме да ја засилиме заемната солидарност. Луѓето што ќе одлучат да ја поддржат слободарската агенда мора да знаат дека нема да бидат оставени сами на себе ако имаат лични проблеми со режимот. Во исто време, сите што ја поддржуваат слободарската агенда треба да знаат дека нивните активности и постапки ќе бидат оценувани во јавноста по повисоки стандарди од оние на режимот. Граѓаните ќе бараат носителите на слободарската агенда да се подобри, подоблесни и почесни луѓе. Моралниот авторитет е најсилниот ресурс за повторно освојување на слободата.

Обраќањето директно до граѓаните треба да биде главната форма на оваа нова политика. Граѓаните – поединци и групи – а не институциите, треба да бидат во фокусот на вниманието. Постојат различни модалитети за можни активности: од помали или поголеми собири до одење од човек на човек или од врата на врата. Активностите надвор од институциите треба да продолжат и да се засилат. Сè додека не се создаде мнозинство граѓани што ќе ја поддржат слободарската агенда. Тоа мнозинство ќе биде отпорно на уцени и на притисоци. Ќе биде непоколебливо и истрајно во напорите да се врати Македонија на демократскиот колосек. Така ќе успееме да ја вратиме слободата и демократијата и на крај ќе ги ослободиме сите демократски институции од режимската власт.

Благодарам за вниманието!

ШТ

ДА СЕ

ПРАВ

а повторно
освојување на
слободата

Рамадан Рамадани

# ОТПОР СО ОТВОР ЗА ИНКЛУЗИВНОСТА

За да одговориме поточно на ова прашање, чинам дека треба да се потсетиме на некои основни нешта за тоа кој е, всушност, опозиција. Опозиција, реална и првобитна, се граѓаните што по разни основи не се задоволни со владината политика. Значи, тоа се сите што не гласале за овие две и пол партии на власт (ДПА е половина партија, зашто остана преполовена меѓу тоа да биде власт, а да биде и опозиција) и уште оние што можеби гласале за власта, но во моментов не се задоволни од владините политики.

Опозициските партии се само организации што треба да се стремат да ги претставуваат сите овие граѓани, уважувајќи ги нивните незадоволства, и уште да додадат со укажување на недоследностите или на неприоритетностите на некоја владина мерка или решение, кое, актуелно или во блиска иднина, ќе има лош одраз врз животот на граѓаните.

Ова потсетување може да се прочита и како укажување на тоа што вистински недостасува во Македонија и кој е тој празен простор што сега-засега изгледа непополнет и кој би требало да го пополнат токму опозициските партии. Оваа празнина сега е толку голема што може во големина да се

мери само со празнината од политиката на власта. Ова е затоа што мислам дека сето она што го прави Владата во последно време и не се некои политики, туку само итарпејовски мерки за и околу буџетот. Токму затоа главниот лик на Владата во последно време е Зоран Ставревски, кој веројатно со муабетот околу буџетот и ја задржува својата предност како првиот главен меѓу тројцата главни. А, токму итарпејоштините околу буџетот се вистинската политика што би требало да ја искористи и да ја објасни опозицијата. Всушност, и последната најголема политичка иницијатива, промената на Уставот, е само еден таков курназлак околу монетарната политика.

А, за да одговориме на тоа која артикулација е посоодветна актуелно во Македонија, неа прво треба да ја осознаеме или барем да ја дефинираме до толку за да може да посочиме артикулација.

Средината што е рамка на ова мое размислување ја дефинирав како: а) несвесен и заборавен центар; Македонија според ова не само што е Пепелашка која е заборавена и нема кој да ја разбуди туку и не е сè уште напишана, евидентирана, како таква; б) автентично-уникатно општество, како и секое друго, впрочем, кое изискува автентично-уникатни форми на политичка артикулација; и в) целина што има основна фрагменитарност – поделеност, како некоја Рубикова коцка на која ѝ недостасува едно квадратче и за да ја решиш треба да ја замислиш и да ја обележиш дополнително, а тој недостаток и не те спречува да се занимаваш со коцката и, до тој недостаток, да се правиш како да ја решаваш.

Соодветно на ваквиот нецелосен пристап, предлагам метод што го именував како Акупун-култура. Чија дефиниција, видеоизменета од онаа за акупунктурата, би гласела: Постапка на вметнување и манипулирање со форми во различни точки од земјата за ослободување од болка или за терапевтски цели.

Но, и во овој метод на дејствување, како и во методот на лечење, важно е да се знаат точките и меридијаните. Затоа ќе се навратиме на трите рамки од дефиницијата од почетокот: центар, автентичност и поделеност. Според првата рамка, Пепелашката прво треба да се евидентира како приказна и

по будењето да се убеди дека е токму таа убавата принцеза. Џабе бакнување, па дури и „лапање“, па и будењето, ако освен уметникот никој не знае дека е таа Пепелашката, а и таа самата, во тој случај, не е убедена во тоа. Во овој поглед е важно регионално, европски и светски да се поврземе и да бидеме во тек.

Според другата рамка – автеничноста и уникатноста – иако земаме светски модели и форми, сепак тие не треба само да се пресликуваат, туку да се автентични. Тоа е поради фактот дека дури и некои наши уникатни работи, трудејќи се да ги копираме формите, испаднаа лоши копии на сопствениот оригинал. Како, на пример, тоа што тука кај нас имаме ајваријада и ден на гравот, иако ајварот е само наш, својствен за тука, и можеше и во оригинална форма тоа да се изрази, а не со копирање на различни практики на културна фестивализација. Исто и за денот на гравот во Теарце или во Тетово. Па, тетовскиот грав е уникатен и немаше потреба од копирање на сопствениот оригинал. Можеше и формата да биде уникатна и оригинална, како и суштината.

И, на крајот, за третата рамка и точка, која секогаш треба да се знае за дејствувањето во Македонија, а тоа е елементарната фрагментираност, и тоа не само во општеството туку и во јавноста. Тука може да се случи некој да се изрази уметнички и најврвно, и тоа никаде да не биде забележано. Може некој да напише роман достоен за наслов „Процес 2“ или да ја наслика Мона Лиза на 21 век, но притоа да биде партиски неподобен, етнички неподобен или медиумски неповрзан и да остане тоа дело непрепознаено. Тоа, приближно, би изгледало како некој да реши да протестира гол, но притоа тоа да го прави чекорејќи по некоја празна улица во темна ноќ, невиден од никого и да нема ни батерија за да се снима со својот мобилен за на Јутјуб?! Затоа првата игла секогаш мислам дека треба да се боцне во јавноста, која во Македонија има и тоа каква потреба за лечење и за терапија.

Кога се размислува околу медиумите и отпорот, трудејќи се да се ограничам на овдешните и скорешни околности, помислувам дека работата е толку јасна што може да се опише

и анаграмно: Во Македонија има медиуми со издишани гуми, и отпор без отвор.

Но, да не остане овој анаграм необјаснет, ќе морам со уште неколку реченици да се потрудам да го објаснам имањето или немањето на медиумите и на отпорот и/или само немањето на врска меѓу нив.

Првата реченица ми е околу јавноста во Македонија како арена, точка и простор каде што медиумите и отпорот дејствуваат и/или се среќаваат. Јавноста, јавното мислење во Македонија, е по многу основи поделено, сиромашно, контамирано и со сè поприсутната етатизација на медиумите. Но, поради ова, и поради ред други проблеми, јавноста не е целовита. И тоа е нејзиниот првенствен проблем.

Најголемата поделба на јавноста во Македонија е, и останува, поделеноста на таа на македонски јазик и онаа на албански јазик. Отсекогаш една од најчудните појави во Македонија е корелацијата на поделената јавност во Македонија, делот на македонски и делот на албански јазик. Имено, ретки се медиумите и обидите некој целосно да ја покрие македонската јавност со сите настани, барем во највозможниот дел: на македонски и на албански јазик. Алсат-М телевизија е една од поретките, која, ете, долги години прави напори за ова.

Оваа некомплетност се манифестира во две појави. Медиумите на македонски јазик, иако не ја покриваат целосно јавноста, без албанството во неа, себеси се сметат за комплетни, поради силината и разновидноста што ја имаат во своите содржини. Албанските медиуми, пак, поради својата слабост и некомплетност, ги тераат своите реципиенти да следат и македонски медиуми, со што имаат аудиториум покомплетен и од нив самите.

Чинам дека ваквата комплицираност на јавноста во Македонија заслужува опсежно, дури и научно следење, за да може докрај да се разјасни и да се дефинира начинот на функционирањето и влијанието на јавноста во нашата земја. Дотогаш, ми останува само да дадам еден предлог-назив на тој иден можен труд: Сакати мајстори!

„Сакати мајстори“ е насловот на култниот, генијален кунгфу-филм од нашето детство, во кој еден од мајсторите е без раце, а другиот без нозе! Но, тие во филмот, здружени, неретко качени еден на друг, ги прават крш сите што им застануваат на патот! Но, нашите кунгфу-мајстори, кои вешто манипулираат, не се новинарите, па и не се толку и медиумите – кои, ете, се трудат и реално даваат свој придонес за демократизација на нашето општество – туку политиката и политичките злоупотребувачи зад нив.

Имено, во светот постои термин, кој се нарекува „прикачено новинарство“ и се употребува за новинарство што и јавно е поврзано со националните институции (како армијата и другите служби) и, како такво, се труди да му служи на нивниот занает. Тука, кај нас, ова приклучување е кон обични и евтини штекери, кои немаат заземјување и кои неретко се поврзани на трафостаници, кои уште понеретко им се исклучуваат целосно. Така се случува кабелот да им остане целиот в раце, но станицата на која тие се приклучиле – им се исклучила.

Но, дури ние чекаме научно и сериозно да ја следиме корелацијата на поделената јавност во Македонија, политичарите одамна ја откриле и неретко ’ршум прават токму употребувајќи ја таа поделеност. Чести се спинувањата и коментарите што со обратнопропорционален контраефект ни се сервираат како вистини.

Потоа, доаѓаат медиумите што поради нивната осиромашеност, несогледување на нецеловитоста на јавноста, постепено се претвораат во медиуми што поради неконтинуитетот, неконзистентноста и нецеловитоста се преобликуваат во секташки медиуми или, поточно, медиуми што имаат тенденција да ѝ се обраќаат само на едната нецеловита јавност, по принципот на сектите, на кои првенствено им е важна таквата интерна јавност. Така, тие полека, но сигурно, немајќи продор, застануваат на меѓите и на границите што им се наметнуваат од разните контексти - етнички, религиозни, културни, итн. Или од цели табуа, што е случај со некои скорешни случувања, кои од толкава

медиумска непокриеност и изостанок на информирање за нив станувaат табуа. Тамам како автомобил со издишани гуми, кој, иако преминува преку некој пат, губи од брзината и веќе е со голема точка на веројатност дека ќе застане.

Отпорот, од друга страна, страда од тоа што медиумите се нецелосни, секташки без припадници на секта, и од генералната поделеност и нецеловитост на јавноста, но и на самиот отпор. Така како што медиумите се будат и заспиваат во некоја своја Македонија, така и отпорот, кој во многу големи размери е поделен до индивидуалност, атомизиран, се буди во своите Македонии...

Кога ќе додадеме на ова дека отпорот во Македонија не е само поврзан, туку некогаш и зависи од граѓанските, невладини организации, тогаш ќе согледаме дека тој се соочува и со бирократска крутост. Освен со калкулантската конфорност, кон која посегнуваат многуте интелектуалци и други индивидуи оставени уште претходно сами на себе од медиумите, од невладините и од целиот отпор.

Затоа, иако имаше некои обиди во Македонија, сепак немавме Арксин, но не е доцна да направиме еден, дури и сиромашен целовит медиум, кој секако ќе му помогне на отпорот со самото целовито архивирање на глупоста и на контаминацијата во јавноста.

Решението е во поцелосни медиуми и отпор со отвор за инклузивноста. Ако има едно мерило, кое се докажало како точно за мерење на успешноста на промените, еманципацијата, револуцијата или на движењата, тоа е инклузивноста.

Нашето решение тука треба да има фокус, конзистентност, инклузивност или, да завршам со стихот на Мајаковски, кој повикуваше на расчистување/завршување со бирократската крутост со тоа што ќе направиме седница на која ќе ги завршиме сите седници, така и ние треба да направиме една целосна секта, која ќе ги опфати сите нецелосни секти во медиумите и во отпорот.

а повторно
освојување на
слободата

ТО

А СЕ

ПРАВ

Марјан Забрчанец

# КОНСОЛИДАЦИЈА НАМЕСТО СУЕТИ

Ја поддржувам идејата за споделување идеи, ставови, мисли на поголема група граѓани на кои им е кристално јасно што се случува во оваа држава и граѓани што индивидуално или здружено веќе дејствуваат на повеќе општествени проблематики.

Мора да си признаеме дека со досегашниот начин на дејствување не успеавме да обезбедиме посериозна промена, но веројатно успеавме да спасиме по некој општествен сегмент да не биде запоседнат од власта. Нѐ следеа огромни разочарувања од неуспехот.

Во таа смисла, мислам дека еден од најголемите недостатоци на нашето дејствување досега е тоа што веќе подолг период не успеваме да се здружиме, уште помалку да се координираме. Тоа мора да се промени, неопходна е соработка меѓу сите групи и индивидуи што споделуваат демократски, граѓански и слободарски вредности.

Координацијата и соработката бара сериозен план, креиран од поширока група заинтересирани индивидуи или претставници на групи/заедници/организации, план што се базира на принципите: демократичност, инклузивност, отчетност, информирање, вклученост, критичност, но и

толеранција и почитување на туѓите ставови. Возможна е ваква коалиција меѓу граѓанските организации и групи, политичките партии што се подготвени да промовираат граѓански концепт и сите заинтересирани индивидуи. Таква коалиција може да се изгради само доколку ги поминеме сите чекори што ги предвиделе теоријата и методологијата, за што постои литература и проверени успешни приказни.

Нашето здружување и заедничка соработка мора да вклучи темелно мапирање на сите што се засегнати и подготвени да соработуваат, запознавање, консултација, дебата, приближување на ставовите, ако сакате и преговарање. Планирањето на заедничките или здружените активности мора да ги вклучи сите заинтересирани што сакаат да придонесат кон заедничкото, кое во исто време ќе стане и моќно. Важно е да овозможиме секој со своите капацитети и со тековните активности да стане дел од коалицијата, да не наметнуваме туѓи планови по секоја цена, да не ги отфрламе оние што „се плашат“, туку да ги охрабриме. Да се плашиш во оваа држава не може да биде грев, ниту недостаток.

Тоа не е лесен чекор, но е возможен ако секој од нас се откаже од дел од својата суета и ако успееме да не шириме омраза во јавноста, да не ја размножуваме омразата што ја посеа власта.

Наместо тоа, наместо покажување бес кон сè што не мисли како нас, наместо манифестирање омраза поради негативниот набој што е насобран меѓу нас, да почнеме да разговараме меѓу себе и, особено, да разговараме со граѓаните.

Постојано повторуваме дека недостасува дебата во јавниот дискурс. Ако недостасува, ајде да ја создадеме. За дебата не ни треба власта, ни требаат граѓаните. Сите ние треба да разговараме со граѓаните. И да не се превозбудуваме кога некој нема да нè разбере или нема да се согласи со нас. Тоа не значи дека треба да создаваме новоговори или неговори. Напротив, треба да создаваме дискусија. И меѓу себе, на јавни дебати, но и со граѓаните, на локално ниво, по маала.

Ние не можеме да организираме масовни митинзи, но можеме масовно да организираме средби со граѓаните.

Можеме масовно да соработуваме со граѓаните на терен, ним ќе им значи подадената рака и поддршката.

Покрај анализите и политиките што ги креираме, неопходно е да излеземе на терен и да започнеме процес на помагање на заедниците, концепт уште познат како волонтерство, или во Америка наречен „community service“. Да исчистиме некој парк, да собереме донации за некого кому тоа му е неопходно, да иницираме бојадисување на ‘рѓосаните бандери во населбата во која живееме. Така покажуваме поддршка, солидарност, а во исто време порачуваме дека некој не си ја завршил својата работа.

Граѓаните си имаат маки за кои во јавност ретко се зборува, за кои нема каде да се пожалат, за кои никој не се залага да бидат решени. Во граѓанскиот сектор постојат дупки што мора да бидат пополнети преку иницирање создавање нови групи/заедници/организации. Постои сериозен недостиг на граѓанско здружување на тема животна средина (проблем за кој постои висока свест меѓу граѓаните, проблем што ги засега сите, и оние што ја поддржуваат власта), права на пациентите, работнички права, остварување права низ лавиринтите на државната бирократија.

На граѓаните им треба помош.

Во целиот тој пристап да не заборавиме на јавните простори. Да ги потсетиме граѓаните дека се нивни, наши и да организираме што е можно повеќе активности на јавни простори. Тоа особено можат да го направат организациите, граѓаните и локалните самоуправи на Центар, Струмица, Куманово, но и на други општини што себеси се дефинираат како слободни, слободарски, демократски, граѓански.

Овие општини може да станат извор и лице на една поинаква Македонија, поинаква политика, поинаква култура... да креираат и да покажат локални состојби за кои ќе се интересираат граѓаните од другите општини. И тоа, повторно, мора да биде координирано и во соработка со другите критички и слободарски групи од оваа држава.

Во сите разговори, дискусии и средби со граѓаните, кои искрено се надевам дека ќе се случат, да не ги заборавиме

најмладите. Ним им требаат информации, факти и знаења од поновата историја до кои тешко доаѓаат. Да не заборавиме дека еден средношколец што денес има 15 години, се родил во 1999 година, а во 2001 имал само две години. Своето основно образование го започнал во 2006. Овие генерации неверојатно малку знаат како се создаваше оваа држава, малку знаат дека во 90-тите оваа држава градеше институции, систем, армија, финансиски систем, демократија, а дека по 2001 оваа држава се враќаше на нормален колосек по воен конфликт и разорана економија.

Оваа генерација единствено знае дека во деведесеттите, тие, комуњарите, не градеа споменици, „срам да им е!". Затоа, треба да се бараат алтернативни начини, преку неформалното образование и преку интегрирани повеќенасочни комуникации, овие информации да стигнат до младите генерации, а повозрасните да се потсетат.

За крај, ќе сумирам сè што предложив како мерка или како одговор на прашањето „ШТО ДА СЕ ПРАВИ?".

- Предлагам консолидација, координација и соработка меѓу сите извори на слободна мисла во оваа држава.
- Предлагам помагање на граѓаните на терен, не со пари туку со подадена рака.
- Предлагам нови, поавтентични и пореални пораки за јавноста.
- Предлагам дистрибуција на фактографија за поновата историја на Македонија, за периодот 1991 – 2006.


за повторно
освојување на
слободата

Кочо Андоновски

# ТОЧКА НА ТОПЕЊЕ - НАМЕСТО БУРЕ БАРУТ

## Сите права на сите – веднаш!

Долго размислував околу тоа што понатаму, како да се вратиме на шините што ќе ја носат „композицијата“ кон едно фер и демократско општество, каде што сите повторно би се чувствувале како граѓани на една држава, држава што постои, а не да биде само реакција на пропагандната машинерија. Која би била стратегијата што ќе понуди зближување, мобилизирање и заедништво? Секако, единствено можам да го гледам тоа низ призмата на човековите права, тоа е она на што го посветив мојот живот, не случајно и не без причина. Мислам дека единствено принципот на човековите права може да го хуманизира овој период на див капитализам, кој, како што научив во училиште и можам да препознаам во практиката, во овој момент во нашата држава ја практикува вежбата „првична акумулација на капитал“. Принципот на човековите права нуди можност за правичност, и хумана, и економска, и социјална, и политичка.

Од друга страна, размислував, исто така многу, околу историската лекција што ние како народ требаше да ја научиме (тука под „народ" мислам на сите што живеат во државава, не само на македонскиот народ како етничка одредница). Цело време ми паѓа на памет многу употребуваната флоскула – „Швајцарија на Балканот". Мислам дека ние не сфативме, не научивме и не ја применивме уката од историското угнетување. Ние немаме традиција на банкарство и пари. Ние имаме традиција на ропство, непризнавање, негирање. И тоа е нашата историска лекција. Ние треба со тој „капитал" да работиме за нашето подобро утре. Нашата „Швајцарија на Балканот" е инвестиција во правата на луѓето. Слободата. Признавањето. Поддршката, наместо негирањето, угнетувањето и „произведувањето" нови жртви на една таква политика. Таквиот прогресивен и хуманистички пристап ќе се рефлектира и во социјалниот, и во економскиот, и во внатрешно, но и во надворешно-политичкиот живот на државата.

Изнесеното погоре нуди навидум радикална промена, но во суштина е мирна, инклузивна промена и одговара на демографскиот, емотивниот и на искуствениот менталитет на овој регион, кој е наша држава.

Малку да се вратам на дневнополитичките стапици. Никако не треба да се даде легимитет на оваа пропагандна машинерија, која ги јаде не само противниците туку и сопствените деца. Без избори подготвени од техничка влада, никако не смее да се влезе назад во затруените и нелигитмни институции, кои не се ништо друго, туку само испостава на еден „центар за комуникации" (во моментов верувам дека „опозицијата"веќе ќе биде во преговори за одење внатре во овие нелегитимни институции, но сеедно сакам да го оставам овој дел). Токму тоа и се институциите во нашата држава: „комуникациски точки". Не ја исполнуваат својата функција, зависат од мала група непрофесионални манипулатори и носат чудесно надреални одлуки, на кои и Дали би им завидел. Сите ние имаме должност да не им даваме легитимност на тие и такви институции. Иако надвор од умот би звучело легитимирање на таквите институции, во моментов „надвор од умот" звучи делигитимирањето на тие институции.

За да се реализира делигитмирањето на ваквите (не)институции мора да се почне отпочеток. Основното е во работата со синдикатите. Тие се социјалните збирни точки. Тие ги имаат комуникациските канали со целото население. Не е оправдување да се каже „ама ССМ е корумпиран“. Раководството на ССМ – не е ССМ, уште помалку членството на ССМ. Ниту е, пак, некаква релевантна инстанција за (конфедерацијата на) независните синдикати. Треба да се работи од човек на човек. Директно. Од синдикат на синдикат. Луѓето имаат вистински проблеми во секојдневното функционирање. Тука е клучот. Треба да се слуша. Треба да се работи. Е, сега, „многу работа е тоа“, ама нема друг начин, освен да се сработи. Меѓународната заедница, исто така, не е изговорот за „попуштање“. И меѓународната заедница молчи пред фактите. Понудата на еден ваков радикално спротивен концепт за општеството, наспроти сегашниот, меѓународната заедница не може да не поддржи. Во вакво осакатено Собрание, без трошка дигнитет и визија, не смее да се влезе. Тоа ќе значи влегување во „пропагандната машинерија“ и засекогаш загубен легитимитет и можност. Опстојување на концептот, кој е единствено реакција, а не акција. Ние во моментов сме единствено реакција, спикани во еден темен тунел, и тоа може да се „намириса“ на километар. Ние немаме сопствен живот, немаме сопствени приоритети, сопствена визија, ние сме само реакција. Лошо звучи, но е вистина. Немаме сопствена агенда.

Компромисот кој не смее да се премине е „техничка влада“. Техничката влада значи балансирање на односите внатре во државата, враќање на дел од легимитетот и вербата во институциите, како и можност за продолжување на договорот што го нарекуваме „наша држава“. Техничката влада ќе мора да спроведе попис пред изборите. Принципот на човековите права и тука помага. Без никаква калкулација треба да се спроведе попис. Да видиме кои сме, каде сме и каде (треба да) одиме. Без претпоставени резултати. Што е на терен, тоа е нашата држава и сите ќе мораме да ја прифатиме како таква. Пописот е суштински предуслов за нови избори на кои ќе се рефлектира волјата на луѓето што живеат тука. Реалност наместо пропаганда, или илузија. Без попис е само поддршка на излузијата за тоа каде

живееме, кој живее тука и што сакаат луѓето што живеат тука. Виртуелност што носи од една во друга илузија/заблуда.

Она што е суштинско за постигнување на оваа цел е и понудата за амнестија на сите што се дел од измамата што ја доживуваме сега. Тука ги подразбирам и оние што сите ние интимно ги доживеавме како „предавници“. Молчаливи. Соучесници според молчаливост. Се разбира, не може да има амнестија за оние што учествувале во криминални дејствија. Тие што сториле кривични дела за реализација на оваа голема измама, треба да одговараат, но треба да се понуди амнестија на сите што биле уценети (директно или индиректно) во окупацијата на нашето општество. Тоа се луѓе што немале избор, биле уценети со кредитите што ги имаат, децата што плачат, секојдневјето што притиска на сите можни начини и не профитирале од тоа, освен можеби со вработување/останување на работа или слични бенефиции, односно преживување. Амнестијата на овие луѓе е клучна во постигнувањето на поддршката, постигнување на баланс во односите и можност за поинакво гласање. Неутрализирање на уцените. Тие луѓе се жртви исто колку и агресори. Мора да се препознае таа точка на топење. Да се неутрализира чувството на загрозеност, односно на „губење на работата“.

Со отворањето на процесот „сите права на сите – веднаш“, ќе започне мобилизација на сите луѓе, а не се малку, кои како противници или молчаливи соучесници се во овој систем. Пресијата што ја искусуваме не можат дури и молчаливите соученсици да ја издржат долго. Таа на долг рок создава незадоволство, немање кондиција да се биде „политички коректен“ за работи за кои имаме различни видувања, почнува да притиска на дневно ниво, што раѓа уште поголема огорченост. Треба да се канализира таа огорченост со понуда за поинакво општество. Каде што не ќе морате да бидете секојдневно „политички коректни“ со малата група што немилосрдно ги „јава“сите други.

Понудата на овој концепт ќе ја разбуди фантазијата на сите различни. Под „различни“ тука не мислам само на она што е мој животен предизвик, сексуалните малцинства, туку

и на расните, етничките, социјалните, итн. Понудата на таква светлина на крајот од тунелот мора да заскокотка. Да даде идеја дека ПОИНАКОВ ДЕН е можен. Секој ден. МОЖНО Е! Понудата на такво кршење на стегите, во кои навидум уживаат – а, ги мразат сите, ќе донесе нова енергија за оставање зад себе на тој угнетувачки, непродуктивен концепт за сечиј живот.

Ваквиот пристап е услов за владеење на правото. Тој најпосакуван модел за сите инволвирани во општественото живеење. Сите знаеме што значи владеењето на правото, но не сите веруваме во можноста за такво уредување во македонското општество. Тоа треба да стане можност. Возможно.

Тој вид на активности и предлози ќе почне да работи и во групите што, навидум, не се многу засегнати, каква што е бизнис-заедницата. Понудата за еднаквост ќе значи еднаквост и на домашните бизнисмени со надворешните. Изедначување на странските со домашните инвестиции. Правна сигурност. Правната сигурност е услов за какви било инвестиции.

Оваа понуда, исто така, ќе има рефлексија и во меѓу-етничките односи внатре, како и во односите со соседите, како и со поширокиот регион и ЕУ. Македонија од „буре барут“ наеднаш ќе се промовира во „точка на топење“ во регионот. Ова ќе донесе една сосема нова перцепција на државата, ќе помогне да се вратат пријателите и ќе работи на враќање на имиџот на Македонија, кој е сосема изгубен и первертиран во моментов. Ќе донесе и една сосема нова позиција на нашата држава во преговорите околу разликите за името. Многу поповолна позиција. Таквото легитимирање на волјата за партиципативност во регионалните и во континенталните иницијативи, фокусирање на иднината, наспроти минатото, е есенцијата што ние мора да ја понудиме.

Ние сме за почитување, наспроти негирање!

Моќна порака!

Инаку, ја немаме научено основната лекција!


А СЕ
за повторно
освојување на
бодата

Џељо Хоџиќ

# ОПОЗИЦИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ

**Вовед во контекстот:** Во државата веќе подолго време не можеме да кажеме дека има демократија. Поделбата на трите власти е нарушена. Извршната власт ја има поклопено законодавната и судската власт. Државните институции се ставни во функција на одржувањето и на опстојувањето на Груевски и фамилијата. Преку 90% од медиумите се поклопени, тоа најдобро го видовме во нивното неизвестување за аферата „Македонска банка". Изборните процеси се фарса, затоа што во Македонија има повеќе избирачи, отколку што има граѓани во државата. Се „штанцаат" лични карти за нивните сигурни гласачи, кои потоа гласаат повеќе пати на различни места. Нема потреба од големо објаснување, по 24 декември никој нема право да зборува за демократија. Последните избори само го потврдија тоа, но и драго ми е дека дел од критичката јавност конечно сфати дека ниту странците ќе дојдат да се изборат за слободата наместо нас, а уште помалку може да се смета на ДУИ и на Ахмети. Мнозинството граѓани тврдат дека живеат полошо од 2006 година, а уште поголемо мнозинство очекуваат да биде уште полошо.

**Владата во сенка:** е првиот чекор на опозицијата што треба да понуди алтернатива. Членови на владата во сенка треба да бидат истакнати професионалци во своите области и да нудат решенија за проблемите во општетсвото. Лидија Димова за евроинтеграциите е пример за професионалец во својата област; фала Богу може да се најде професионалец за секој ресор. А, членови на владата во сенка треба да бидат и непартиски луѓе, а секако дека треба да се внимава и на мултиетничкиот карактер. Освен што ќе креира алтерантивни политики, владата во сенка ќе треба редовно да ги презентира пред граѓаните, во полни сали низ Македонија.

**Движење:** Опозицијата ќе мора да почне да организира и народно движење против ненародната власт. Движењето треба да има една цел: враќање на демократијата и на демократските вредности во општеството. Ова движење ќе мора да биде масовно, да биде мултиетничко и секојдневно активно низ цела Македонија. Не мора да се вика ОТПОР, ама мора да создаде отпор. Кога велам „активно", мислам да организира мали настани во секое населено место, а барем еднаш неделно да организира масовен настан. Активистите на движењето на малите настани ќе треба да мобилизираат нови членови во согласност со целта, а на граѓаните да им ја објаснуваат потребата од промени и решенијата на Владата во сенка. Додека, пак, на масовните настани ќе мора да се појавува целиот врв на движењето, со јасни идеи, алтернативни политики и насоки за граѓаните. Мултиетничкиот карактер на движењето е важен од повеќе причини. Поради масовноста, поради легитимитетот, поради мултиетничкиот карактер на државата. Има и уште една важна причина: Да се пресретнат новите измислени кавги меѓу ДПМНЕ и ДУИ, кои ќе бидат една од опциите за дефокусирање на граѓаните од вистинските проблеми, посебно по септемврискиот НАТО-самит и уште едниот неуспех. Со оглед дека ни се потребни 500.000 гласачи за јасно да покажаме дека Груевски ги краде изборите, потребно е да имаме 5.000 активисти, од цела Македонија, во движењето. Тоа значи дека ќе имаме барем еден активист што ќе може да се грижи за стоте гласачи во текот на целата

година, но и на денот на изборите. Барем 1.500 активисти треба да бидат од редот на Албанците, Турците, Ромите, Бошњаците, Власите и Србите. Ќе мора да се најде начин да се скрши триаголникот Грувески-Ахмети- Тачи, сосе таа неприродна ситуација во која повеќе од 90% од Албанците се против политиките на диктаторчето, а нивните политички преставници му се слуги. На чело на движењето треба да биде хоризонтално поставено координативно тело од педесет луѓе, па потоа пирамидално да се постават 500 „десетари“, кои лесно ќе можат да координираат 5.000 луѓе. Овие 5.000 луѓе по падот на Груевизмот ќе треба да ја преземат администрацијата.

**Барем 500.000 против Груевски и фамилијата:** Во Македонија нема да има слобода, економски просперитет, владеење на правото, подобра администрација, подобро здравство, подобро образование, подобра инфраструктура, инвестиции, ЕУ- и НАТО-интеграции додека се Груевски и фамилијата на власт. Значи нема друго, мора да се симне режимот по секоја цена, ако сакаме да имаме нормална држава. Политиката „подели, па владеј“ е нешто што режимот го одржува на власт. Етничката поделба, а богами сè повеќе и верската, е нешто што на опозицијата ѝ оневозможува да го ефектуира незадоволството од последиците од политиките на фамилијата на власт. Тоа важи и за класните поделби, знаеме дека му е лесно да ги купува сиромашните и да ги рекетира богатите. Истото важи и за идеолошките разлики, десничарите, оние од центарот, како и оние од радикалната левица некако не ја препознаа борбата на опозицијата предводена од СДСМ. Затоа движењето треба да создаде платформа што ќе може да собере барем 500.000 гласачи, чиј НЗС е рушењето на Груевски, без разлика на етничката, верската, класната или на идеолошката разлика. Убеден сум дека, ако успешно се постави таа платформа, а потоа успешно и прашањето: „Или Груевски и фамилијата или нормална Македонија?“ се издигне како „референдумско“, дека разликата меѓу нас и нив ќе биде огромна во наша корист, а Груевски, ако направи уште поочигледен фалсификат на некои следни избори, ќе може сосема оправдано да биде срушен од улица.

**Референдуми:** Дел од решенијата на владата во сенка би било добро да бидат ставани на референдум. Тоа ќе биде од повеќекратна корист за движењето. На референдумски прашања треба да се ставаат предлог-закони чие усвојување ќе значи голема придобивка за граѓаните. Закони од сферата на социјалната политика, работничките права, економијата, здравството, образованието... Противниците на оваа идеја имаат аргумент дека избирачкиот список не е исчистен и дека опозицијата нема да може да изнесе на референдум 50% од гласачкото тело, што е нешто над 900.000 гласачи. Сепак, овие референдумски прашања ќе го стават ДПМНЕ во дефанзивна позиција. Ќе мора јавно да застане против интересите на народот, ќе мора да повика на бојкот или да го крши по којзнае кој пат Уставот и да не дозволи нивно одржување, само затоа што тие парите си ги планираат за своите џебови. Ако ДПМНЕ, надвор од Уставот и од законот, одбива да спроведе референдум на барање на 150.000 граѓани, тогаш опозицијата ќе може да организира пробни референдуми надвор од институциите! Тие референдумски прашања ќе донесат дополнителен маневарски простор. Ќе донесат дополнителен потенцијал за омасовување на движењето. Ќе го стеснат просторот на ДУИ, ДПА, ГРОМ и на некаквaси лажна опозиција. Граѓаните ќе можат полесно да ја препознаат битката за нивните права. Нема да претставуваат легитимирање на институциите, туку обид да ѝ се врати власта на граѓаните. Ќе значат делегитимирање на власта и поголем притисок за прочистување на нереалниот избирачки список. Со ваквата иницијатива опозицијата многу брзо ќе застане на нозе и ќе почне да наметнува своја агенда на политичката сцена во Македонија.

**Социјалната правда** е една од темите што се нереално запоставени од опозицијата и која ќе мора да се наметнува многу погласно. Повеќе од една третина од населението живее под работ на сиромаштијата. Социјалците и другите сиромашни граѓани треба да го преживеат денот со или без 21 денар по член од семејство. Најлесно е да се каже дека тие луѓе на избори ги купуваат со по 500 денари, што е точно. Сепак,

треба да се покаже разбирање и да се најде начин тоа да се спречи. Движењето со 5.000 активисти ќе овозможи да бидете (или: да бидеме) блиску до нив преку целата година, па кога ќе дојде денот на гласање, кога ќе се стекне заемна доверба, ќе може да им се каже: „Земете ги парите, а зад параванот гласајте за нас, ние ќе ве чуваме". Ќе треба да им се објасни дека Македонија според Уставот е социјална држава и е должна да се грижи за нив. Иницијативата „8-ми Септември" достави свои предлог-мерки до Владата и до ЗЕЛС, со кои значително би се подобрил нивниот живот и достоинството. Мерки што се остварливи, а кои Буџетот би го чинеле дополнителни 120 милиона евра од она што сега се одвојува од него. Пари што, ако се скрати непродуктивното и расипничко трошење, не би требало да има проблем да се најдат.

**Работничките права** се уште една тема каде што опозицијата не успева да поентира, а сите случувања ѝ одат на рака. Со години со нови закони се скратуваат правата на вработените, како во реалниот сектор, така и во администрацијата. Големите синдикати се поклопени, а оние малите, независни, тешко успеаваат да опстојуваат, а уште потешко да дејствуваат. Работникот во Македонија ги има најмалите просечни и најмалите минимални плати во Европа. Подобри плати имаат дури и вработените во **БиХ, во Србија и во Албанија**. Да не зборувам за Романија и за Бугарија, кои од оваа гледна точка изгледаат недостижно. Затоа движењето треба да биде поддршка и за работниците, а со тоа да го делегитимира ССМ. Следниот Први Мај да извадиме 50.000 работници на улица, а за тоа да почнеме да работиме веќе од денес.

**Делегитимирањето на институциите** е нешто што опозицијата треба да го направи без око да ѝ трепне. Собранието, министерствата, судството, државната, а, сепак, партиска МРТВ, и сѐ останато, работи за одржување и опстојување на власта на фамилијата. Сепак, со нив раководат некаквиси луѓе, кои редовно нанесуваат неправди. Редно време е да го отвориме тој црн тефтер и со име и презиме да ги запишуваме оние што нанесуваат неправди во име

на фамилијата. Затоа, треба да се промовира концептот на протести кај нив дома. Ако министерот за здравство не сака да обезбеди два милиони евра за луѓето со ретки болести, мислам дека е редно следниот протест да биде пред неговата куќа. Ако Груевски не сака да одвои осум милиона евра за стечајните работници, нема друго, одиме кај него дома и му ги оставаме сметките за струја и вода. Некој директор таму се чатали, одиме и кај него дома. И за ова ќе служи тоа движење, а ќе им набиеме темпо што тие нема да можат да го следат со своите контрапротестанти.

**Улица:** Ако веќе тврдиме дека ни ги украле изборите, а ги украле, тогаш треба да сме на улица. Ако го бојкотираме нелегитимното Собрание, тогаш мора да сме на улица. Ако нема демократија, а нема, тогаш мора да сме на улица. Ако нема социјална правда, нема работнички права, нема здравство, нема образование... тогаш ни нема друго, мора да сме на улица! Не плашете се од слабата посетеност, тоа мора да почне од негде и да трае континуирано. Ако е добро организирано, ќе даде резултати.

**Конфискација:** Јас битката нема да ја сметам за добиена оној ден кога ќе падне овој режим. Тие оваа држава ќе ја остават со една милијарда евра долг, кој на државата ќе ѝ биде проблем да го сервисира. Тие ќе ја остават државата без никаква инфраструктура, со нефункционален здравствен систем, каде што низ ходниците по болниците умираат луѓе, тие државата ќе ја остават со удвоена администрација. Според еден релевантен извештај од 2006 година, до 2010 година од Македонија се изнесени околу три милијарди долари црни пари. Претпоставувам дека бројката денес е поголема од шест милијарди долари, затоа што од година в година, според извештајот, се изнесуваа повеќе пари. Не знам како ќе можат да се враќаат тие пари назад, ама барем она што ги чуваат во Македонија ќе мора да им биде одземено. Во спротивно, ќе ни се вратат за брзо време, а и да не се враќаат – државата ќе доживее колапс од што исцицаа сè што можеа.

# ШТО ДА СЕ ПРАВИ

Зборник на текстови од отворената трибина на политичкото пријателство посветена на изнаоѓање на стратегии за повторното освојување на слободата, граѓанските права и уставната демократија „ШТО ДА СЕ ПРАВИ", одржана на 03 јули 2014 година во Скопје